|---|---|---|---|---|---|---|---|
| час | | час | Прва смена | Втора смена | час | Прва смена | Втора смена |
| 1 | 08:00 - 08:40 | 1 | 07:30 - 08:10 | 13:00 - 13:40 | 1 | 07:30 - 08:10 | 12:30 - 13:10 |
| 2 | 08:45 -09:25 | 2 | 08:15 -08:55 | 13:45 -14:25 | 2 | 08:15 -08:55 | 13:15 -13:55 |
| голем одмор | 09:25 - 09:40 | голем одмор | 08:55 - 09:10 | 14:25 - 14:40 | голем одмор | 08:55 - 09:15 | 13:55 - 14:15 |
| 3 | 09:40 -10:20 | 3 | 09:10 -09:50 | 14:40 -15:20 | 3 | 09:15 -09:55 | 14:15 -14:55 |
| 4 | 10:25 - 11:05 | 4 | 09:55 - 10:35 | 15:25 - 16:05 | 4 | 10:00 - 10:40 | 15:00 - 15:40 |
| 5 | 11:10 - 11:50 | 5 | 10:40 - 11:20 | 16:10 - 16:50 | 5 | 10:45 - 11:25 | 15:45 - 16:25 |
| 6 | 11:55 - 12:35 | 6 | 11:25 - 12:05 | 16:55 - 17:35 | 6 | 11:30 - 12:10 | 16:30 - 17:10 |
| | | 7 | 12:10 - 12:50 | 17:40 - 18:20 | 7 | 12:15 - 12:55 | 17:15 - 17:55 |

**8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата**

Воспитно образовната дејност во училиштето се реализира на македонски наставен јазик.

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 38 | | | | |
| Број на ученици | 945 | | | | |
| Број на наставници | 66 | | | | |

**8.5. Проширена програма**

Согласно Законот за основно образование чл.40, училиштето организира проширена програма. За потребата од проширена програма спроведена е анкета за родителите. Врз основа на спроведената анкета родителите се изјаснија дека немаат потреба од згрижување на учениците од I-III одделение со започнување на еден час пред и еден час по завршување на редованата настава, што најверојатно се должи на тоа што во училиштето учениците посетуваат продолжен престој. Продололжениот престој се организира за ученици од I-III одд. со претходно барање од страна на родителите и добиена согласност од страна на Министерството или основачот. Наставници во продолжен престој се:

| Продолжен престој | | |
|---|---|---|
| **Наставници во прво одд.** | **Наставници во второ одд.** | **Наставници во трето одд.** |
| Надица Поповска<br>Анета Кирковска<br>Драгица Неделковска | Донка Дерковска<br>Лидија Илијовска<br>Сузана Спировска<br>Зоран Костадинов | Викторија Несторовска<br>Ленка Мирческа<br>Мирјана Велковска |

**Годишен извештај за работа на продолжен престој 2025/2026 год.**

- Прифаќање и згрижување на децата од 12 до 17 часот.
- Топол оброк од 12 до 14 часот.
- Насочени активности од 12 до 15:30 часот.
- Слободни ученички активности од 15:30 до 17 часот.

Учебната 2025/2026 година заврши успешно според планираното, во одлична соработка со родителите, одделенските наставници, стручната служба и директорот.

## 8.6. Комбинирани паралелки

- немаме комбинирани паралелки.

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Странски јазици кои што се изучуваат во нашето училиште се англиски јазик (во 38 паралелки) и германски јазик (во 17 паралелки).

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

| р.бр. | Тандем наставник по физичко образование | Одделение |
|---|---|---|
| 1. | Елена Трајковска | I а,б,в,г,д II г IIIб |
| 2. | Ирена Рикаловска | II а,б,в |
| 3. | Јасмина Радулова | V а,б,в,г,д |
| 4. | Борче Стојанов | III а,в,г IV а,б,в,г |

## 8.9. Изборна настава

Преку изборната настава на учениците им се дава можност да ги прошируват и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Оваа настава е задолжителна, а ја следат ученици кои се изјаснија по претходно направена анкета. Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети. Во училиштето се организираше изборна настава по следните предмети во следните одделенија:

| **Наставник** | **Предмет** | **Одделение** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Елена Трајковска | Народни танци и ора | VI а, б | | | |
| Марко Јачев | Проекти од ликовна уметност | | | | IX в,г |
| Даница С. Настевска | Народни танци и ора | | | | IX а,б |
| Мирјана Лебамова | Решавање конфликти | IV а,б,в,г | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Имам право | | | | |
| Даниел Божиновски | Планинарење | | | VIII а,б,в,г | |
| Лидија Петковска | Жените низ историјата | VI а | | | |
| | Развивање интерперсонални вештини | VI а, б,в,г,д | | | |
| Катерина Кузмановска | Жените низ историјата | VI б,в,г,д | | | |
| Лилјана Николиќ | Готвење за 7мо одделение<br>Нашата татковина | | VII а,б | | |
| Христина Стојановска Ѓуров | Нашата татковина<br>Готвење за 7мо одделение | | VII в,г | | |
| | Биогеографија | | | VIIIа,б,в,г | |

**Општествено-хуманитарна работа**

Општествено-хуманитарната работа претставува значајна воспитно-образовна активност која им овозможува на учениците активно да се вклучат во животот на училиштето и локалната заедница, преку учество во активности од општествен, хуманитарен, еколошки, културен и солидарен карактер. Со нејзината реализација се поттикнува развојот на личната и општествената одговорност, емпатијата, хуманоста, меѓусебното почитување, тимската работа и активното граѓанство.

Во текот на реализацијата на општествено-хуманитарната работа учениците имаа можност своите знаења и вештини да ги применат во реални ситуации, да преземат иницијатива, да соработуваат со врсниците, наставниците и пошироката заедница и да придонесат кон подобрување на училишната и општествената средина.
**Оваа година во училиштето се реализираа по работни часа, односно 36 наставни часа во второто полугодие со групи на ученици од 7мо одделение.** Учениците по спроведена анкета за нивните интереси и можности беа распределени во три тематски групи и заедно со својот ментор ја испланираа и реализираа прокетната активност.

**Распределба на наставен кадар**

| | |
|---|---|
| Емилија Наумовски<br>Наставник по англиски јазик | Екологија |
| Марина Н. Ристова<br>Наставник по англиски јазик | Меѓуврсничко подучување (Туторство) |
| Наташа Лосковска<br>Наставник по англиски јазик | Помош на постари лица од соседството и семејството |
| Ирена Стефанова<br>Наставник по математика | Помош на постари лица од соседството и семејството |
| Љубица Поп Тошева Крстева<br>Наставник по природни науки | Еко патрола |
| Лидија Блажевска<br>Наставник по природни науки и биологија | Еко патрола |

## 8.10. Дополнителна настава

Според Законот за изменување и дополнување на Законот за Основно образование, дополнителна настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, како и подолго оправдано отсуство.

Истакнат е распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет на видно место во училиштето и истиот е доставен до ДПИ.

Според Законот за Основно образование дополнителната настава се организира најмногу по два наставни предмети во еден месец со најмногу 4 наставни часови по наставен предмет. За непосетување на часовите учениците добиваат неоправдан изостанок. Во одделенска настава дополнителната настава редовно се реализира по еден час неделно, а предметите по кој се изведува се предвидени во програмата за работа по дополнителна и додатна настава.

Потребата од организирање на ваков вид на настава се одредува откако е воочено дека некои ученици и покрај преземените мерки преку индивидуален пристап,не се во состојба поради своите интелектуални способности и други причини да го следат ритамот и динамиката на редовната настава.

Во текот на учебната 2025/2026 година согласно со Законот за основно образование и наставните планови и програми реализирани се часови за дополнителна настава.

**Реализација на дополнителна настава**

**♦ Одделенска настава:**

| **Наставник** | **бр. на часови во дополнителна настава** | **Предмет** |
|---|---|---|
| Илинка Димовска I а | 9 | Македонски јазик |
| Илинка Димовска I а | 14 | Математика |
| Илинка Димовска I а | 3 | Природни науки |
| Илинка Димовска I а | 9 | Општество |
| Илинка Димовска I а | 1 | Ликовно |
| Викторија Г.Младеноска I б | 10 | Македонски јазик |
| Викторија Г.Младеноска I б | 8 | Математика |
| Викторија Г.Младеноска I б | 15 | природни науки |
| Викторија Г.Младеноска I б | 2 | Општество |
| Викторија Г.Младеноска I б | 1 | Ликовно |
| Катерина Т.Ѓуровска I в | 15 | македонски јазик |
| Катерина Т.Ѓуровска I в | 10 | математика |
| Катерина Т.Ѓуровска I в | 9 | општество |
| Катерина Т.Ѓуровска I в | 1 | Природни науки |
| Катерина Т.Ѓуровска I в | 1 | Ликовно |
| Елизабета Митревска I г | 10 | Македонски јазик |
| Елизабета Митревска I г | 13 | Математика |
| Елизабета Митревска I г | 6 | Општество |
| Елизабета Митревска I г | 4 | Природни науки |
| Елизабета Митревска I г | **3** | Ликовно |
| Весна Бошковска II а | 4 | Општество |
| Весна Бошковска II а | 5 | Природни науки |
| Весна Бошковска II а | 13 | Македонски јазик |
| Весна Бошковска II а | 14 | Математика |
| Павлинка Мијалова II б | 3 | Општество |
| Павлинка Мијалова II б | 13 | Македонски јазик |
| Павлинка Мијалова II б | 14 | Математика |
| Павлинка Мијалова II б | 5 | Природни науки |
| Павлинка Мијалова II б | 1 | Ликовно |
| Ирена Шехтанска II в | 21 | Македонски јазик |
| Ирена Шехтанска II в | 9 | Математика |
| Ирена Шехтанска II в | 1 | Општество |
| Ирена Шехтанска II в | 2 | Природни науки |
| Ирена Шехтанска II в | 3 | Ликовна уметност |

| | | |
|---|---|---|
| Билјана Мицковска II г | 3 | Природни науки |
| Билјана Мицковска II г | 14 | Македонски јазик |
| Билјана Мицковска II г | 15 | Математика |
| Билјана Мицковска II г | 1 | Општество |
| Билјана Мицковска II г | 3 | Ликовно |
| Емилија Стефановска III а | 17 | Македонски јазик |
| Емилија Стефановска III а | 14 | Математика |
| Емилија Стефановска III а | 2 | Природни науки |
| Емилија Стефановска III а | 1 | Општество |
| Васа Трајчевска III б | 1 | Природни науки |
| Васа Трајчевска III б | 20 | Македонски јазик |
| Васа Трајчевска III б | 22 | Математика |
| Марина Атанасовска III в | 2 | Природни науки |
| Марина Атанасовска III в | 18 | Македонски јазик |
| Марина Атанасовска III в | 19 | Математика |
| Марина Атанасовска III в | 1 | Ликовно |
| Марина Атанасовска III в | 1 | Општество |
| Маја Арсовска III г | 3 | Природни науки |
| Маја Арсовска III г | 18 | Македонски јазик |
| Маја Арсовска III г | 16 | Математика |
| Елеонора Лазаров IV а | 11 | Македонски јазик |
| Елеонора Лазаров IV а | 15 | Математика |
| Елеонора Лазаров IV а | 1 | Природни науки |
| Елеонора Лазаров IV а | 3 | Историја и општество |
| Гордана Стојковска IV б | 11 | Македонски јазик |
| Гордана Стојковска IV б | 21 | Математика |
| Гордана Стојковска IV б | 6 | Природни науки |
| Гордана Стојковска IV б | 4 | Историја и општество |
| Елена Бендевска IV в | 19 | Математика |
| Елена Бендевска IV в | 9 | Македонски јазик |
| Елена Бендевска IV в | 4 | Природни науки |
| Елена Бендевска IV в | 4 | Историја и општество |
| Бетка Спасовска IV г | 8 | Македонски јазик |
| Бетка Спасовска IV г | 16 | Математика |
| Бетка Спасовска IV г | 3 | Природни науки |
| Бетка Спасовска IV г | 2 | Историја и општество |
| Бетка Спасовска IV г | 2 | Ликовно |
| Дафина Георгиевска V а | 29 | Математика |
| Дафина Георгиевска V а | 2 | Македонски јазик |
| Дафина Георгиевска V а | 1 | Музичко образов. |
| Дафина Георгиевска V а | 1 | Историја и општество |
| Дафина Георгиевска V а | 1 | Ликовно |
| Анета Буковалова V б | 28 | Математика. |
| Анета Буковалова V б | 4 | Македонски јазик |
| Анета Буковалова V б | 1 | Историја и општество |
| Анета Буковалова V б | 1 | Музичко |
| Даниела Јовановска V в | 21 | Математика |
| Даниела Јовановска V в | 3 | Историја и општ. |
| Даниела Јовановска V в | 3 | Македонски јазик |
| Даниела Јовановска V в | 1 | ФЗО |
| Даниела Долевска V г | 6 | Македонски јазик |
| Даниела Долевска V г | 27 | Математика |

| | | |
|---|---|---|
| Даниела Долевска V г | 2 | Историја и општество |
| Марина Анастасијевска V д | 1 | Историја и општ. |
| Марина Анастасијевска V д | 21 | Математика |
| Марина Анастасијевска V д | 3 | Македонски јазик |
| Марина Анастасијевска V д | 1 | ФЗО |
| **Вкупно:** | **739** | / |

- Во одделенска настава реализирани се вкупно **739** часа дополнителна настава во од учебната **2025/2026** година.

  **Забелешка:** Според новата концепција за основно образовнание часовите за додатна и доплонителна настава се во склоп на таканаречените други активности кои се одржуваат во текот на редовната настава и петчасовниот престој на учениците во училиште. Тие се осмислени како други активности кои се запишуваат како часови во Едневник на стр.104 во „Евиденција за вон наставни активности и ученички натпревари

**♦ Предметна настава**

| **Наставник** | **Предмет** | **Реализирани часови во дополнителна настава** |
|---|---|---|
| Снежана Цоневска | Македонски јазик | 34 |
| Антониета Ѓорѓиевска | Македонски јазик | 72 |
| Александра Ѓуровска | Македонски јазик | 36 |
| Катерина Манев | Германски јазик | 39 |
| Кристина Т. Бујуковска | Германски јазик | 38 |
| Емилија Наумовски | Англиски јазик | 52 |
| Марина Николовска-Ристова | Англиски јазик | 40 |
| Наташа Лосковска | Англиски јазик | 38 |
| Маја Михаиловска | Англиски јазик | 42 |
| Ирена Наумовска | Англиски јазик | 36 |
| Лидија Петковска | Историја и општество | 36 |
| Катерина Кузмановска | Историја | 36 |
| Даница Настевска | Музичко обрзование | 18 |
| Марко Јачев | Ликовно | 18 |
| Даниел Божиновски | Граѓанско образование /историја | 36 |
| Елена Трајковска | ФЗО | 36 |
| Ирена Рикалоска | ФЗО | 37 |
| Сашка Младеновска | Хемија | 36 |
| Валентина М.Кенкова | Физика | 34 |
| Снежана М.Мустачка | ФЗО | 36 |
| Мимоза Митиќ | Математика | 52 |
| Љубица Поп Тошева Костоска | Биологија<br>Природни науки | 18<br>36 |
| Лидија Блажевска | Природни науки<br>биологија | 31<br>16 |
| Лилјана Николиќ | Географија | 26 |
| Ирена Стефанова | Математика | 38 |
| Александра Б. Спасовска | Математика | 38 |
| Николче Зиков | ФЗО | 37+36 |
| Соња Богатиновска | Техничко образование | 16 |
| Соња Богатиновска | Информатика | 16 |
| Соња Богатиновска | Иновации | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| Мирјана Лебамова | Етика | 18 |
| Христина Стојановска Ѓуров | Географија | 36 |
| Борислав Стојанов | ФЗО | 28 |
| Јасмина Радулова | ФЗО | 36 |
| Виолета Велјановска | Биологија | 17 |

- Во предметна настава реализирани се вкупно **1257** часа во дополнителна настава во учебната **2025/2026** година.

- На ниво на цело училиште, вкупно во одделенска и предметна настава во текот на учебната **2025/2026** година реализирани се вкупно **1996** часа во **дополнителна настава.**

Одговорни наставници за дополнителна настава
**Ирена Наумовска и Катерина Кузмановска**

## 8.11. Додатна настава

Според Законот за Основно образование, додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици - учениците кои можат да совладаат поголем обем и повисоко ниво од предвидените воспитно – образовни содржини).

Додатната настава се организира за ученици од второ до деветто одделение. Идентификувањето на надарените ученици се прави по пат на систематско следење, испитување на развојните способности, постигањата и потребите. Идентификација на учениците ја вршат одделенските и предметните наставници во координација со училишниот педагог.

Во одделенска и предметна настава, додатната настава редовно се реализира, а предметите по кој се изведува се предвидени во програмата за работа по дополнителна и додатна настава. Од работата на додатната настава произлегува и учеството на талентираните ученици на разни натпревари во општината, градот и републиката со што училиштето на крајот на секоја наставна година е побогато со нови признанија, пофалници и медаљи.

Во текот на учебната 2025/2026 година согласно со Законот за основно образование и наставните планови и програми реализирани се часови за додатна и дополнителна настава. Распоред за додатна и дополнителна настава за секој наставен предмет е истакната на видно место во училиштето и истиот е доставен до ДПИ.

**Реализација на додатна настава**
**Одделенска настава:**

| **Наставник** | **бр. на часови во додатна настава** | **Предмет** |
|---|---|---|
| Илинка Димовска I а | 13 | Македонски јазик |
| Илинка Димовска I а | 8 | Математика |
| Илинка Димовска I а | 11 | Природни науки |
| Илинка Димовска I а | 2 | Општество |
| Викторија Г.Младеноска I б | 5 | Македонски јазик |
| Викторија Г.Младеноска I б | 11 | Математика |
| Викторија Г.Младеноска I б | 4 | природни науки |
| Викторија Г.Младеноска I б | 11 | Општество |
| Катерина Т.Ѓуровска I в | 10 | македонски јазик |

| | | |
|---|---|---|
| Катерина Т.Ѓуровска I в | 9 | математика |
| Катерина Т.Ѓуровска I в | 2 | општество |
| Катерина Т.Ѓуровска I в | 11 | Природни науки |
| Елизабета Митревска I г | 8 | Македонски јазик |
| Елизабета Митревска I г | 7 | Математика |
| Елизабета Митревска I г | 5 | Општество |
| Елизабета Митревска I г | 9 | Природни науки |
| Весна Бошковска II а | 3<br>3<br>4<br>1 | Општество<br>Музичко<br>Ликовно<br>ФЗО |
| Весна Бошковска II а | 4 | Природни науки |
| Весна Бошковска II а | 5 | Македонски јазик |
| Весна Бошковска II а | 5 | Математика |
| Павлинка Мијалова II б | 3 | Општество |
| Павлинка Мијалова II б | 13 | Македонски јазик |
| Павлинка Мијалова II б | 10 | Математика |
| Павлинка Мијалова II б | 8<br>2 | Природни науки<br>Ликовно |
| Ирена Шехтанска II в | 9 | Македонски јазик |
| Ирена Шехтанска II в | 6 | Математика |
| Ирена Шехтанска II в | 2 | Општество |
| Ирена Шехтанска II в | 7 | Природни науки |
| Ирена Шехтанска II в | 2 | Ликовна уметност |
| Билјана Мицковска II г | 3 | Природни науки |
| Билјана Мицковска II г | 13 | Македонски јазик |
| Билјана Мицковска II г | 8 | Математика |
| Билјана Мицковска II г | 3<br>1 | Општество<br>Музичко |
| Емилија Стефановска III а | 18 | Македонски јазик |
| Емилија Стефановска III а | 11<br>2 | Математика<br>Општество |
| Емилија Стефановска III а | 4<br>1 | Природни науки<br>Музичко |
| Васа Трајчевска III б | 2 | Природни науки |
| Васа Трајчевска III б | 21 | Македонски јазик |
| Васа Трајчевска III б | 13<br>2 | Математика<br>Општествво |
| Марина Атанасовска III в | 3<br>1 | Природни науки<br>Општество |
| Марина Атанасовска III в | 14 | Македонски јазик |
| Марина Атанасовска III в | 17<br>1 | Математика<br>Ликовно |
| Маја Арсовска III г | 3<br>1 | Природни науки<br>Општество |
| Маја Арсовска III г | 16 | Македонски јазик |
| Маја Арсовска III г | 13 | Математика |
| Елеонора Лазаров IV а | 9 | Македонски јазик |
| Елеонора Лазаров IV а | 14 | Математика |
| Елеонора Лазаров IV а | 1<br>3 | Природни науки<br>Општество |
| Гордана Стојковска IV б | 7 | Македонски јазик |

| | | |
|---|---|---|
| Гордана Стојковска IV б | 9 | Математика |
| Гордана Стојковска IV б | 8<br>2<br>5<br>4 | Природни науки<br>Ликовно<br>Одделенски час<br>Музичко |
| Елена Бендевска IV в | 7 | Математика |
| Елена Бендевска IV в | 5 | Македонски јазик |
| Елена Бендевска IV в | 12<br>5<br>1 | Природни науки<br>Општество<br>Работа со компјутери |
| Бетка Спасовска IV г | 7<br>2<br>1 | Македонски јазик<br>Ликовно<br>Музичко |
| Бетка Спасовска IV г | 6 | Математика |
| Бетка Спасовска IV г | 8<br>4 | Природни науки<br>Општество |
| Дафина Георгиевска V а | 13 | Математика |
| Дафина Георгиевска V а | 3 | Македонски јазик |
| Дафина Георгиевска V а | 2 | Музичко образов. |
| Дафина Георгиевска V а | 2 | Ликовно |
| Дафина Георгиевска V а | 5<br>1<br>2 | Историја и општ<br>ФЗО<br>СИП |
| Анета Буковалова V б | 7 | Математика. |
| Анета Буковалова V б | 22 | Македонски јазик |
| Анета Буковалова V б | 2 | СИП1 |
| Анета Буковалова V б | 2 | Ликовно |
| Анета Буковалова V б | 8 | Историја и општ. |
| Даниела Јовановска V в | / | Математика |
| Даниела Јовановска V в | 2 | Ликовно |
| Даниела Јовановска V в | 20 | Македонски |
| Даниела Јовановска V в | 10 | Музичко |
| Даниела Долевска V г | 4 | Македонски јазик |
| Даниела Долевска V г | 20 | Математика |
| Даниела Долевска V г | 2 | СИП |
| Даниела Долевска V г | 2 | Ликовно |
| Даниела Долевска V г | 6 | Историја и општ. |
| Марина Анастасијевска V д | 12 | Историја и општ. |
| Марина Анастасијевска V д | / | Математика |
| Марина Анастасијевска V д | 18 | Македонски |
| Марина Анастасијевска V д | 2 | Ликовно |
| Марина Анастасијевска V д | 2 | СИП |
| **Вкупно:** | **677** | / |

- Во одделенска настава реализирани се вкупно **677** часа додатна настава во учебната **2025/2026** година.

**Забелешка:** Според новата концепција за основно образовнание часовите за додатна настава се во склоп на таканаречените други активности кои се одржуваат во текот на редовната настава и петчасовниот престој на учениците во училиште.

## Предметна настава

| Име и презиме на наставникот | Предмет | Одделение | Додатна настава |
|---|---|---|---|
| Ирена Рикалоска | Физичко и здравствено образование | 7 | 38 |
| Николче Зиков | Физичко и здравствено образование | 6 | 37 |
| | | 8 | 36 |
| Снежана М.Мустачка | Физичко и здравствено образование | 9 | 36 |
| Јасмина Радулова | Физичко и здравствено образование | 6 | 36 |
| Ирена Стефанова | Математика | 6 | 9 |
| | | 7 | 29 |
| Сашка Младеновска | Хемија | 7 | 12 |
| | | 8 | 12 |
| | | 9 | 12 |
| Мимоза Митиќ | Математика | 6 | 21 |
| | | 8 | 30 |
| Валентина М.Кенкова | Физика | 7,8,9 | 34 |
| Христина Стојановска Ѓуров | Географија | 6 | 18 |
| | | 7 | 18 |
| Соња Богатиноска | Техничко образование | 6 | 16 |
| | Информатика | 7 | 16 |
| Лидија Блажеска | Природни науки | 5 | 13 |
| | | 6 | 17 |
| | Биологија | 7 | 25 |
| Александра Б. Спасовска | Математика | 6 | 9 |
| | | 9 | 29 |
| Лилјана Николиќ | Географија | 8 | 13 |
| | | 9 | 13 |
| Елена Трајковска | Физичко и здравствено образование | 1 | 16 |
| | | 2 | 10 |
| | | 3 | 10 |
| Љубица Поп-Тошева Костоска | Природни науки | 5 | 17 |
| | Биологија | 7 | 3 |
| | | 8 | 12 |
| | | 9 | 8 |
| Виолета Велјановска | Биологија | 7 | 6 |
| | | 8 | 6 |
| | | 9 | 6 |

| Наставник | Бр. на часови во додатна настава | Предмет |
|---|---|---|
| Снежана Цоневска | 45 | Македонски јазик |
| Антониета Ѓорѓиевска | 72 | Македонски јазик |
| Александра Ѓуровска | 36 | Македонски јазик |

| | | |
|---|---|---|
| Катерина Манев | 36 | Германски јазик |
| Христина Т. Бујуковска | 36 | Германски јазик |
| Емилија Наумовски | 45 | Англиски јазик |
| Марина Николовска-Ристова | 49 | Англиски јазик |
| Наташа Лосковска | 36 | Англиски јазик |
| Маја Михаиловска | 42 | Англиски јазик |
| Ирена Наумовска | 40 | Англиски јазик |
| Лидија Петковска | 36 | Историја и општество |
| Катерина Кузмановска | 36 | Историја |
| Даница Настевска | 18 | Музичко обрзование |
| Даниел Боѓиновски | 36 | Граѓанско обр. |
| Марко Јачев | 18 | Ликовно обр. |
| Мирјана Лебамова | 18 | Иновации |
| Вкупен број на одржани часови | **1240** | Предметна настава |

- Во предметна настава реализирани се вкупно **1240** часа во додатна настава во учебната **2025/2026** година.

- На ниво на цело училиште, вкупно во одделенска и предметна настава во текот на учебната **2025/2026** година реализирани се вкупно **1917** часа во **додатна настава.**

**Одговорни наставници за додатна настава**
**Емилија Наумовски и Наташа Лосковска**

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

За надарени и талентирани ученици по потреба се изработува индивидуална програма за работа во која се вклучени предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Наставниците со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, изработуваат диференцирани наставни планови кои содржат различни наставни предмети, различен број на часови и други активности кои се одредуваат во зависност од видот на надареноста и возраста на ученикот.

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби / попреченост

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува препорака од МКФ (наод и мислење за видот и степенот на попреченост) од релевантни институции.
Училишниот инклузивниот тим согласно програмата за работа, врши процена на моменталното ниво на знаења и функционални способности на ученикот со посебни образовни потреби, креира педагошки профил на ученикот во соработка со родителот. За учениците со попреченост се изготвува: диференциран пристап (во договор со родителот доколку има потреба- не е задошжително, индивидуален образовен план долгорочен, среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план или модифицирана наставна програма кој е во согласност со нивните можности, способности и интереси, врз основа на добиени препораки од релевантна институција.
Инклузивниот тим дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со попреченост по потреба во текот на учебната година врши ревизија/евалуација на степенот на постигањата на

целите предвидени со ИОП-от и МНП, а на барање на родителите и почесто, и по потреба врши дополнување и нивна корекција.

| Членови на училишен инклузивен тим | Велика Миленковска - дефектолог<br>доц. д-р Горанчо Јакимов - директор/член<br>Ивана Велевска- психолог/ член<br>Ирена Шехтанска - одд. наставник/ член<br>Марина Н. Ристова - предметен наставник/ член<br>Дарко Трајковски - родител/член<br>Катарина Кујовиќ - родител/ член |
|---|---|

Членовите на инклузивниот тим за ученикот се состои од претставник на УИТ, одделенски/ класен раководител и ИТУ- сите наставници кои предаваат на инклузираниот ученик. Нашето училиште изготвува програми за ученици со попреченост, со телесна инвалидност, ученици со нарушување во однесувањето, со емоционални проблеми, со специфични тешкотии во учењето, ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни и/или јазични депривирани средини и други програми кои ќе го олеснат воспитно образовниот процес.

| Извештај за работа на училишен инклузивен тим | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини/активности** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Креирање на политика за работа со ученици со попреченост | Формирање на тим за инклузија на учениците со попреченост -ИТУ<br>Изготвување на годишна програма за работа на тимот за инклузија<br>Избор на стратегии за успешна едукација и социјализација на учениците со попреченост | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Јуни/јули | Успешна реализација на планираните активности |
| Евиденција на учениците со попреченост | Запознавање на УИТ со учениците на кои им е потребна дополнителна помош и поддршка<br>Разгледување на мислењата и наодите од Завод за ментално здравје) и МКФ | Стручни соработници<br>Одд. наставници | Септември | Преглед и евиденција на учениците и видот на попреченост<br>Изготвена база на податоци за ученици со попреченост |
| Идентификација и превенција на специфичните пречки во развојот на учениците | Примена на инструменти за опсервација и дијагностика | Стручни соработници<br>Наставници | Континуирано | Навремено откривање на потешкотиите во образовниот процес кај учениците<br>Надминување на пречките кај учениците со попреченост и нивна успешна инклузија во образовниот систем |
| Индивидуализирање и прилагодување на наставните содржини | Изработка на индивидуални образовни планови (долгорочни, | Стручни соработници<br>Наставници | Октомври | Успешна реализација на наставната програма со сите ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| согласно способностите на учениците<br>Градење на стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето | среднорочни, краткорочни) за работа со учениците со попреченост<br>Примена на диференциран пристап во работата<br>Модифицирана наставна програма | Родители<br>ИТУ | | Повисоки постигања на учениците |
| Непосредна работа на дефектологот со учениците со попреченост | Вежби за поттикнување на психомоторниот развој<br>Помош при совладување на одредени наставни содржини преку диференцирен пристап | Дефектолог | Континуирано | Реализација на поставените цели во индивидуалниот образовен план<br>Подобрено функционирање на учениците и успешно извршување на активностите од секојдневниот живот |
| Поттикнување на социјалниот и емоционалниот развој на учениците со посебни образовни потреби, како и мотивација на ученикот за понатамошна работа и напредок. | Разговори со учениците на одд.часови<br>Разговори со родителите на индивидуални средби | Стручни соработници<br>Родители<br>Наставници<br>ИТУ | Континуирано | Стабилни социјални компетенции, усвоени социјални знаења и развиени социјални вештини<br>Развиено чувство на самодоверба и самопочитување кај учениците со попреченост<br>Активно и успешно учество на учениците со попреченост во социјалниот живот<br>Развивени позитивни ставови кај учениците кон учениците со посебни образовни потреби |
| Изготвување на индивидуални планови за поддршка на учениците со потешкотии во учењето | Работилници со наставници за изготвување на индивидуални планови за поддршка на учениците со потешкотии во учењето | Стручни соработници<br>Наставници<br>ИТУ | Континуирано | Развиени компетенции кај наставниците за изготвување на индивидуални планови за поддршка на учениците со потешкотии во учењето согласно нивните предзнаења и способности |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со ПОП и потешкотии во учењето после секој квалификационен период | Ревизија и дополнување на среднорочните/тематски индивидуални образовни планови<br>Користење на инструменти за следење и вреднување | Наставници<br>Стручни соработници<br>ИТУ | Ноември | Извршена проценка на ефектите од примена на принципот на индивидуализација и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | процес со учениците со попреченост |
| Професионална ориентација на учениците со попреченостод деветто одделение | Советување и разговор со родители<br>Разговор и советување на ученикот со попреченостпопреченостпопреченост | Стручни соработници | Мај | Информирани ученици и родители за видот на професии/занимања<br>Правилен избор на занимање (запишување во средно училиште) |
| Јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот<br>Помош на наставниците при избор и употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа | Спроведување на интерни обуки за наставниците за работа со ученици со попреченост | Дефектолог | Во тек на годината | Зајакнати компетенции на наставниците за работа со ученици со попреченост |
| Унапредување на инклузивната култура и пракса во училиштето | Следење на степенот на инклузираноста на учениците со попреченост во наставно-образовниот процес<br>Посета на часови во паралелки каде има вклучено ученици со попреченост<br>Анализа на вклученоста на учениците со попреченост во вонналставните активности<br>Примена на методи-врсничка асистенција<br>Опсервација и разговор со наставници, родители и ученици | Стручни соработници<br>Наставници<br>ИТУ | | Развиена свест за потребите на учениците со попреченост, позитивна атмосфера и толеранција<br>Подобрување на социјализацијата на учениците со попреченост<br>Поголема вклученост во вонннаставни активности<br>Ученичка/врсничка поддршка за учениците со попреченост |
| Поттикнување на родителите на учениците со ПОП за активно учество во воспитно-образовниот процес преку вклучување во планирањето и поддршката на развојот на учениците | Учество на родителите при изготвување на индивидуални образовни планови | Наставници<br>Родители<br>Членови на УИТ и ИТУ | | Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес<br>Успешна инклузија на учениците со попреченост во редовниот воспитно-образовниот процес |
| Соработка со надлежни институции ( Завод за ментално здравје, Клиника за детски болести, Завод за слух, говор и глас, Клиника за | Испраќање службени барања за наод и мислење за ученици со попреченост<br>Консултации за ученици со попреченост | Стручни соработници<br>Стручни лица од институциите | Во тек на годината | Помош и поддршка на наставниците, родителите и учениците во процесот на инклузивната работа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| психијатрија, МКФ итн.) | | | | |
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со децата со попреченост<br>Сумирање на активностите на УИТ<br>Самоевалвација на инклузивноста на училиштето и работењто на УИТ | Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на индивидуалните образовни планови<br>Изготвување на развоен план за работа со овие ученици во идната учебна година<br>-Анализа на инклузивната култура и пракса во училиштето<br>-Креирање стратегии за унапредување на инклузивното образование во училиштето<br>-Изготвување на извештај за работата на Инклузивниот тим.. | Членови на УИТ<br>Стручни соработници<br>Наставници<br>ИТУ | Јуни | Изготвен извештај за работата на УИТ |

Одржани се повеќе состаноци на кои е дискутирано за постигнувањата, потребите и способностите на учениците. Укажано е за потребата да се достават мислења од МКФ за сите ученици со цел обезбедување на образовни/ лични асистенти преку ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“. Сите родители по јавувањето се ставени на листа за чекање во МКФ. За учениците е изготвено мислење кое го доставуваат до МКФ. Постојана соработка со родители и ученици, давање насоки за учење.

**Одржани состаноци на Инклузивниот тим:**

| дата | Реализирани активности на инклузивниот тим на училиштето |
|---|---|
| **03.09.2025 г.** | Дневен ред:<br>1.Утврдување на бројна состојба на ученици со попреченост/ регистар<br>2.Разгледување на препораки од стручно тело по МКФ за ученици од нашето училиште<br>3.Споделување на информација за доделени образовни асистенти и информација за образовни асистенти за ученици кои работа по ИОП и модифицирана наставна програма<br>4.Формирање на ИТУ за првачиња и ученици кои преминуваат во предметна настава<br>5.Тековни прашања |
| **07.10.2025 г.** | Дневен ред:<br>1. Разгледување на реевалуации од МКФ<br>2. Известување за откказ на ОА во 6 одд. и нов доделен ОА за 1а одд.<br>3. Разговор за работењето на ОА и учениците со попреченост и соработка со наставниците<br>4. Тековни прашања |
| **05.11.2025 г.** | Дневен ред:<br>1.Разгледување на тековна состојба и ангажман на образовни асистенти (ОА)<br>2.Анализа на успех и поведение на учениците со ИОП и модифицирана програма<br>3.Разгледување на реевалуации и потреба од измена на ИОП / модифицирани програми<br>4.Соработка меѓу ОА и наставниците – предизвици и препораки<br>5.Планирање на индивидуални и групни активности за поддршка<br>6.Тековни прашања |
| **29.12.2025 г.** | Дневен ред:<br>1.Разгледување на постигнувањата на учениците со попреченост во првото полугодие<br>2.Утврдување на актуелниот број на ученици со попреченост во училиштето<br>3.Нови реевалуации според МКФ |

| | |
|---|---|
| | 4.Состојба со Индивидуалните образовни планови (ИОП)<br>5.Планирање на понатамошни активности и поддршка |
| **09.06.2026 г.** | Дневен ред:<br>1.Разгледување и усвојување на:<br>-Годишна програма за работа на училишен инклузивен тим<br>-Акционен план на тимот за инклузија на учениците со посебни образовни потреби<br>-Процедура за идентификација и следење на учениците со попреченост<br>-Процедура за изработка и следење на ИОП<br>-Процедура за изработка и следење на модифицирана наставна програма<br>-Процедура за грижа за учениците со телесни пречки и ученици со оштетен вид<br>-Телесна инвалидност<br>-Инклузивен тим за ученик и Програма за работа на Инклузивен тим за ученик<br>2.Споделување информации за постигнувањата успехот на учениците со попреченост за учебната 2025-2026 година<br>3.Тековни прашања |

**Извештај за работа со ученици со посебни образовни потреби - попреченост**

Учебната година ја завршивме со 34 ученици со попреченост. Дел од родителите беа навремено информирани и добија насоки за начинот на работа со децата во текот на летниот период, додека други беа упатени до релевантни институции за понатамошна поддршка и работа со ученикот.
Родителите на ученици со попреченост редовно беа потсетувани за термините за реевалуација и упатување кон МКФ. За таа цел, од страна на ИТУ беа изготвувани мислења кои родителите ги доставуваа до МКФ. Дополнително, дел од родителите беа насочувани кон соодветни институции каде беше потребно понатамошно следење и дефинирање на насоки за работа со децата. Во сите случаи беше доставена соодветна документација и постапено согласно истата.
Учениците со попреченост се идентификуваат при запишување во прво одделение, преку опсервација и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со родителите. При тоа се приложува и медицинска документација (наод и мислење) од надлежни и компетентни институции.
Дефектологот во континуитет соработува со наставниците (ИТУ) и работи со овие ученици со цел создавање на поттикнувачка и инклузивна училишна средина. Стручниот тим формира групи на ученици врз основа на наодите и мислењата од Центарот за ментално здравје и МКФ, при што се дефинира и видот на попреченост.
Добиените наоди се земаат предвид при изработка на долгорочни, среднорочни и краткорочни оперативни планови за работа. Во зависност од потребите, се изготвуваат индивидуални образовни планови (ИОП) или се применува модифицирана наставна програма и диференциран пристап. Постигнувањата на учениците се вреднуваат согласно индивидуалните образовни цели и критериумите утврдени во диференцираниот пристап, во согласност со Правилникот за оценување на ученици со попреченост.
Училиштето, во соработка со наставниците (ИТУ) и стручната служба, изработува индивидуални образовни планови (ИОП) и модифицирани наставни програми. Целта на образованието не е само усвојување на наставните содржини, туку и подготовка на учениците за живот и работа.
ИОП и МНП се индивидуално планирани документи кои произлегуваат од образовните потреби, можностите и способностите на секое дете. Притоа, не постои универзален ИОП за одредена дијагноза, бидејќи секое дете е различно и има индивидуални развојни карактеристики.
ИОП и модифицираната наставна програма најчесто се реализираат во рамки на заедничките активности во училницата. Наставникот, при планирањето на работата во одделението, ги вклучува мерките и активностите предвидени со ИОП, со цел обезбедување на инклузивен пристап и поддршка на секој ученик.

## Извештај за идентификација и поддршка на учениците со потешкотии во учењето

| Извештај за идентификација и поддршка на учениците со потешкотии во учењето | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **цели** | **содржини и активности** | **реализатор** | **време** | **очекувани ефекти** |
| Креирање на политика за работа со ученици со потешкотии во учењето | - Формирање на тим за поддршка<br>- Изготвување на годишна програма за работа | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Јуни-септември | Успешна реализација на планираните активности |
| Идентификација на ученици со потешкотии во учењето | Разговори со одд.наставници и раководители, примена на инстримент/ листа за процена на способноста за учење | Стручни соработници<br>Одд. наставници и раководители | Септември-октомври | Евиденција на овие ученици и градење стратегија за работа со нив |
| Индивидуализација и диференцијација на наставата за учениците со потешкотии во учењето | Изготвување на индивидуални програми за поддршка на учениците со потешкотии во учењето | Стручни соработници<br>Одд. наставници и раководители | Октомври | Подобрување на постигањата на учениците со потешкотии во учењето |
| Континуирана поддршка на учениците со потешкотии во учењето | - Консултативни разговори на стручните соработници со одд.наставници, раководители и родители<br>- советодавно консултативна работа со учениците со потешкотии во учењето | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Родители | Во тек на годината | - Подобрување на постигањата<br>- Вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница<br>- Зајакнување на родителските вештини и капацитети |
| Следење на индивидуалните постигања и однесувањето на учениците со потешкотии во учењето (на секој квалификационен период) | - Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето<br>-Посета на часовите по дополнителна настава | Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници | Ноември, јануари, април | - Проценка на постигањата<br>- Вклучување на овие ученици во групна работа и слободни ученички активности |
| Обезбедување поддршка од соучениците | - Сов.консул.разговори со одд.настваници и раковоководители и УЗ на паралелката<br>- Соработка со ЗМЗ, МКФ, ЦСР | Стручни соработници, родители, одд.наставници, одд.раководители предметни наставници | Во тек на годината | - Подобрување на постигањата<br>- Подобрување на социјализацијата на овие ученици |
| Подобрување на социјалниот и | -Разговори со учениците<br>-Советодавни разговори | Стручни соработници, | Март | -Развивање на самодоверба и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| емоционалниот статус на учениците со потешкотии во учењето | со родителите на родителски и индивидуални средби | родители, одд.наставници, одд.раководители предметни наставници | | самопочитување кај овие ученици |
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со учениците со потешкотии во учењето | - Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на програмата и работата со учениците<br>- Изготвување на стратегија за понатамошна работа | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Јуни | Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес, социјалниот и емоционалниот статус на овие ученици |

## Извештај за поддршка на ученици кои подолго отсуствуваат од настава

| План за поддршка на ученици кои подолго отсуствуваат од настава | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел** | **Активности** | **Вклучени субјекти** | **Инструменти** | **Временска рамка** | **Очекувани резултати** |
| Информирање за причините за отсуство | -разговор со родителите од овие ученици<br>- консултации,извештаи и мислења од здравствени и др. установи | -стручни соработници<br>-родители<br>-стручни лица од др.институции<br>-директор | - Анкета<br>-мислење од надлежни институции | Континуирано во текот на целата учебна година | - прибрани податоци |
| Изработка на индивидуален план за ученикот | -прилагодување на содржините,<br>-консултации со одделенските и предметните наставници<br>-водење на ученичко Досие - следење | -стручни соработници<br>-родители<br>-наставници<br>-одд,раководит.<br>-стручни лица од др.институции<br>-директор | -Планирање<br>Стручна литература | Континуирано во текот на целата учебна година | -изработен индивидуален образовен план |
| Давање насоки и упатства на наставниците за работа со учениците кои подоло отсуствуваат од настава | -одредување на методи на работа<br>-следење на часови<br>-давање насоки и упатства<br>-континуирана соработка со сите наставници<br>-проверување на ученикот со соодветни методи<br>-информирање на родителите | -ученици<br>-стручни соработници<br>-родители<br>-наставници<br>-одд,раководители<br>-стручни лица од др.институции<br>-директор | -Наставни средства и помагала | Континуирано додека има потреба | -дадени насоки и упатства<br>-изведени се планирани активности<br>-ученикот е проверен со соодветни методи<br>-информирани се родителите |

## Извештај за работа со ученици со емоционални потешкотии

Емоциите се поврзани со целокупниот живот на човекот, тие се редовна придружна психолошка појава на секоја човечка активност. Кога човек перцепира некој објект, или некоја појава, кога учи, кога работи се одмара или размислува, кај него редовно се јавуваат некои емоции. Тие некогаш се активни (стенични), емоции и тогаш ја зголемуваат животната активност на организмот, а некогаш тие се пасивни (астенични) емоции, и тогаш ги потиштуваат животните процеси во организмот и ги смалуваат резултатите од напорот. Емоциите не се само психолошка придружна појава во активностите и во однесувањето на човекот, туку тие самите се двигател на многу човечки активности. Емоциите и емоционалните односи играат значајна улога во секојдневниот живот, во семејството, во училиштето, во работата, во одржувањето на здравјето и др.
Училишната возраст е многу значаен период како правилно или неправилно ќе се развијат, ќе се усовршат и ќе се изразуваат емоциите кај децата. Во тој развоен период важна е улогата на наставникот, психологот и родителите, како и меѓусебната комуникација со учениците. Најпрво од самиот наставник зависи како ќе влијае и како ќе се развива емоционалниот живот на учениците, зошто тие го голтаат секој поглед, секој збор, секое чесно или нечесно однесување. Наградувањето и казнувањето е јавно и прецизно образложено и е во согласност со индивидуалните емоционални и други особини на ученикот. Наставниците во соработка со стручните соработници, внимаваат и го следдат секое променливо однесување на учениците.

| **Активност** | **Време за реализација** | **Ресурси** | **Соработници/ Вклученост** |
|---|---|---|---|
| Изготвување на прашалник, наменат за наставниците со кој, наставниците ќе ги забележат учениците кои манифестираат емоционални потешкотии | Октомври | Прашалник, и друга помошна Литература | Наставници стручни соработници |
| Евидентирање на учениците кои Манифестираат емоционални потешкотии | континуирано | Список на учениците со возраст | Наставници стручни соработници |
| Индивидуално запознавање со учениците со емоционални потешкотии | континуирано | Изработка на листа на биографски податоци за секој ученик | Наставници стручни соработници |
| Примена на психолошки мерни Инструменти | По потреба | Его опис (Кој сум јас? И кој сакам да бидам) користење на проективни техники | Психолог |
| Советодавни разговори со учениците со емоционални проблеми | Според потребите во текот на целата учебна година | Евидентни листови за разговор со ученици, дневник за работа со ученици | стручни соработници |
| Средба и советодавни разговори со родителите на ученикот кој манифестира емоционални проблеми | Според потребите во текот на целата учебна година | Евидентни листови за разговор со родители и дневник за работа со родители | стручни соработници |
| Препораки за родителите кои имаат дете кое манифестира емоционални проблеми | По потреба | Брошури, совети | стручни соработници |
| Препораки за наставниците за работата со овие ученици | во текот на целата учебна година | | стручни соработници |

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Во досегашното работење немало потреба од туторска поддршка на учениците, но доколу се јави потреба, тековно ќе бидат назначени тутори и ќе биде изготвена програма за туторство по соодветниот предмет.

### 8.15. План на образовниот медијатор

Во досегашното работење немало потреба од образовни медијатори на учениците кои се ангажираат за ученици Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, но доколу се јави потреба, тековно ќе бидат назначени образовни медијатори и ќе бидат изготвени активности кои ќе ги Образовни медијатори се ангажираат за децата кои потекнуваат од социјално депривирани средини  и за оние кои се надвор од воспитно - образовниот систем.

## 9. Извештај за Воннаставни активности

Преку ова подрачје на учениците им се дава можност за развивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите на учениците за заедничка работа која придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба, почитување, дружење и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за побрз физички и интелектуален развој. Воннаставните активности добро функционираат.

- Извештај даден во рамките на активите.

### 9.1 Училишни спортски клубови

Училиштето има основано училишен спортски клуб **„Шампиони 23 Скопје“.** Истиот има Статут и е регистриран во Централен регистар на Република Македонија на 12.05.2023 год. со ЕМБС 7675879.

Учество на натпревари (општински, регионални, државни) и освоени награди.

| **Училишен спорт** | **Опфатеност на ученици** |
|---|---|
| Кошарка | III - IX одд. |
| Фудбал | III -  IX одд |
| Фудбал | III -  IX одд |
| Одбојка | III -  IX одд |
| Шах | III -  IX одд |
| Пинг – понг | III -  IX одд |

### 9.2 Секции/ клубови

Преку слободните ученички активности се создава можност за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Според карактерот и содржината на работата слободните ученички активности се застапени како:

- Слободни активности за проширување на знаењата на учениците по одделни предмети;
- Културно-уметнички активности;
- Спортски активности

Во слободните активности за проширување на знаењата по одделни предмети ќе работат следните секции: од странски јазици, млади математичари, физичари, информатичари, историчари, хемичари, библиотекари, географичари и биолози.

Во рамките на слободните културно-уметнички активности ќе работат секциите: литературна, драмска, рецитаторска, новинарска, ликовна.

Во слободните спортски активности ќе работат спортските секции: кошарка, ракомет, фудбал, одбојка, футсал, итн. Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати.

| **Секции/Клубови за ученици од I-V одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| Р.бр. | **Секции** | **Реализатор** | **бр. на часови** |
| 1. | Математичка секција | Дафина Ѓорѓиевска<br>Марина Атанасовска | 36 |
| 2. | Млади музичари | Еленора Лазаров<br>Гордана Стојковска<br>Павлинка Мијалова | 36 |
| 3. | Ликовна секција | Викторија Георгиевска Младеноска<br>Драгица Неделковска<br>Маја Арсовска<br>Даниела Јовановска | 36 |
| 4. | Еколошка секција | Елизабета Митревска<br>Биљана Мицковска | 36 |
| 5. | Драмско-рецитаторска секција | Сузана Спирковска<br>Емилија Стефановска<br>Елена Јованова Бендовска | 36 |
| 6. | Литературна секција | Даниела Долевска | 36 |
| 7. | Спортско рекреативна секција | Ирена Шехтанска<br>Бетка Спасовска | 36 |
| 8. | Млади креативци | Илинка Димовска | 36 |
| 9. | Ритмичка секција | Васе Трајчевска<br>Анета Буковалова | 36 |
| 10. | Ние и танцот | Весна Бошковска | 36 |
| 11. | Патуваме и го истражуваме светот | Марина Анастасијевска | 36 |

| **Секции/Клубови за ученици од VI-IX одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| Р.бр. | **Секции** | **Реализатор** | **бр. на часови** |
| 1. | Математичка секција – Кликерчиња | Ирена Стефанова<br>Александра Б. Спасовска<br>Мимоза Митиќ | 36 |
| 2. | Млади физичари | Валентина М. Кенкова | 36 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Млади хемичари | Сашка Младеновска | 36 |
| 4. | Млади географичари | Лилјана Николиќ<br>Христина Стојановска Ѓуров | 36 |
| 5. | Млади историчари | Лидија Петковска<br>Катерина Кузмановска | 36 |
| 6. | Странски јазици<br>Англиски јазик- „Англиски клуб“ | Маја Михаиловска<br>Марина Н. Ристова<br>Наташа Лосковска<br>Емилија К. Наумовски<br>Ирена Наумовска | 36 |
| 7. | Странски јазици<br>Германски јазик | Катерина Манев<br>Христина Т. Бујуковска | 36 |
| 8. | Драмско-рецитаторска секција | Снежана Цоневска | 36 |
| 9. | Литературна секција | Александра Ѓуровска | 36 |
| 10. | Новинарска секција | Антониета Ѓорѓиевска | 36 |
| 11. | Библиотекарска секција | Анета Велковска | 36 |
| 12. | Млади музичари | Даница С. Настевска | 36 |
| 13. | Ликовна | Марко Јачев | 36 |
| 14. | Еколошка секција | Виолета Велјаноска | 36 |
| 15. | Шах | Наташа Лосковска | 36 |
| 16. | Одбојка | Ирена Рикалоска<br>Снежана Мачовеловска<br>Мустачка | 36 |
| 17. | Фудбал | Николче Зиков<br>Борислав Стојанов | 36 |
| 18. | Сообраќај | Соња Богатинова | 36 |
| 19. | Танцова секција | Јасмина Радулова | 36 |
| 20. | Кошарка | Елена Трајковска | 36 |

**9.3 Акции**

Се организираат базари, хепенинзи, хуманитарни акции, еколошки акции и сл. вообичаено околу новогодишните и велигденските празници. Сето ова е во соработка со Советот на родители и општината.

Во овој дел особено ќе се обрне внимание на активно учество на учениците во солидарни акции, работни акции во и надвор од училиштето, уредување и одржување на училниците, училишната зграда и училишниот двор, одбележување на значајни датуми итн.

- Извештај за акции даден во рамките на активите.

## 10. Извештај за Ученичко организирање и учество

Учеството на учениците во демократските процеси во училиштето има особено општествено значење бидејќи преку него учениците учат за демократскиот начин на делување во училиштето и пошироко во заедницата. Училиштето овозможува активно учество на ученикот во одвивањето на сите активности и домени во училиштето кои се однесуваат на него. Ова подразбира обезбедување атмосфера и услови што ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење, како и градење механизми и процедури кои овозможуваат учениците да вршат влијание врз одлуките и случувањата во училиштето. Училиштето овозможува и учениците се здружуваат и активно учествуваат преку следните модели: одделенска/класна заедница, Ученички парламент, Ученик правобранител.

**Организирање на заедницата на паралелката**

Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици на паралелката. Секоја паралелка во текот на оваа учебна година ги спроведуваше неопходните активности за успешно функционирање.
Во текот на септември, во секоја паралелка на демократски начин се одбра претседател и заменик претседател на паралелката.
За претседател беше одбран ученикот со најголем број гласови, а за заменик-второрангираниот ученик.
За да се вклучат сите ученици се формираа постојани и повремени тела на паралелката. Учеството во овие тела се одвива по претходен договор на учениците. Тие учествуваа во организирање и планирање на: екскурзии, излети, еколошки акции, хуманитарни акции, спортски активности, прослави, манифестации, а учествуваа и во решавање на актуелни проблеми .
Учениците се состануваа еднаш во месецот, а состаноците ги води претседателот на паралелката. На состаноците се одржуваа разни дебати, дискусии, се доставуваа предлози до Ученичкиот парламент или се разгледуваа одлуките на парламентот.

**Одговорен наставник:**
**Александра Ѓуровска**

### ➢ Извештај за работата на Ученичкиот парламент

Како и секоја учебна година, така и во учебната 2025-2026г. во нашето училиште активно функционираше Ученичкиот парламент.
Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година беа реализирани четири средби меѓу претставниците на Ученичкиот парламент со одговорниот наставник.
Првата средба со претставниците на Ученичкиот парламент беше реализирана на 18.09.2025г. На оваа средба на учениците им беше објаснето дека и оваа учебна година во училиштето ќе функционира Ученички парламент. Него ќе го сочинуваат присутните ученици, претставници од сите паралелки во училиштето. Исто така, им беше соопштено дека на следната средба, по пат на тајно гласање треба да изберат двајца ученици како нивни претставници на состаноците на Училишниот одбор и на други активности за кои тековно ќе бидат известувани, како и ученички правобранител кој ќе ги застапува нивните интереси. Голем број ученици покажаа интерес да бидат дел од изборот.
Учениците (особено оние кои за првпат се дел од Ученичкиот парламент) беа запознати со можноста на секоја средба да ги изложуваат тековните проблеми со кои ќе се соочуваат во рамките на своите паралелки: дали во нивните одделенија владее позитивна или негативна клима во поглед на учењето , но и на меѓусебните односи со соучениците; дали во нивните паралелки има ученици кои се со проблематично однесување или пак со слаб успех во учењето;

дали се задоволни од односот на наставниците и условите кои им ги нуди училиштето. На учениците им беше посочено да го следат конкурсот за избор на раководство на парламентот, а заинтересираните ученици да подигнат пријава, која пополнета треба да ја достават до одговорниот наставник.

Втората средба на претставниците на Ученичкиот парламент беше реализирана на 30. 09. 2025г. На присутните ученици им се обрати директорот на училиштето. Беше конституиран парламентот.На оваа средба по пат на тајно гласање за претставници на Ученичкиот парламент беа избрани: Тара Ангелевска од IX-а одделение (претседател) и Лара Малзаркова VIII - б одделение (заменик). За ученички правобранител беше избрана ученичката Аника Христовска од - IX г одд., а за нејзин заменик – Сара Данова од IX-а одд. Беа одбрани и ученици кои ќе присуствуваат на состаноците на Училишниот одбор и Наставничкиот совет.

Третата средба на претставниците на Ученичкиот парламент беше реализирана на 11.11.2025г. На средбата учениците: Тара Ангелеска IX -а одд. (претседател на Ученичкиот парламент) и Матеј Димовски, нејзин соученик ги запознаа своите другари со Конвенцијата за правата на децата преку изработена презентација. Тие имаа одлична интеракција со останатите ученици и развија интересна дискусија за правата и обврските на децата.

Исто така, на учениците им беше прочитан Кодексот за однесување во училиште кој беше едногласно прифатен.

Присутните ученици поведоа разговор за дисциплината и тековните проблеми со кои се соочиле во рамките на своите паралелки во првото тримесечие од оваа учебна година.

На крајот, учениците даваа предлози за следните активности на Ученичкиот парламент: одржување хуманитарна претстава, помош на стари лица од непосредната околина, акција за збогатување на училишната библиотека, еколошки акции. Прва активност за која се договорија е чистење на училишниот двор во наредните денови.

Четвртата средба на претставниците на Ученичкиот парламент беше реализирана на 12.12.2025г. На средбата се дискутираше за дисциплината и тековните проблеми со кои се соочиле во рамките на своите паралелки во првото полугодие од оваа учебна година.

Учениците од осмо и деветто одделение ги предложија следните активности:

-организирање хуманитарна акција за ученик од друго училиште кој моментално е на лекување во Турција;

- акција за збогатување на училишната библиотека под мотото: „Подари книга за училишната библиотека;

-изработка на новогодишни честитки.

За првиот предлог одговорниот наставник истакна дека за тоа мора да се разговара со Директорот на училиштето, бидејќи за тоа е потребно да се остварат одредени процедури.

Во поглед на иницијативата за збогатување на библиотеката, беше договорено секој претставник да ја пренесе информацијата во својата паралелка и во истата активност ќе бидат вклучени сите ученици кои ќе изразат желба за истата.

Во однос на изработката на новогодишни честитки, учениците се договорија истите да се изработат и потоа да бидат поделени на раководството на Училиштето, постари лица кои живеат во близина на училиштето, како и на вработени во локалните маркети со цел нашите ученици да покажат почит кон луѓето од својата непосредна околина и да придонесат за убава, предновогодишна атмосфера. На 25.12.2025г беа изработени новогодишните честитки, а потоа, на 30.12.2025г., членовите на парламентот ги поделија на: директорот, стручната служба, како и на случајни минувачи од нашето соседство.

Петтата средба со претставниците на Ученичкиот парламент беше реализирана на 06.02.2026г. На почетокот на средбата, одговорниот наставник, Александра Ѓуровска ги потсети учениците дека овој месец, како и секоја година ќе се одбележи Денот на мајчиниот јазик, но овојпат општината како место на одржување на пригодната свеченост го одбра нашето училиште. Исто така, се дискутираше за одбележувањето на Денот на училиштето следниот месец.

Како и секоја година, така и оваа, ќе се организира литературен и ликовен конкурс, а присутните ученици имаат задача ова да го споделат со своите соученици. Потоа тие даваа и свои предлози за активности по повод овој значаен настан. Се разви дискусија за тоа каков е и каков треба да биде нивниот однос кон повозрасните лица во и вон училиштето. Заклучокот беше дека тие треба да ги почитуваат повозрасните, учтиво да ги поздравуваат на секоја нивна средба и секогаш кога се во можност да им понудат помош.

На барање на одговорниот наставник, учениците се изјаснија дали во нивните паралелки учат деца со посебни образовни и други потреби (без истите да бидат именувани), дали и како овие деца се прифатени во своите паралелки и на кој начин тие можат да ја изразат својата несебична поддршка за овие деца. Заедно донесоа заклучок дека во повеќето паралелки има вакви ученици и тие треба да бидат прифатени од своите соученици, бидејќи тие се еднакви со нив и да им се пружи помош во рамките на нивните можности. Пред сè, акцентот беше ставен на другарувањето и поминувањето заедничко време. Некои од овие ученици имаат и свој образовен асистент кој само може да придонесе за уште подобра и попозитивна интеракција меѓу нив.

Шестата средба се одржа на 17.04.2026г. и на истата се дискутираше за успехот во секоја паралелка во третото тримесечие од учебната 2025-2026г. Повторно се разговараше за проблемите со кои секојдневно се соочуваат учениците и како истите да се надминат.

Последната средба се одржа на 03.06.2026г. и на истата се сумираа впечатоците за работата на Ученичкиот парламент во учебната 2025-2026година. Ученичкиот правобранител поднесе извештај за својата работа. Исто така, беше направен избор на ученик кој ќе учествува во тимот за изработка на Годишната програма и Развојната програма на училиштето, а тоа е ученичката Ели Крстевска од VIII-а одделение. На деветтоодделенците им посакавме успех во понатамошното образование, а на останатите убав летен распуст.

Ученичкиот парламент ќе продолжи активно да работи и следната учебна година.

**Одговорен наставник:**
**Александра Ѓуровска**

## ➢ Извештај за работата на Ученичкиот правобранител

Ученикот правобранител е ученик кој се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во/вон училиштето.

За ученички правобранител беше избрана ученичката Аника Христовска од IX-г одделение, а за нејзин замениик Сара Данова од IX-а одд.

Задачата на ученикот правобранител, како промотор на детските права беше реализирана преку различни активности (едукативни работилници). Ученикот правобранител имаше задача да препознава прекршување на детските права и да прибира поплаки од учениците. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Оваа задача, ученикот правобранител совесно ја извршуваше во текот на целата учебна година, за што говорат и бројните писма кои учениците ги доставуваа до него, а потоа беа разгледувани заедно со стручната служба на училиштето.

Во текот на целото полугодие, правобранителот остваруваше комуникација со членовите на Ученичкиот парламент и останатите ученици. Исто така, ученичката се вклучи и во комуникација со останатите деветтоодделенци за да се слушнат нивните желби и размислувања за прославата на полуматурската вечер.

На последната средба на Ученичкиот парламент, на 03.06.2026г., ученичкиот правобранител го презентираше Извештајот за својата работа во учебната 2025-2026 година.

**Одговорен наставник:**
**Александра Ѓуровска**

## 11. Извештај за Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Според правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.о текот на учебната 2025-2026 се реализираа сите планираните екскуризии, излети и настава во природа.

| Вонучилишни активности | Одделение | Место | Дата |
|---|---|---|---|
| **Екскурзии** | Шесто (дводневна) | Дојран | 05-06.05.2026г |
| | Девето (тридневна) | Охрид | 27-29.04.2026г |
| **Еднодневна научно-истражувачка екскурзија** | Третто | Пробиштип | 09.06.2026г. |
| **Излети** | Прво до петто | Чардак | 15.05.2026г |
| | Шесто до девето | Скопска Црна Гора | 14.05.2026г |
| **Настава во природа** | петто | Хотел „Мизо“, Охрид | 04- 07.05.2026 г. |

### 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Во текот на учебната 2025-2026 година наставниците и учениците од нашето училиште беа вклучени во повеќе вонучилишни активности. Информациите се дадени во рамки на активите.

- Извештај од работата на Еразмус тимот во учебната 2025/2026 година даден во Извештајот на проекти

## 12. Извештај за Натпревари за учениците

Ученички натпревари се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството ,остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.

- Извештај даден во рамки на активите

## 13. Извештај за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ПРОЕКТОТ МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО УЧЕБНА 2025/2026 ГОДИНА**

**Извештајот го подготви: Ирена Стефанова**

| Одделение и реализатор | Планирана содржина (активност) | Цели | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| VII и IX одд. Ирена Стефанова, Жаклина Стојановска, | „ Уморни очи “ Заедничка активност со ученици од ООУ„Алија Авдовиќ“ - Батинци | Учениците да се запознаат со синдромот на денешницата од кој најмногу страдаат децата од училишна возраст поради предолго поминување на децата пред компјутер или телефон (екран), | 24.10.2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Александра Бошковска-Спасовска, Катерина Трајчевска Ѓуровска, Елена Јованова Бендовска | | да се запознаат со симптомите и ризикот од овој синдром и најбитното, да научат за превенција и намалување на ризикот од овој синдром. | |
| | „ Сајбер насилство“ Заедничка активност со ученици од ООУ„Алија Авдовиќ“ - Батинци " | Да се крене свеста за сајбер насилството кај децата и да научат како да се справат со сите предизвици кои ги носи, како и превенција на сите последици кои се среќаваат на интернет. | |
| Актив I одд: Илинка Димовска, Викторија Георгиевска Младеновска , Катерина Трајчевска Ѓуровска , Елизабета Митревска | МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК | | |
| | Читање на текстот „Татковина“ или друг по избор Литература | -Да ја почитуваат историјата на народите | 24 Октомври |
| | ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | |
| | Го цртам моето другарче (дрвени бои) | -Да се оспособува, да ги препознава сличностите и разликите меѓу децата и да разбере дека сите деца се исти | 12 Ноември |
| | Сликање на Велигденско јајце | -Да се запознаат другарчињата од албанска националност со традицијата за празникот Велигден | Април |
| | ОПШТЕСТВО | | |
| | Јас и другите, сличности и разлики | -Да се оспособува, да ги препознава сличностите и разликите меѓу децата и да разбере дека сите деца се исти | 18 Ноември |
| | Празници во училиштето | -Да ја почитуваат историјата на народите | Февруари |
| | МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ | | |
| | Пеење народна песна | Да имаат позитивен став за народното творештво и да го почитуваат народното творештво на сите народи | 28 Ноември |
| | Слушање химна на РМ „Денес над Македонија се раѓа“ | Да знаат дека во нашата татковина луѓето имаат разлилна верска определеност, да им се развива почит кон останатите религии | 05 Септември |
| | Слушање химна на РМ „Денес над Македонија се раѓа“ | Да знаат дека во нашата татковина луѓето имаат разлилна верска определеност, да им се развива почит кон останатите религии | Февруари |
| | Разговор за поврзаноста на музиката со народните обичаи и празници | Да имаат позитивен став за народното творештво и да го почитуваат народното творештво на сите народи | Мај |
| | ПРИРОДНИ НАУКИ | | |
| | По што сме различни? | Да знаат дека во нашата татковина луѓето имаат разлилна верска определеност, да им се развива почит кон останатите религии | 10 Октомври |
| Актив II одд: Весна Бошковска, Павлинка Мијалова, Ирена Шехтанска , Билјана Мицковска | ОЖВ Работилница II - 1.2: Роденденот на Орхан ...стр.79 | Да се поттикне развој на емпатија, разбирање на личните и туѓите мислења, како и почитување на различните мислења кај децата. | 25.11.2025 |
| | ОЖВ Работилница III – 2.2 И различните може да се дружат | Да се поттикне развивање на емпатија, почит и прифаќање на различностите кај учениците, преку градење позитивни ставови кон лицата кои се разликуваат по своите способности, изглед, интереси или потекло, како и спречување на нивна изолација и маргинализација. | 02.06.2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Актив III одд:<br>Емилија Стефановска<br>Васа Трајчевска<br>Марина Атанасовска<br>Маја Арсовска | Во мојата држава се учи на различни јазици (македонски јазик, албански јазик, турски јазик, српски јазик, босански јазик). | *Ги наведува јазиците на наставата во основното образование.<br>*Го наведува името на државата Република Северна Македонија на најмалку два од наставните јазици | 22.04.2026 |
| | Што можам да направам за мојата земја | *Објаснува (преку примери) како децата треба да ја чуваат природата (да не ја загадуваат природата и да ги штедат ресурсите).<br>*Објаснува (преку примери) како децата можат да ги почитуваат другите што се различни од нив (оние што зборуваат на различен јазик, што мислат поинаку од нив, или не можат да прават нешто што можат другите).<br>*Објаснува (преку примери) како децата можат да им помагнат на оние на кои им треба помош. | 20.05.2026 |
| IV в одд.<br>Одделенски наставник: Елена Бендовска | Почитување на различните од нас | Да се поттикне развој на емпатија, разбирање на личните и туѓите мислења, како и почитување на различните мислења кај децата. | 22.10.2025 |
| | Меѓународен ден на мајчиниот јазик | ги набројуваат етничките заедници кои живеат во нашата држава и го наведуваат јазикот на кој зборуваат, го објаснуваат мултикултурното општество како заедница на луѓе од различни култури кои живеат во иста држава, кои меѓусебно се почитуваат и соработуваат за остварување на заеднички цели. | 20.02.2026 |
| IX б одд.<br>Александра Бошковска-Спасовска, наставник по математика | ТЕМА - 3<br>ЈАС И ДРУГИТЕ - ОПШТЕСТВЕНИ ОДНОСИ | Почитување на другите – недискриминација | Декември 2025 |
| VIII а одд.<br>Лилјана Николиќ , наставник по географија | Социо -Географски карактеристики на Европа<br>Основни карактеристики на населението во Европа | Да се запознаат учениците кои народи живеат во Европа,на која вера припагаат и важноста тие да живеат заедно и да се почитуваат едни со други бидејќи во Европа живеат Словени,Германи,Романи, посебна група народи . | 28.10.2025 |
| IV г одд. Ирена Наумовска, наставник по англиски јазик | Прославување на Божиќ | Да се развива почит кон сопствената култура и културата на другите. Да се запознаат семејните прослави и празници и како тие се одбележуваат | 29.12.2025 |
| VIII – в одд.<br>Антониета Ѓорѓиевска, наставник по македоснки јазик | Почитување на другите ( недискриминација) | Целта на оваа активност е учениците меѓусебно да се поддржуваат, соработуваат и почитуваат независно независно на која верска заедница припаѓаат бидејќи сите луѓе имаат исти потреби и права во животот. Никој не смее да биде предмет на омаловажување т.е. дискриминација. | 02.02.2026 |
| VII одд.<br>Ирена Стефанова<br>Наставник по математика | Работа со податоци | Населението во Македонија, разгледувано во повеќе години, претставено во неколку видови на дијаграми | Мај 2026 |

## 14. Извештај за Проекти што се реализираат во основното училиште

### Годишен извештај за реализирани и аплицирани проекти во ООУ “Кирил Пејчиновиќ” во учебната 2025/26 година

| Проект | Координатор | Време на реализација | Цели и активности | Број на учесници |
|---|---|---|---|---|
| **Empathy in the Digital Age: Harnessing Technology for Understanding and Connection, 2024-1-MK01-KA220-SCH-000257909, времетраење 24 месеци, проектен координатор Институт за применети истражувања за бизнис, Скопје, РС Македонија** | Марина Атанасовска III-в | Ноември 2024 – Ноември 2026 | Подобрување на вештините и компетенциите на наставниците за стимулирање на вештините за емпатија кај учениците преку дигитално образование и користејќи дигитални алатки | 26 |
| **Wonder learning for digital natives , 2024-1-PT01-KA220-SCH-000254381, времетраење 24 месеци, проектен координатор училиште EB1/PE do Monte, Фуншал, Португалија** | Марина Атанасовска | Ноември 2024 – Ноември 2026 | Премостување на јазот помеѓу традиционалните наставни методи и дигиталниот свет во кој се родени новите генерации на ученици (т.н. digital natives) и тоа е нивна природна средина. | 28 |
| **Erasmus project –Small Scale partnership K210 “Click with kindness”** | Марина Николовска Ристова Емилија Наумовски | Од март 2025 до март 2027 година | Справување со Сајбер-булинг, техники и начини на борба против интернет насилство. | 25 |
| **Project-T.C-,,Care-Promotion mental health in youth work(Traning course)in Brasov,Romania** | Ирена Наумовска Емилија Стефановска Ирена Стефанова Александра Бошковска Спасовска Марина Атанасиевска | Октомври 2025- Јуни 2026 | Поддршка и грижа за менталното здравје ,развивање на емоционалната интелигенција кај учениците преку практични вежби | 26 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Erasmus Project Small scale partnership K210- “Outdoor Learning”** | Емилија Наумовски | Април 2025 до април 2027 | Нови иновативни пристапи во учењето, примена на методи како учење надвор од училница, превртена училница итн. | 20 ученици |
| **Project Title: Ekolojik Yaşam İçin Sürdürülebilir Dijital Çözümler**<br>**Form ID: KA210-SCH-33C524F0**<br>**Action: Small-scale** | Емилија Наумовски | Април 2025 до април 2027 | Употреба на нови иновативни алатки во наставата | 15 ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| partnerships in school education (KA210-SCH)<br>Call for proposals: 2024<br>**National Agency: TR01 - THE CENTRE FOR EUROPEAN UNION EDUCATION AND YOUTH PROGRAMMES (TURKISH NATIONAL AGENCY)** | | | | |
| **Project Title: Be Human, Empathetic, Adaptable, Remarkable, be part of the Team**<br>Form ID: KA210-SCH-D722AD14<br>Action: Small-scale partnerships in school education (KA210-SCH)<br>Call for proposals: 2024<br>**National Agency: RO01 - Agentia Nationala pentru Programe Comunitare in Domeniul Educatiei si Formarii Profesionale** | Марина Николовска Ристова | Март 2025 до март 2027 | Учење за тимска работа, емпатија, полесна адаптација на учениците во нова средина. | 20 ученици |
| **Project Title: ECOmpetences**<br>Form ID: KA210-SCH-AA344D6B<br>Action: Small-scale partnerships in school education (KA210-SCH)<br>Call for proposals: 2024<br>**National Agency: LT01 - Education Exchanges Support Foundation** | Емилија Наумовски | Март 2025 до Март 2027 | Учење преку нови пристапи, превртена училница, нови методологии во наставата. Екологија и зачувување на природната околина. | 20 ученици |
| Project Title: Климатски Чекори | Координатор Емилија Наумовски | 2026-2028 | Аплициран проект за екологија | 30 |
| Project Title: CREATIVE VOICES,KIND CHOICES | Координатор Емилија Наумовски | 2026-2028 | Аплициран проект за развивање на креативноста и критичко размислување кај учениците | 30 |
| Project Title: Advanced Identification and Mentoring for High-Ability Learners in English and Mathematics | Марина Николовска Ристова Емилија Наумовски | 2026-2028 | Аплициран проект за детектирање и водење на талентирани ученици во областа на англискиот јазик и математика | 30 |
| **E-Twinning Label** | Координатор Марина Николовска-Ристова Емилија Наумовски Ирена Стефанова | 2025-2026 | Добиена Национална ознака за квалитет на училиштето преку E-Twinning платформата | Ученици од шесто и седмо одделение. |
| Don't fall in traps of social media, fight cyberbullying and body shaming<br>Form ID: KA210-SCH- | Марина Николовска Ристова и Емилија | 2025-2027 | Подигнување на свеста за борба против сајбер-булинг, | Ученици од седмо до деветто одделение |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11C61DC8<br>Action: Small-scale partnerships in school education (KA210-SCH)<br>Call for proposals: 2025<br>National Agency: ES01 - Servicio Español para la Internacionalización de la Educación (SEPIE)** | Наумовски | | | |
| **Project Title: SUSTAINABLE COMMUNICATION FOR A EUROPEAN NEW ERA<br>KA220-SCH-1AADD141<br>Action: Cooperation partnerships in school education (KA220-SCH)<br>Call for proposals: 2025<br>National Agency: ES01 - Servicio Español para la Internacionalización de la Educación (SEPIE)** | Емилија Наумовски | 2025-2027 | Развивање на комуникациски вештини, развој и одржливост | Седмо и осмо и деветто одделение |
| **Social Problems and Solutions Suggestion From the Perspective of Gifted Students<br>Form ID: KA210-SCH-C0E4C03D<br>Action: Small-scale partnerships in school education (KA210-SCH)<br>Call for proposals: 2025<br>National Agency: TR01 - THE CENTRE FOR EUROPEAN UNION EDUCATION AND YOUTH PROGRAMMES (TURKISH NATIONAL AGENCY)** | Марина Николовска Ристова и Емилија Наумовски | 2025-2027 година | Работа со талентирани ученици, разрешување на социјални проблеми и сугестии од перспектива на надарени ученици. | Од седмо до деветто одделение |
| **BEYOND BORDERS-TOGETHER FOR GREEN<br>Form ID: KA210-SCH-74071B77<br>Action: Small-scale partnerships in school education (KA210-SCH)<br>Call for proposals: 2025** | Марина Нилоковска Ристова | 2025-2027 | Зачувување на природната околина, одржливост и подигнување на свеста кај улениците за борба со загадувањето. | Од седмо до деветто одделение |
| **Doğanın Ritmindeki Dijital Uyum ile Sürdürülebilir Disiplin<br>Form ID: KA210-SCH-ADF7F3FE<br>Action: Small-scale partnerships in school education (KA210-SCH)<br>Call for proposals: 2025<br>National Agency: TR01 - THE CENTRE FOR EUROPEAN UNION EDUCATION AND YOUTH PROGRAMMES (TURKISH NATIONAL AGENCY)** | Емилија Наумовски и Марина Николовска Ристова | 2025-2027 | Одржлив развој и дигитална хармонија во ритамот на природата. Кохезија и спојување на предизвиците што ги носи новата технологија и одржување на природната околина. | Од седмо до деветто одделение |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **E-Twinning projects** | Марина Николовска Ристова Емилија Наумовски Ирена Стефанова | 2025-2026 | Аплицирање и работа на тековни проекти | Ученици од четврто до деветто одделение |
| **Project Title: GREEN DIGITAL STUDENTS** | Марина Николовска Ристова | 2026-2028 | Апплициран проект за екологија, за подобрување на природната околина и изучување на дигитални алатки. | |

**Изработил:**
**Емилија Наумовски**

**Извештај за проектот „Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем“ за ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ’’ –Скопје во учебната 2025/2026 година**

| **време на реализација** | **Активности** | **Реализатори** |
|---|---|---|
| Август 2025 | Формирање на ЕКО –одбор со смена на некои од членовите | Виолета Велјаноска-координатор,наставници и ученици,родители |
| Август 2025 | Анализа на животната средина | ЕКО-одбор |
| Август 2025 | Избирање на точки на акција како приоритети и план за активности | ЕКО-одбор |
| Септември 2025 | Назначување на одговорни наставници за секој ЕКО стандард | ЕКО-одбор |
| Септември 2025 | Формирање ЕКО патроли од ученици за следење и евалуација на напредокот | Одговорни наставници за секој еко стандард |
| 15.09.-02.10.2025 | Учество во меѓународна кампања под мотото “Засади дрво за мир “ – Засадување дрвца во училишен двор<br>Во организација на ENO Environment Online | Ученици од 1-9 одделение<br>Одделенски и предметни наставници |
| 02.10-21.10.2025 | Учество во меѓународен проект за одбележување на Светски ден на вселената<br>Во организација на “Нво Оаза Знања” | Ученици од 8 одделение<br>Ментор: Виолета Велјаноска-наставник по биологија |
| Октомври 2025 Тековно | Продолжување на проектот за собирање на отпадни батерии во соработка со Гоу Грин-Гоу Клин | Ученици од 5-9 одделение, сите наставници и вработени лица |
| Октомври 2025 Тековно | Продолжување на проектот “Е-отпад создава можности” во организација на Центар за климатски промени | Сите ученици од 1-9 одделение, наставници и вработени лица |
| 13.11.2025 | Посета на расадник по предметот природни науки на тема “Од семе до растение” | Ученици од прво одделение |
| 11.12.2025 | Поставување на нови светилки за заштеда на електрична енергија и редовно одржување на хигиената во училиштето | Технички персонал и стручни лица |
| Декември 2025 | Изработки на новогодишни украси од рециклирачки материјал | Ученици од 1 до 9 одделение<br>Одделенски и предметни наставници |
| 08.02.2026 | Работилница на тема “Компост и процес на компостирање “ во соработка со Slow Food Водно | Ученици од одделенска настава<br>Одделенски наставник: Билјана |

| | | |
|---|---|---|
| | | Мицковска |
| 21.03.2026 | Одбележување Ден на екологијата -засадување цвеќе во училишниот двор и фрлање цветни бомби | Ученици од одделенска и предметна настава<br>Наставници: Билјана Мицковска Виолета Велјаноска |
| 07.04.2026 | Едукативна работилница за правилно рециклирање на батерии во соработка со “Нула отпад” | Ученици од прво до деветто одделение |
| 22.04.2026 | Еко акција за одбележување на 22 Април- Ден на планетата Земја | Ученици и наставници од 6 одделение |
| 08.05.2026 | Еко часови на тема ‘’Пожар и фаќачи на нечистотија во воздухот“во рамки на Генералка викенд | Ученици и наставници од 5 в и 5 д одделение |
| 08.05.2026 | Еко час во рамки на Генралка викенд преку 2 активности:<br>Експеримент за топење на мразот на половите<br>Експеримент за океански струи | Ученици од 7 одделение<br>Предметен наставник:<br>Лидија Блажевска |

**Координатор: Виолета Велјаноска**
**наставник по биологија**

**Извештај за Антикорупциска едукација на учениците**

Во учебната 2025/26 год. беа предвидени наставни единици за запознавање и едукација на учениците со поимот и значењето на Корупција Антикорупција притоа беа користени видеоматеријали и презентации за да се запознаат учениците со значењето на корупцијата и справувањето со истата односно Антикорупција. По пат на електронска пошта се испратени презентации и видеоматеријали на кои се посочени конкретни примери и каде е објаснето значењето на корупцијата и тоа како да се справиме со неа.
Овие презентации се испратени на учениците од 8-мо и 9-то одделение.
VIIIа – 04.12.2025, VIIIб- 03.12.2025, VIIIв -01.12.2025 и VIIIг-02.12.2025 година.
IXа- 26.12.2025, IXб- 23.12.2025, IXв- 23.12.2025 и IXг- 25.12.2025 година.

На часот по Граѓанско Образование и тоа на следните теми: Причини и последици од корупцијата, Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција Активна борба против корупцијата Активна борба против корупцијата: постери и сл.
Учениците беа запознаени со проблематиката и преку дебата и изнесување на свои лични ставови учениците изработуваа презентации и активности и истите беа испраќани по електронска пошта
Цели: Предвидените цели беа постигнати а учениците стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција беа запознати за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата Ја сфатија улогата на Државната комисија за спречување на корупција во РС Македонија и механизмите преку кои таа делува; - Се ставија во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разберат за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација а воедно ја преземаа улогата на активни граѓани, кои ќе придонесат за развојот на Република Северна Македонија. При едукацијата и запознавањето со темата Корупција и Антикорупција беа користени следните линкови :
https://www.youtube.com/watch?v=UpeCLoMdwuY
https://www.youtube.com/watch?v=lGRQU6SAoQ4

**одговорен наставник:**
**Даниел Божиновски**

## 15. Извештај за Поддршка на учениците

Училиштето применува сеопфатен и холистички пристап во следењето и поддршката на учениците, фокусирајќи се на секој сегмент од нивниот развој – когнитивниот, емоционалниот, социјалниот и професионалниот. Преку континуирано следење на постигнувањата, стручната служба и наставниот кадар обезбедуваат навремена поддршка прилагодена на индивидуалните потреби на секое дете.

Во рамките на евалуацијата, на секој квартал се врши детална анализа и споредба на успехот и поведението, која резултира со полугодишни и годишни извештаи. Овие извештаи содржат компаративни анализи на средниот успех, поведението и изостаноците со претходните учебни години, структурирани по предмети, одделенија, наставен јазик, пол и етничка припадност, со цел да се добие јасна слика за образовниот процес и да се креираат инклузивни стратегии.

Наставниот кадар и стручната служба континуирано работат на имплементација на современи стандарди и критериуми за следење и оценување на постигнувањата. Овие насоки наставниците паметно ги интегрираат во своите индивидуални планирања, обезбедувајќи воедначеност и објективност на ниво на стручни активи.

Покрај поддршката при потешкотии, училиштето силно го поттикнува и вреднува потенцијалот на учениците. Согласно донесениот Правилник за пофалби и наградување, традиционално се избира ученик на генерацијата и се наградуваат сите оние кои постигнале континуиран одличен успех во текот на основното образование или дале посебен придонес за афирмација на училиштето во заедницата.

Деталниот преглед на успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија и наставен јазик е прикажан во статистички табели

### 15.1. Постигнување на учениците

| ОПШТ УСПЕХ ПО ПОЛ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ученици | Одлични | Мн. Добри | Добри | Доволни | Со 1 сл. | Со 2 сл. | Со 3+ сл. |
| М | 254 | 49 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ж | 301 | 19 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 555 | 68 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| ТАБЕЛА ЗА СПОРЕДУВАЊЕ НА УСПЕХОТ ПО ПРЕДМЕТИ И СПОРЕД ПОЛ - ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VII - IX | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| р.бр. | Предмети | 5 | | | 4 | | | 3 | | | 2 | | | 1 | | | Среден успех |
| | | М | Ж | ВК. | М | Ж | ВК. | М | Ж | ВК. | М | Ж | ВК. | М | Ж | ВК. | |
| 1 | Македонски јазик | 218 | 282 | 500 | 48 | 25 | 73 | 28 | 13 | 41 | 7 | 1 | 8 | 0 | 0 | 0 | 4.71 |
| 2 | Математика | 208 | 262 | 470 | 53 | 34 | 87 | 33 | 23 | 56 | 4 | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 | 4.65 |
| 3 | Англиски јазик | 254 | 295 | 549 | 36 | 19 | 55 | 14 | 6 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.85 |
| 4 | Германски јазик | 125 | 175 | 300 | 38 | 20 | 58 | 19 | 9 | 28 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.70 |
| 5 | Природни науки | 118 | 144 | 262 | 32 | 17 | 49 | 12 | 8 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.73 |
| 6 | Биологија | 97 | 127 | 224 | 26 | 14 | 40 | 15 | 9 | 24 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 4.68 |
| 7 | Хемија | 89 | 113 | 202 | 28 | 14 | 42 | 22 | 12 | 34 | 6 | 1 | 7 | 0 | 0 | 0 | 4.54 |
| 8 | Физика | 84 | 112 | 196 | 20 | 23 | 43 | 27 | 18 | 45 | 10 | 1 | 11 | 0 | 0 | 0 | 4.44 |
| 11 | Историја и општество | 96 | 107 | 203 | 13 | 5 | 18 | 7 | 4 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.83 |
| 10 | Историја | 146 | 180 | 326 | 24 | 20 | 44 | 15 | 4 | 19 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.79 |
| 11 | Географија | 152 | 195 | 347 | 29 | 9 | 38 | 4 | 1 | 5 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4.87 |
| 12 | Граѓанско образование | 76 | 103 | 179 | 17 | 6 | 23 | 3 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.85 |
| | Музичко образование | 309 | 314 | 623 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 13 | Ликовно образование | 308 | 314 | 622 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 14 | Физичко и здравствено образ. | 309 | 314 | 623 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 15 | Иновации | 57 | 50 | 107 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 16 | Информатика | 71 | 85 | 156 | 15 | 11 | 26 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.83 |
| 17 | Техничко образование | 160 | 165 | 325 | 1 | 4 | 5 | 3 | 0 | 3 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.97 |
| 18 | Жените низ историјата | 46 | 53 | 99 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 19 | Развивање интерперсонални вештини | 46 | 53 | 99 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 20 | Нашата татковина | 55 | 58 | 113 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 21 | Готвење за 7мо одделение | 55 | 58 | 113 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 22 | Биогеографија | 45 | 48 | 93 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 23 | Планинарење | 45 | 48 | 93 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 24<br>25 | Проекти од ликовна уметност<br>Народни танци и ора | 57 | 50 | 107 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 26 | Слободни изборен предмет 1 за 4то одделение | 60 | 45 | 105 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 27 | Слободни изборен предмет 2 за 4то одделение | 59 | 45 | 104 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.99 |
| 28 | Слободни изборен предмет 1 за 5то одделение | 56 | 71 | 127 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |
| 29 | Слободни изборен предмет 2 за 4то одделение | 56 | 71 | 127 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.00 |

**Просек на ниво на училиште**

| Среден успех на училиште | 4.83 |
|---|---|

## Среден успех по одделение и генерација од 4-9 то одделение

| Одд. | Среден успех | |
|---|---|---|
| 4а | 4.88 | |
| 4б | 4.74 | |
| 4в | 4.90 | |
| 4г | 4.84 | |
| 4д | 4.94 | 4,84 |
| 5а | 4.95 | |
| 5б | 4.99 | |
| 5в | 4.96 | |
| 5г | 4.99 | 4,97 |
| 6а | 4.90 | |
| 6б | 4.74 | |
| 6в | 4.96 | |
| 6г | 4.78 | |
| 6д | 4.80 | 4,84 |
| 7а | 4.83 | |
| 7б | 4.86 | |
| 7в | 4.74 | |
| 7г | 4.67 | 4.77 |
| 8а | 4.78 | |
| 8б | 4.78 | |
| 8в | 4.78 | |
| 8г | 4.75 | 4.77 |
| 9а | 4.84 | |
| 9б | 4.77 | |
| 9в | 4.90 | |
| 9г | 4.82 | 4.83 |

## Споредбена анализа на постигнувањата за три последователни години

| Среден успех на постигнувањата на учениците во последните три години | | | |
|---|---|---|---|
| година | 2023-2024 | 2024-2025 | 2025-2026 |
| успех | 4.82 | 4.87 | 4.83 |
| тренд | □ | | □ |

## Изостаноци во текот на учебната 2025/2026 година

| ИЗОСТАНОЦИ | Оправдани | 9335 | вкупно |
|---|---|---|---|
| | Неоправдани | 71 | 9406 |

## 15.2 Професионална ориентација на учениците

Во текот на учебната 2025/2026 година, во училиштето се реализираа системски и континуирани активности за професионална и кариерна ориентација, со цел да им се помогне на учениците полесно да се соочат со изборот на идното образование и професија. Овој процес беше воден од страна на училишниот психолог и опфати повеќе фази на едукација, соодветно тестирање и советодавна работа.

Како дел од превентивните и подготвителните активности, процесот на кариерно насочување започна уште во осмите одделенија. Со овие ученици беа реализирани првични средби и разговори со училишниот психолог со цел навремено препознавање на нивните афинитети, мотивирање за размислување на оваа тема и отстранување на дилемите поврзани со средното образование.

Во деветтите одделенија, активностите се интензивираа преку повеќе сегменти:

**Информативни предавања и презентации:** од страна на училишниот психолог беше реализирана тематска презентација „Каде после основно училиште? Информации за начинот на запишување во јавните средни училишта“, каде учениците детално се запознаа со критериумите и начинот на аплицирање.

**Професионално тестирање и анкетирање:** За прецизно утврдување на професионалните интереси, психологот го спроведе RIASEC тест (тест за утврдување на кариерни интереси). Резултатите од тестот, заедно со посебно подготвена анкета за кариерните планови, послужија како основа за мапирање на желбите и способностите на учениците.

**Индивидуални и советодавни разговори:** Врз основа на добиените резултати од тестирањето, училишниот психолог реализираше насочени разговори со учениците за нивните индивидуални интереси и капацитети, помагајќи им да донесат зрела и реална одлука за нивната идна кариера.

**Информирање за мрежата на средни училишта:** Учениците и нивните родители редовно беа известувани за отворените денови на средните училишта во Скопје, а по електронски пат и социјални медиуми им беше дистрибуиран промотивен и информативен материјал.

Во текот на второто полугодие беа организирани и директни посети, претставувања и презентации од страна на претставници на средните училишта кои го посетија нашето училиште, со цел одблиску да ги запознаат учениците со профилите, подрачјата и смеровите кои ги нудат.

Во продолжение е даден преглед на средните училишта кои реализираа промоција и презентација пред учениците:

- Приватно училиште „САБА“ – 28.01.2026
- Гимназија „Алгоритам“ – 02.02.2026
- СУГС “Димитар Влахов” – 24.03.2026
- СУГС „Здравко Цветкоски” – 30.03.2026
- СУГС „Раде Јовчевски - Корчагин” – 30.03.2026
- Hihg Schools Yahya Kemal – 03.04.2026
- СУГС „Браќа Миладиновци“ – 08.04.2026
- СУГС „Михајло Пупин“ – 16.04.2026
- СУГС „Георги Димитров“ – 11.05.2026
- СУГС „Владо Тасевски“ – 26.05.2026
- ДУФК „Методија Митевски - Брицо“ – 27.05.2026
- СУГС “Марија Кири Склодовска” – 28.05.2026
- СУГС „Панче Арсовски“ – 28.05.2026

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во насока на креирање безбедна, инклузивна и стимулативна училишна средина, во училиштето во целост се применува и спроведува „Интерен акт за уредување на начинот на однесување во училиштето, мерките за заштита и превенција од насилство и одговорностите на вработените, учениците, родителите/старателите и сите други фактори во спречување и заштита од насилство“. Главната цел на овој акт е системско намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување психолошка и физичка сигурност, градење доверба и толеранција, како и оспособување на учениците за конструктивно решавање на конфликтни ситуации преку континуирани индивидуални и групни активности.

**1. Клучни превентивни и советодавни активности**

Училишниот тим за спречување и заштита од насилно однесување врши редовна детекција на различните форми на насилство, мапирање на ризичните места во училиштето каде што најчесто се јавуваат вакви појави и навремено презема мерки за нивно сузбивање.

Во текот на учебната година, превентивната компонента се реализираше преку:

• Едукативни работилници и предавања: Реализирани на часовите по одделенска заедница од страна на одделенските раководители, стручните соработници и надворешни стручни лица. Темите беа насочени кон ненасилна комуникација, емпатија, како и превенција од болести, зависности и заштита на јавното здравје.

• Советодавна работа: Стручните соработници остваруваат континуирани советодавни средби со учениците кои се жртви на насилство, но и со учениците кои манифестираат насилно однесување, притоа задолжително вклучувајќи ги и нивните родители/старатели со цел надминување на коренот на проблемот.

• Трилатерална соработка: Зајакнување на релацијата наставник-ученик-родител преку заеднички активности кои директно придонесуваат за подобрување на социо-емоционалната состојба и клима кај учениците.

**2. Нивоа на насилство и механизми на постапување согласно Интерниот акт**

Согласно Интерниот акт објавен на веб-страницата на училиштето, сите форми на насилно однесување се класифицирани во три нивоа, за кои се дефинирани специфични чекори и одговорности.

3. Институционална соработка и законски обврски

Во согласност со законската регулатива и Интерниот акт, училиштето одржува блиска и координирана соработка со клучните општествени чинители: Министерството за внатрешни работи (МВР) - Сектор за превенција, Центарот за социјална работа (ЦСР) и соодветните здравствени установи.

Директорот на училиштето, во соработка со стручната служба, е должен итно да го пријави до надлежните институции секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик - без оглед дали сторителот е друг ученик, родител/старател, наставник, стручен соработник или кое било друго вработено лице во училишната установа. Овој бескомпромисен пристап гарантира транспарентност и нулта толеранција за насилството во нашата институција.

## 16. Извештај за Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Постигањата на учениците во основното училиште се оценуваат описно и бројчано. Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците согласно Законот за основно образование и Правилникот за оценување на ученици со попреченост. Интерното се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди.

Оценувањето како една од најважните компоненти на наставниот процес која се користи за следење и подобрување на поучувањето и учењето, се изведуваа континуирано од првиот, па се до третиот период.
По предметите за писмено оценување наставниците прават план, имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).
План за писмено проверување на постигањата на учениците по предмети и одделенија изготвуваат одделенските и предметните наставници и го заведуваат во Е-дневниците.
Во текот на наставно - воспитната работа наставниците го следат напредувањето на секој ученик поединечно со индивидуален пристап во работата.
Од наставниците се очекува да вршат континуирано писмени проверки на знаењата на учениците каде ќе бидат имплементирани критериумите и стандардите во оценувањето.
Наставниците го планираат и вршат оценувањето квартално – сумативно оценување, со примена на различни методи на сумативно оценување, а во текот на годината оценуваат формативно како би се подобрило нивото на знаењата на учениците и формативните методи се користат за сумативни цели како би се овозможило континуитет и релијабилност во оценувањето. Унапредувањето на оценувањето на учениците во училиштето се врши со посета на разни семинари, обуки за Примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците, семинари за сумативно и формативно оценување на учениците, а на ниво на училиште беа донесени потребни акти - Кодекс за оценување, Критериуми за оценување на ниво на училиште и поставени стандарди и критериуми по секој предмет.
Секој наставник води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во професионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.
Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.
Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:
Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.
Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. На крајот од првото и третото тромесечие и на полугодие добиваат описни оценки, а на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки, се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.
Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот и стручната служба. Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди има изготвено програма за посета на часови и има обврска преку посетата на часови и изготвување на протоколи и евидентни листи да го следи имплементирањето на стандардите и критрериумите за оценување на учениците. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие. Годишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. За време на

родителските средби во училиштето се присутни и предметните наставници кои се подготвени да им дадат образложение на родителите за некое прашање. (Освен информирањето за постигањата на крајот на пропишаните периоди (тримесечија, полугодие, крај на година) родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма (на индивидуални средби, писмени белешки, листи за проверка, коментари на пишани трудови на учениците и сл.).
Педагогот изготвува извештај за успехот на учениците по одделенија, предмети, пол, етички состав и наставен јазик квартално по тромесечија, на полугодие и на крајот на годината према податоци добиени од одделенските раководители како и за поведениeто и редовноста на учениците по одделенија, пол, етички состав и наставен јазик. Анализа на состојбите со оценувањето се прави по активи и согласно на тоа се дава поддршка за подобрување на резултатите.

### 16.3. Извештај за Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Воспитно - образовниот процес во училиштето се следи од страна на директорот и стручните соработници - педагог, психолог и дефектолог. Ова следење е планирано во нивните програми за работа. Со овие стандарди и критериуми се одредува динамиката и карактерот на следењето и вреднувањето.
Учениците од 1-9 одд. беа проследени од страна на директорот, педагогот, психологот и дефектологот според нивното годишно планирање.

### 16.4. Извештај за Самоевалуација на училиштето

Согласно законот за Основно образование на крајот на секоја втора наставна година училиштето врши самоевалуација..
Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

- подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);
- фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
- фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да доставаат забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Резултатите од самоевалуацијата се земаат во предвид при изготвување на план за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.
Во текот на годината се организираа состаноци за давање насоки на одговорните на подрачја на Самоевалуацијата. Се прибираат и групираат податоците за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата на училиштето.
По спроведената самоевалуација училишната комисија изготвува извештај во кој се определени јаките и слабите страни во работењето на училиштето и се даваат предлози и препораки за подобрување.

## 17. Извештај за Безбедност во училиштето

Училиштето располага со противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Училиштето има изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места. За заштита и безбедност на просториите во училиштето има план за дежурства на наставници и техничка служба за време на часовите, а влезните врати се заклучени. Поставени се видеокамери низ училиштето.

## 18. Извештај за Грижа за здравјето

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците се реализираа во наставата во текот на учебната година, преку предавања и разговори на часот, како и со надворешни стручни лица.
Во текот на учебната 2025/2026 година реализирани се следните активности:

- **Хигиена во училиштето**

Хигиената во училиштето ја одржуваат 5 хигиеничари - технички персонал. Училиштето преку советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената. Дежурните наставници за време на одморите, а сите други за време на часовите се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор. Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за наставниците и учениците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот (пред почетокот на секоја смена и на крајот на денот). Останатиот училишен простор се чисти двапати во денот. На почетокот на учебната година санитарен инспектор ја проверува хигиената во училиштето и дава дозвола за непречено одвивање на наставата. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат.

- **Систематски прегледи**

- **Имунизација**

Имунизацијата (вакцинирањето) се спроведува според програмата за задолжителна имунизација на учениците од основните училишта (Службен весник бр.29 од 11.02.2025). Имунизацијата се врши во просториите за училишна превентива во ЈЗУ поликлиника “Јане Сандански“- Скопје, во присуство на родител и одделенски наставник за учениците од I до V одд, а за учениците од VI до IX одд. одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.

**Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година извршен е:**

- ✓ систематски преглед и ревакцинација со МРП на ученици од I одд. во Поликлиника „Јане Сандански“ – училишна превентива според следниов распоред:
- Ученици од I-а одд.на ден 07.11.2025 год.
- Ученици од I-б одд на ден 10.11.2025 год. .
- Ученици од I-в одд.на ден 11.11.2025 год.
- Ученици од I-г одд.на ден 12.11.2025 год.
- ✓ Имунизација со HPV вакцина на ученици кои наполниле 12 години според следниов распоред:
- Ученици од VII-а одд.на ден 07.11.2025 год.
- Ученици од VII-б одд на ден 10.11.2025 год. .
- Ученици од VII-в одд.на ден 11.11.2025 год.
- Ученици од VII-г одд.на ден 12.11.2025 год.

**Во второто полугодие од учебната 2025/2026 година извршени се:**

- ✓ ревакцинација со ДИ-ТЕ-ПЕР и ПОЛИО TETRAXIM на ученици од II одд. во Поликлиника „Јане Сандански“ – училишна превентива според следниов распоред:
- ➢ Ученици од II-а и II-б одд. на ден 04.03.2026 год.
- ➢ Ученици од II-в и II-г одд. на ден 05.03.2026 год.
- ✓ ревакцинација со REVAXIS (Дифтерија-Тетанус и детска парализа) на ученици од IX одд. во Поликлиника „Јане Сандански“ - училишна превентива според следниов распоред:
- ➢ Ученици од IX-а и IX-б одд. на ден 06.05.2026 год.
- ➢ Ученици од IX-в и IX-г одд. на ден 05.05.2026 год.

- **Превенција на орални заболувања**

Превенцијата на орални заболувања се врши во ЈЗУ поликлиника "Јане Сандански" - Скопје согласно акциониот план од националната стратегија за превенција на орални заболувања од 0 - 14 години, за тековната 2025/2026 год.
Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година изршени се стоматолошки прегледи на:
Ученици од шесто одделение по следниов распоред:

- ➢ Ученици од VI - а одд. на ден 03.10.2025 год.
- ➢ Ученици од VI - б одд на ден 04.10.2025 год.
- ➢ Ученици од VI - в одд. на ден 05.10.2025 год.
- ➢ Ученици од VI - г одд. на ден 06.10.2025 год
- ➢ Ученици од VI - д одд. на ден 07.10.2025 год

Ученици од седмо одделение по следен редослед:

- ➢ Ученици од VII-а на ден 30.09.2025 год.
- ➢ Ученици од VII-б одд. на ден 01.10.2025 год.
- ➢ Ученици од VII-в одд. на 02.10.2025 год.
- ➢ Ученици од VII-г одд. на 03.10.2025 год.

Ученици од петто одделение по следен редослед:

- ➢ Ученици од V-а одд на ден 22.12.2025 год.
- ➢ Ученици од V-б одд. на ден 23.12.2025 год.
- ➢ Ученици од V-в одд. на ден 24.12.2025 год.
- ➢ Ученици од V-г одд. на ден 25.12.2025 год.
- ➢ Ученици од V-д одд. на ден 26.12.2025 год.

**Во второто полугодие од учебната 2025/26 година изршени се стоматолошки прегледи на:**

Ученици од четврто одделение по следен редослед:

- ➢ Ученици од IV-а одд на ден 02.02.2026 год.
- ➢ Ученици од IV-б одд. на ден 03.02.2026 год.
- ➢ Ученици од IV-в одд. на ден 04.02.2026 год.
- ➢ Ученици од IV-г одд. на ден 05.02.2026 год.

Ученици од трето одделение по следен редослед:

- ➢ Ученици од III-а одд на ден 02.03.2026 год.
- ➢ Ученици од III-б одд. на ден 03.03.2026 год.
- ➢ Ученици од III-в одд. на ден 04.03.2026 год.
- ➢ Ученици од III-г одд. на ден 05.03.2026 год.

Ученици од второ одделение по следен редослед:

- ➢ Ученици од II-а одд на ден 31.03.2026 год.
- ➢ Ученици од II-б одд. на ден 01.04.2026 год.

- Ученици од II-в одд. на ден 02.04.2026 год.
- Ученици од II-г одд. на ден 03.04.2026 год.

Ученици од прво одделение по следен редослед:

- Ученици од I-а одд на ден 27.04.2026 год.
- Ученици од I-б одд. на ден 14.05.2026 год.
- Ученици од I-в одд. на ден 29.04.2026 год.
- Ученици од I-г одд. на ден 30.04.2026 год.

На 21.04.2026 година од страна на претставници-лекари од Здравствен Дом Скопје, пол. Јане Сандански беше реализирана едукативна презентација со ученици од VI до IX одд. за значајните придобивки од редовната имунизација како и болестите кои може успешно да се превенираат со вакцинација.
Во рамки на оваа превентивна активност, на учениците им беа споделени и официјални едукативни материјали (брошури) под мотото „Секоја доза е важна: водич за болести кои може да се превенираат и вакцинација“ поддржани од Министерство за здравство и СЗО. Главната цел беше подигнување на свеста кај учениците за важноста на редовното следење на календарот за задолжителна имунизација.

**Стручен соработник - психолог Ивана Велевска**

**Едукација за здрава исхрана- оброк во училиштата**

Содржините поврзани со здравата исхрана се реализираат во рамките на задолжителните и изборните наставни предмети, како и преку Програмата „Животни вештини“, согласно наставните програми.
Во училиштето е организирана исхрана за учениците, при што оброците се планирани во согласност со нутритивните потреби и препорачаните дневни калориски вредности според возраста на учениците. На овој начин се придонесува за развивање на здрави прехранбени навики и за поддршка на правилниот раст и развој на учениците.

## 19. Извештај за Училишна клима

Сите учесници во воспитно-образовниот процес, како и останатите вработени во училиштето, континуирано придонесуваат за создавање и одржување на позитивна, безбедна и поттикнувачка училишна клима. Училиштето негува култура на меѓусебно почитување, доверба, соработка и одговорност.
Училишната клима се темели на квалитетни меѓучовечки односи помеѓу вработените, учениците и родителите, како и на одговорен однос кон училишниот имот и материјалните добра. Преку заеднички активности и почитување на правилата на однесување, сите субјекти придонесуваат за создавање позитивна работна и воспитно-образовна средина, во која учениците се чувствуваат прифатени, безбедни и мотивирани за учење и личен развој.

### 19.1. Дисциплина

Училиштето воспоставува и негува позитивна дисциплина и соодветно однесување на сите учесници во воспитно-образовниот процес преку доследна примена на повеќе интерни акти и документи. Тие ги опфаќаат: Правилникот за однесување на учениците, наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор, Кодексот за однесување на учениците, Кодексот за однесување на родителите, Кодексот за однесување на наставниците, Куќниот ред на училиштето, Правилникот и критериумите за изрекување педагошки мерки, како и распоредот за дежурства на наставниот кадар.
Во овие документи јасно се утврдени правилата на однесување, правата и обврските на сите субјекти, како и постапките и мерките што се применуваат во случај на нивно непочитување.

За превенција и надминување на проблемите поврзани со однесувањето и дисциплината, училиштето континуирано реализира советодавни разговори меѓу ученикот, наставниците, стручната служба и, по потреба, родителите или старателите. Целта е навремено решавање на проблемите, подобрување на дисциплината и создавање позитивна работна атмосфера во наставата.

Кон учениците кои ги прекршуваат правилата на воспитно-образовната работа се применуваат педагошки мерки во согласност со законските прописи и интерните акти на училиштето. Истовремено, директорот формира тим за поддршка кој работи со ученикот, родителот или старателот, наставникот и паралелката, со цел надминување на причините за несоодветното однесување и обезбедување соодветна поддршка.

При изрекувањето на педагошките мерки се обезбедува еднаков, правичен и транспарентен пристап кон сите ученици, со доследна примена на Правилникот и критериумите за изрекување педагошки мерки.

Со цел одржување на редот и безбедноста во училиштето, изготвен е распоред за дежурства на наставниците. Дежурните наставници ја следат дисциплината во училишната зграда и училишниот двор, водат евиденција за тековните случувања и навремено преземаат соодветни мерки кога е потребно.

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето континуирано се води грижа за функционалното и естетското уредување и одржување на училишниот простор и неговото опкружување, во согласност со возраста и потребите на учениците. Се создава пријатна, безбедна и поттикнувачка средина која придонесува за квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Наставниците и учениците активно учествуваат во уредувањето на училиштето преку изработка и изложување на ученички творби, проекти, презентации и други едукативни материјали, со што се збогатува училишниот амбиент и се промовираат креативноста, соработката и почитувањето на мултикултурните вредности.

Наставниците и учениците се грижат за уредувањето и одржувањето на училниците, додека тимот за естетско уредување е задолжен за изгледот на ходниците, влезниот простор и училишниот двор.

Сите простории во училиштето се функционално организирани, соодветно опремени и ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, овозможувајќи безбедна, пријатна и непречена реализација на наставните и вонннаставните активности.

| **Извештај за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност:** | **Реализирана:** | **Реализатор:** | **Извори – ресурси:** | **Методи и постапки при реализација:** | **Очекувани ефекти:** |
| Уредување на училишниот двор и училишниот хол по повод прием на првачиња | Септември | Тим за естетско уредување | Постери, изработки од учениците | Практична работа | Естетско уреден простор |
| Уредување и одржување на училниците | Во текот на целата учебна година | Класни раководители и одговорни ученици | Изработки од учениците | Разговор, практична работа | Естетско уредена училница и пријатна атмосфера за работа |
| Уредување на училишниот хол и ходниците | Во текот на целата учебна година | Наставници и одговорни ученици | Изработки од учениците, дипломи, пофалници, пехари | Практична работа | Преставување на работата на наставниците и учениците и развивање на свест за естетска вредност |
| Уредување и одржување на училишниот двор | Во текот на целата учебна година | Техничка служба, наставници, ученици | Садници, алат за работа | Разговор, практична работа | Естетско уреден и функционален училишен двор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Акцијата за чистење на непосредната околина | 22 април | Техничка служба, одделенски наставници, предметни наставници од природните науки и ученици од нашето улилиште | Алат и средства за работа | Практична работа | Естетско уреден и чист училишен двор |

### 19.3. Етички кодекси

Во рамките на своето работење, училиштето има изготвено Етички кодекси за однесување на учениците, наставниците, останатите вработени и родителите. Овие документи се составен дел од училишната документација и претставуваат основа за градење култура на меѓусебно почитување, одговорност, соработка и професионално однесување на сите учесници во воспитно-образовниот процес.
Училиштето располага и со Еко-кодекс, кој ги содржи основните еколошки принципи, пораки и правила за заштита и унапредување на животната средина во училиштето и локалната заедница. Еко-кодексот ја отсликува определбата на училиштето за развивање еколошка свест, одговорно однесување и одржлив развој, претставувајќи водич за однесување на сите учесници во реализацијата на еколошките активности.
Еко-кодексот е изработен со активно учество на учениците, наставниците и родителите, а неговата содржина е јавно и видно истакната во училишниот простор, со цел да биде достапна и препознатлива за сите.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето континуирано негува политика на взаемно почитување, еднаков третман и партнерски односи меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес. Со цел унапредување на квалитетот на комуникацијата, меѓусебната доверба и соработката, редовно се организираат формални и неформални средби меѓу вработените.
Меѓусебните односи помеѓу вработените, учениците и родителите се уредени со Куќниот ред на училиштето, Правилата за однесување и Етичките кодекси, кои се ревидираат и усогласуваат пред почетокот на секоја учебна година.
Во училиштето функционираат одделенски заедници и заедници на паралелките, формирани на демократски начин, преку кои учениците навремено се информираат за прашања од нивен интерес, активно учествуваат во предлагањето иницијативи, донесувањето одлуки и решавањето на проблемите поврзани со училишниот живот.
Училиштето континуирано презема активности за активно вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес и во унапредувањето на работата на училиштето. Родителите се охрабруваат да учествуваат во наставни и воннаставни активности, работилници, проекти и други иницијативи. Комуникацијата со родителите се реализира преку родителски средби, индивидуални разговори, приемни денови и други форми на соработка, прилагодени на нивните можности и потреби.
Изборот на претставниците на родителите во Советот на родители и Училишниот одбор се спроведува согласно пропишаните демократски процедури, со обезбедена можност за кандидирање и активно учество. Родителите се вклучени во работата на Советите на родители на ниво на паралелка и училиште, како и во Училишниот одбор, со што активно придонесуваат во процесот на донесување одлуки и унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

Училиштето обезбедува навремено, јасно и транспарентно информирање на родителите за сите значајни аспекти од своето работење, вклучувајќи ги организацијата на наставата, планираните активности, постигнувањата на учениците и развојните цели на училиштето. За унапредување на соработката и комуникацијата, во текот на учебната година се организираат состаноци, работилници, трибини и дебати, со што се зајакнува партнерскиот однос помеѓу училиштето, учениците и родителите.

## 20. Извештај за Професионален и кариерен развој на воспитно- образовниот кадар

Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно, како и надворешно усовршување, кое го врши БРО, МОН и други институции.

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

За квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот. Самоевалуацијата на училиштето покажа дека наставниците редовно ги следат сите обуки и семинари организирани или поддржани од МОН и БРО, а дел од нив и самостојно се усовршуваат. Секој наставник на ниво на актив ги изнесува личните потреби за професионален развој, кои потоа се проследуваат по хоризонтала и вертикала. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, составен од директор, стручни соработници и претседатели на активи.

- **Активности за професионален развој**

Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Во рамки на континуираното стручно усовршување, наставниците се обврзани да посветат најмалку 60 часа на обуки во текот на три учебни години, со најмалку 40 часови учество на акредитирани програми за обука. По утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените, се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници, дисеминации на новини и др. Во училиштето се изработува годишен план за професионален развој на наставниците, задолжително се реализира дисеминација и се изработува извештај проследен со евалуација, од каде ќе произлегуваат и наредните потреби за професионален развој.

- **Личен професионален развој**

Во училиштето редовно се следи работата на наставниците и се настојува нејзино подобрување преку разни форми на професионален развој: семинари, обуки, конференции, пишани рубрики, статии во стручна литература итн. Според насоките дадени од ДПИ, се врши и интерно следење на наставниците преку посета на часови, како и анализа на наставничките портфолија. За сопственото стручно усовршување, наставникот прави личен план за професионален развој за секоја учебна година преку самоевалуација на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од БРО, Центарот и ДПИ.
Директорот на училиштето го одобрува планот, на предлог на тимот за професионален развој во училиштето. Тимот за професионален развој го сочинуваат координаторите на стручните активи на наставници во училиштето, директорот и стручен соработник во училиштето. Формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставникот и стручниот соработник ги уредува министерот, на предлог на БРО и Центарот за професионалнен развој. За професионалниот развој на секој наставник се води професионално досие.

- **Хоризонтално учење**

Знаењата, искуствата и стручното усовршување на наставниците стекнати од сопствената пракса во воспитно-образовниот процес и од разни семинари се споделуваат со другите наставници. Тоа искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручни соработници преку изведување, присуствување и анализирање на нагледни и отворени часови, прикази на стручни теми, држење на интерни обуки, дисеминации, работилници и колегијална менторска поддршка. Врз основа на програмата за професионален развој, училиштето ќе подготви акциски планови во

кои ќе бидат наведени активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење, како и очекуваните резултати и исходи.

- **Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

Професионалниот развој води кон кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар. Во процесот на кариерен развој на наставниците, проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти, и ја прави училиштето. За таа цел воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со: Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот, Професионалните стандарди за наставник-ментор, Професионалните стандарди за наставник- советник. Проценката од училиштето се прави за оној наставник кој се подготвува и се пријавил за напредување во звање и ја базира врз информации добиени од: родители, ученици, наставници и училишна документација.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/ старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето континуирано ја планира и реализира соработката со родителите преку различни форми на комуникација и активно вклучување во воспитно-образовниот процес. Посебно внимание се посветува на градењето партнерски односи преку секојдневна комуникација, индивидуални разговори, родителски средби, приемни денови и други заеднички активности.
Во Годишната програма за работа се планирани содржините и активностите за соработка со родителите, а значајна улога во нивната реализација има Советот на родители, кој активно придонесува во унапредувањето на воспитно-образовната работа и развојот на училиштето.
Родителите имаат можност активно да учествуваат во животот и работата на училиштето преку давање предлози, мислења и иницијативи за подобрување на условите и квалитетот на воспитно-образовниот процес. Нивните предлози се разгледуваат и, во согласност со можностите на училиштето, се вклучуваат во планирањето и реализацијата на активностите.
На почетокот на секоја учебна година родителите се запознаваат со организацијата на училиштето, планираните активности, нивните права и обврски, како и правата и обврските на учениците. Информирањето се реализира преку информативни материјали, родителски средби и други форми на комуникација.

Училиштето обезбедува навремено и транспарентно информирање на родителите преку огласните табли, официјалната веб-страница, електронската комуникација и другите достапни канали, со што се обезбедува постојана поврзаност и партнерски однос меѓу училиштето и семејството.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите континуирано и активно се вклучуваат во животот и работата на училиштето, како партнери во воспитно-образовниот процес и во поддршката на учењето и развојот на учениците. Преку родителски и индивидуални средби, состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор, тие редовно се информираат за реализацијата на наставниот процес, постигнувањата на учениците и тековните активности во училиштето од страна на директорот, наставниците и стручната служба.
Во програмите за соработка со родителите, изготвени од одделенските раководители и стручните соработници, се предвидени активности насочени кон обезбедување поддршка за учениците со потешкотии во учењето и развојот, како и за поттикнување и развивање на потенцијалите на талентираните и надарените ученици, преку активна соработка со нивните родители.
Со цел зајакнување на партнерскиот однос меѓу училиштето и семејството, родителите активно учествуваат во организирањето и реализацијата на училишни манифестации, промоции,

работилници, хуманитарни и продажни базари, спортски настани, прослави, приредби, нагледни часови и други воспитно-образовни и културни активности. Ваквата соработка придонесува за создавање позитивна училишна клима и за унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето континуирано реализира активности за едукација и советодавна поддршка на родителите, со цел зајакнување на нивната улога во воспитувањето, образованието и целокупниот развој на учениците.
Едукацијата на родителите се реализира преку работилници за Советот на родители, тематски предавања на општите и одделенските родителски средби, индивидуални разговори, советувања и други форми на едукативна комуникација.
Во училиштето се спроведува Програма за советување на родители, преку која родителите добиваат стручна поддршка и насоки за поуспешно справување со предизвиците поврзани со училишниот успех, редовноста, дисциплината, однесувањето и психосоцијалниот развој на своите деца.
Стручните соработници во текот на учебната година континуирано реализираат советодавно-консултативни разговори со родителите, обезбедувајќи им стручна помош и поддршка во решавањето на конкретни воспитно-образовни прашања.
За навремено информирање и едукација на родителите, училиштето користи различни форми на комуникација, како што се презентации, известувања на официјалната веб-страница, соопштенија, информативни брошури, флаери и други едукативни материјали.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

### Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница. На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата.
Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко (општина Кисела Вода, урбана заедница, влада на РСМ). Дел од културно образовните активности во училиштето се реализираат во соработка со населението од локалната средина и се превземаат најразлични акции на соработка кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина. Особено значајна е соработката на училиштето со бизнис заедницата.
Во текот на учебната 2025/2026 година претставници од училиштето соработуваат со општината преку оддржување на предавања/ работилници/состаноци/обуки за врсничко насилство, булинг, детско претсапништво со цел спречување на насилството и булингот меѓу учениците.

### Институции од областа на културата

Во текот на годината се организираа посети на музеи ( Музеј на град Скопје, Музеј на Македонија, Етнолошки Музеј, Куќата на мајка Тереза, Музеј на македонската борба за државност и самостојност, природо-научен музеј „Никола Незглобински“ и Заливот на коските), цркви (Св.Спас, Св.Софија, Св.Климент Охридски, Св.Наум), археолошки локалитети ( „Тумба“-Маџари, Скупи, Стоби, Хераклеа). Училиштето остварува соработка со детскиот театар. Во зависност од интересот на учениците се организира и посета на театарски и кино претстави.

**Институции од областа на образованието**

Училиштето има отворена соработка со МОН, БРО, ДПИ, Сојузот за грижи и воспитување на децата на Република Македонија, со детските градинки, основните и средни училишта и Филозофскиот Факултет. Соработката со основните училишта од општина ,,Кисела Вода“, градот, републиката и пошироко и се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности, при одбележувањето на значајни датуми, патрони празници, како и учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари на знаења, како и манифестации од спортско -рекреативен и забавен карактер.
Соработката со средните училишта се остварува преку најразлични форми на културно – образовни активности и посети на отворени денови во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.
Се остварува соработка со УКИМ- Филозофскиот Факултет, Институт за педагогија при организирање на педагошка и методска практика на студентите, Институт за специјална едукација и рехабилитација.

**Невладини организации**

Училиштето остварува соработка со Црвениот Крст на Македонија, невладини организации и разни еколошки друштва. Се планираат и организираат заеднички акции од хуманитарен карактер.

**Спортски друштва**

Училиштето соработува со повеке спортски клубови: ракометен клуб, кошаркарски клуб и одбојкарски клуб, клуб за модерни танци и играорна, со цел унапредување на здравјето и развој на човечки способности и особини кои се во согласност со општествената заедница и потребите на современото живеење.

**Здравствени организации**

Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со: ЈЗУ Поликлиника „Јане Сандански“, МКФ- Меѓународна класификација за функционалност и попречености, „Заводот за ментално здравје“ и други институции кои нудат здраствени и психолошки услуги и со центрите за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на ученици.

**Медиуми (со цел промоција на училиштето)**

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации. Информирањето за активностите на учениците се одвива континуирано во текот на целата учебна година годината преку разни списанија и весници,стручни списанија, како Просветно дело , Арс Ламина и други, како и преку радио и телевизиски емисии.

| **Медиуми (со цел промоција на училиштето)** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Содржини на објавување** | **Очекувани исходи/ефекти** |
| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | | | | |
| Објавување на материјал (текст и слики) во детски списанија | Во текот на годината | Одговорни наставнци и ученици | Ликовни галерии, хепенинзи, патронен празник, саем на книгата, значајни манифестации и постигања на учениците | Афирмирање на училиштето |
| ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ | | | | |
| Македонска телевизија во ученички емисии и утрински програми | времето на денот на училиштето | Одговорни наставнци и ученици | абавни содржини посветени на патрониот празник | Промовирање на постигањата |
| ИНТЕРНЕТ WEB страна на училиштето | Во текот на годината | Одговорни наставнци и ученици | Брошура , Годишна програма, Годишен и полугодишен извештај и др. | Транспарентно информирање за работата на училиштето |

## 23. Прилози

**Прилог бр. 1**
**Извештај за работата на Детската организација**

Детската организација своите активности ги насочува кон детското здружување. Во своите активности се раководи спрема интересите и потребите на децата. Децата се нашето најголемо богатство, тие се нашата иднина. Во рамките на програмските активности, реализирани се културни, забавни, образовни,спортско-рекреативни активности активности во областа на екологијата и други активности посветени и во интерес на децата.

**Мото: „Детето денес – иднината утре!“**

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| -Донесување на Годишна програма за работа на Детската организација;<br>-Подготовка на приредба за прием на првачиња;<br>-Свечен прием на учениците од прво<br>одделение со пригодна програма;<br>-Избор на раководсво на детските организации;<br>-Одбележување на 8 Септември- Денот на независноста на Република Северна Македонија<br>-Одбележување на меѓународниот ден на мирот; | Август/Септември |
| -Прием на првачињата во Детската организација;<br>-Активности по повод Детската Недела;<br>-Одбележување на 5 -ти Октомври – меѓународен ден на наставниците;<br>-Активности за одбележување на 11-ти Октомври;<br>-Одбележување на Денот на ООН 24-ти Октомври<br>-Одбележување на меѓународниот ден на штедењето 31-ви Октомври | Октомври |
| -Посета на Фестивалот на детска песна „Златно славејче“<br>-Одбележување на Месецот на книгата<br>- Одбележување на 20-ти Ноември – Светски ден на правата на децата;<br>-Активности во училиштето околу следење на успехот на учениите во првото тримесечие; | Ноември |
| -Организирање на новогодишни приредби за учениците<br>-Подготовка на учениците за организирано користење на зимскиот распуст; | Декември |
| -Организирање акција за уредување на училишните простории<br>- Подготовки на учениците за учество на разни натпревари; | Февруари |
| -Пригодни активности по повод 8-ми Март;<br>-Одбележување на 17-ти Март денот на крводарителството;<br>-Одбележување на денот на екологијата и денот на пролетта на 21 Март<br>-Активности по повод Патрониот празник на училиштето;<br>-Одбележување на Деновите на пролетта и екологијата;<br>- Подготовки за одбележување на денот на шегата и смејата | Март |
| -Одбележување на Први Април-ден на шегата со пригодни активности;<br>- Одбележување на 7-ми Април денот на здравјето;<br>-Одбележување на 22 -ри Април – Ден на планетата Земја;<br>-Одбележување на 23 -ти Април - Светски ден на книгата и авторските права:<br>- Учество на аудиции за избор на членови на хорот „Златно славејче“ | Април |
| -Одбележување на 1 -ви Мај – Ден на трудот;<br>- Одбележување на 4 -ти Мај – годишнина од смртта на Гоце делчев;<br>Одбележување на 5 -ти Мај – Денот на мајчиниот јазик<br>-Одбележување на 6-ти Мај „Ѓурѓовден“-денот на општината Кисела Вода;<br>-Одбележување на 24 –ти Мај- Денот на сесловенските просветители; | Мај |

| | |
|---|---|
| -Одбележување на 1-ви Јуни - Меѓународен ден на децата;<br>-Разгледување на успехот,редовноста и дисциплината на крајот на учебната година;<br>-Напатствија за правилно и рационално користење на летниот распуст;<br>-Презентација на Годишниот извештај за работата на Ученичката заедница за учебната 2025/26 година;<br>-Свечена програма по повод крајот на учебната 2025/2026 година; | Јуни |

**Одговорни наставници:**
**Дафина Георгиевска и Илинка Димовска**

**Прилог бр. 2**
**Извештај за работата на Црвен крст за учебната 2025/2026г.**

| дата | активност | организатор | учество |
|---|---|---|---|
| од 14.10 (вторник) до 17.10.(петок) | „Недела на борба против гладта“ | Црвениот крст на РСМакедонија-Општинска организација Кисела Вода | Сите ученици од I-IX одд |

**Одговорни наставници:**
**Ирена Шехтанска и Бетка Спасовска**

**Прилог бр. 3**
**Извештај за општествено корисна работа**

Целта на вклучување на учениците од основното училиште во општествено корисната работа е кај нив да се развива љубов и позитивен однос кон работата, да негува почит кон работниот човек, средствата за производство, да ги почитува резултатите од трудот и да придонесе за правилно сфаќање на улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот.

Задачите на општествено корисната работа се:
- кај учениците да се развие позитивен став кон трудот
- Да придонесе за постапен развој на истрајноста во работата, уредно и навремено завршување на задачите
- Да развие љубов кон природата и природните убавина
- Да се создадат навики кај учениците за одржување на хигиената во училиштето и во непосредната околина.

Учениците учествуваа во следните активности:
Општествено корисна работа:
16-22.10.2025 г. -Хуманитарна акција „Помислете на нас“ која се реализира по повод „Недела на борба против гладта“ преку донирање на храна.
22.4.2026 г. Одбележување на 22 Април – Ден на планетата Земја. *Проширување на знаењата за нашата планета и нејзиното зачувување преку садење на нови садници во училишниот двор.
06.05.2026 Учество на цветно дефиле по повод Ѓурѓовден
Учениците од III В одделенио на ден 06.06.2026 учествуваа за донирање и подготвување на 180 оброци за лица во социјален ризик.

**Еленора Лазаров**

**Прилог бр. 4**

**Извештај за културно-забавен живот**

Во учебната 2025/26 год. работната група за културно забавен организираше на почетокот на учебната година (септември) свечен прием на првачињата. Тие беа пречекани од нивните одделенски раководители со пригодна програма и организација.

**1ви**- **Септември** ораганизиран „Прием на првачињата“ од класните раководители на првите одделенија првачињата беа прифатени.
**08-12.10.2025 г.** - Одбележување на Детска Недела - Прием на првачињата во Детска организација- прием на нови членови во Детската организација.
**6ти**-**Октомври-** Денот на Учителот - творење литературни творби.
**9ти**-**Октомври**- Одбележување на 9-ти Октомври - Ден на востанието на Република Македонија Секој со своите класни раководители се запознаа со значењето на празникот проследено со реферат и литературни творби.
**15-ти Октомври-** активности за одбележување на **Светскиот ден на белиот стап** во организација на инклузивен тим на училиштето
**20ти- Октомври**- Одбележување на - Ден на македонската револуционерната борба, проследено со пишување и читање на реферат и литературни творби.
**13ти**-**Ноември** Минути посветени на **13-ти Ноември** - Ден на ослободување на градот Скопје; Ликовни и литературни творби;
**3-ти Декември-** активности за одбележување на **Светскиот ден на лицата со попреченост** во организација на инклузивен тим на училиштето.
**8ми**-**Декември** -Одбележување на **– Св.Климент Охридски** Запознавање со празникот и неговото значење пишување и читање на литературни и ликовно изразување. Одбележан на 5-ти Декември.
**8ми- Декември** - Светски ден на правата на човекот и правата на деца.
**29-31ви-Декември –**Разговор за значењето на „Нова Година„ проследено со литературни творби илустрации- изработка новогодишни честитки-украси.
По повод новогодишните празници, а во рамките на драмската секција беа напишани драмски дела од учениците од 7-а и 7-б под наслов "Новогодишна магија" и "Дедо Мраз и децата" под менторо училиштето со организирано дозирање на публиката за успешна престава. Претставите беа со одушевување прифатени од публиката како и од присутните родитство на Снежана Цоневска. Тие беа преточени во театарска престава со сите елементи на бината вели.
**02.02.2026год** .Одбележување ден- 150 години од раѓањето Гоце Делчев со уредување на фоајето со историски податоци,проследено со читање на литературни и ликовни творби.
**20.02.2026год**.Одбележување на Денот на мајчиниот јазик проследено со литературни творби, и членовите на драмската секција го одбелаа “Денот на мајчиниот јазик”, за таа пригода се подготви соодветен рецитал и музички точки, одбележувањето го следеа гости наставници од околните училишта, како и Градоначалникот на Општината.
**23.02.2026год**.Одбележување на денот на лицата со ретки болести.
06.03.2026год.Одбележување по повод“ Денот на жената - мајката“проследено со литертурни и ликовни творби.
**23.03.2026год**.Одбележување на Патрониот празник на училиштето проследено со музичко ритмички кореографии, ликовни и литертурни творби. Патрониот празник и тоа 81 година од постоењето на ООУ "Кирил Пејчиновиќ со подршка на диреторот доц. д-р Горанчо Јакимов". Се напишаа три драмски претстави од учениците од 7-а и 7-б одд. како и од учениците од шесто одд. под наслов "Патување низ времето", "Учениците од минатото и денес" и "Животот и учењето во Кирил Пејчиновиќ, под менторство на Снежана Цоневска". Претставите беа темелно подготвени со идеја да се изведат за време на "Деновите на театарот во Кирил Пејчиновиќ" во чест на нашиот Патрон. На патронатот присуствуваше и Градоначалникот на Општина Кисела Вода, преставата беше одлично прифатена поткрепена со музички точки под раководство на Даница Настевска и на крај наставниците со колаж песни ја заокружија блескаво приредбата. Претставите беа одлично примени од соучениците, родителите и наставниците и присутните гости.

**01.04.2026год**.Првоаприлско Дефиле во рамките на општината проследено со маски, креативност, шегување, забава и дружење.
**02.05.2026г.** Читање реферат, 4 Мај - Ден кога загинал Гоце Делчев
**07.05.2026г.** Читање реферат по повод - 5 Мај - Ден на мајчиниот јазик
**06.05.2026год.** Цветно Дефиле по повод Ѓурѓовден роденденот на нашата општина.
**23.05.2026г.** Читање реферат- „Св.Кирил и Методиј- сесловенски просветители"
**13-18.05.2026г.** Изведба на драмски претстави на училишната бина...
**01.06.2026год**.Одбележување на светскиот ден на детето.
**10.06.2026год**.Завршна прослава проследена со музчки бенд, завршување на учебната година.

**Одговорни наставници:**
**Васа Трајчевска за одд. настава и**
**Снежана Цоневска за предметна наставник**

**Прилог бр. 5**

**Извештај од стручниот актив на одделенска настава**

**Реализирани семинари, обуки, конференции**

| Семинар, обука | Организатор | Датум и место | Цел | Наставник | сертификат |
|---|---|---|---|---|---|
| Обука на тема: „Превенција од насилен екстремизам, радикализам и врсничко насилство“ | Центар за толеранција и доживотно учење | 26.9.2025 27.9.2025 Дојран | Да се превенира насилниот екстремизам, радикализам и врсничкото насилство | Илинка Димовска | сертификат |
| 68th Pan-EU Conference on Digital Education. | PRIMERA COURSES | 27.11.2025 online | Размена на искуства со експерти од различни земји за подобрување на квалитетот на образовниот процес | Илинка Димовска | сертификат |
1. Бројна состојба на учениците од прво до петто одделение за учебната 2025/2026 година;
2. Реализација на наставен план и програма за учебната 2025/2026 година;
3. Успех, редовност и поведение на учениците од прво до петто одделение во текот на учебната 2025/2026 година.

**Записничар: Анета Буковалова**

## Годишен извештај за одржани Одделенски совети за предметна настава (шесто до деветто одделение) за учебна 2025-2026

Во учебната 2025-2026 година одржани се пет (5) Одделенски совети за предметна настава.
Сите Одделенски совети се одржаа со физичко присуство и на истите покрај наставниците од предметна настава кои предаваат од шесто до деветто одделение, присуствуваа дефектологот Велика Миленсковска, педагогот Жаклина Стојановска и психологот Ивана Велевска Блажевска.
Одделенските совети за предметна настава ги водеше директорот на училиштетео доц.д-р Горанчо Јакимов.
Сите Одделенски совети беа закажани навремено и сите наставници беа информирани преку истакнување на Дневниот ред на огласна табла во наставничката канцеларија на училиштето и електронски преку одговорните на активи по групи.
За секој Одделенски совет се водеше Записник и секој од Записниците (вкупно 5) е заверен и може да се побара на увид во секое време од записничарот на одделенските совети за предметна настава. Три записници ги водеше записничарот Марина Н. Ристова, а последните два психологот Ивана Велевска.
Во продолжение се прегледите на закажаните Одделенски совети:

**Одделенски совет за учениците од шесто до деветто одделение за првото тримесечие за учебната 2025-2026 година**
**Одржан на: 05.11.2025 (среда) во 13.10 часот со следниот**
**Дневен ред:**
1. Бројна состојба на учениците од шесто до деветто одделение за првото тримесечие за учебната 2025-2026.
2. Реализација на наставниот план и програма за првото тримесечие за учебната 2025-2026.
3. Успех, редовност и поведение на учениците од шесто до деветто одделение за првото тримесечие за учебната 2025-2026.

**Одделенски совет за учениците од шесто до деветто одделение за првото полугодие за учебната 2025-2026 година**
**Одржан на: 13.01.2026 (вторник) во 09.00 часот со следниот**
**Дневен ред:**

1. Бројна состојба на учениците од шесто до деветто одделение за првото полугодие за учебната 2025-2026.
2. Реализација на наставниот план и програма за првото полугодие за учебната 2025-2026.
3. Успех, редовност и поведение на учениците од шесто до деветто одделение за првото полугодие за учебната 2025-2026.

**Одделенски совет за учениците од шесто до деветто одделение за третото тримесечие за учебната 2025-2026 година**
**Одржан на: 03.04.2026 (петок) во 09.00 часот со следниот**
**Дневен ред:**

1. Бројна состојба на учениците од шесто до деветто одделение за третото тримесечие за учебната 2025-2026.
2. Реализација на наставниот план и програма за третото тримесечие за учебната 2025-2026.
3. Успех, редовност и поведение на учениците од шесто до деветто одделение за третото тримесечие за учебната 2025-2026.

**Одделенски совет за учениците од деветто одделение за учебната 2025-2026 година**
**Одржан на: 10.06.2026 (среда) во 11.00 часот со следниот**

**Дневен ред:**

1. Бројна состојба на учениците од деветто одделение за учебната 2025-2026.
2. Реализација на наставниот план и програма за учениците од деветто одделение за учебната 2025-2026.
3. Успех, редовност и поведение на учениците од шесто до деветто одделение за третото тримесечие за учебната 2025-2026.

**Одделенски совет за учениците од деветто одделение за учебната 2025-2026 година**
**Одржан на: 16.06.2026 (вторник) во 09.00 часот со следниот**

**Дневен ред:**

1. Бројна состојба на учениците од шесто до осмо одделение за крај на учебната 2025-2026.
2. Реализација на наставниот план и програма на учениците од шесто до осмо одделение за крај на учебната 2025-2026.
3. Успех, редовност и поведение н на учениците од шесто до осмо одделение за крај на учебната 2025-2026.

**записничар: Марина Николовска Ристова**

**(наставник по англиски јазик)**

**Прилог бр. 9**

**Извештај за одржаните наставнички совети за учебната 2025/2026 год.**

Во учебната 2025/2026 година вкупно се одржани 11 Наставнички Совети. Сите совети се одржаа во присуство на директорот, стручната служба и наставниците. Сите Совети ги водеше директорот доц. д-р Горанчо Јакимов. Сите записници ги водеше предметниот наставник Емилија Наумовски. Сите записници се архивирани. (Во прилог дневниот ред за сите одржани наставнички совети.)

Наставнички совет одржан на ден 26.08.2025 год. ( вторник ) со почеток од 9.30 часот со следниот
ДНЕВЕН РЕД

1. Читање и усвојување на записникот од претходниот наставнички совет.
2. Читање и усвојување на Самоевалуацијата на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“– Кисела Вода, Скопје
3. Протокол за мерки и активности на грижата за физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените во училиштето.
4. Читање и усвојување на „ Интерен акт за унапредување на начинот на однесување во училиштето, мерките за заштита и превенција од насилство и одговорностите на раководителите/старателите и сите други фактори во спречувањето и заштитата од насилство “ изработен според новиот „Правилник за начинот на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување“ донесен од страна на МОН на 07.07.2025 год.
5. Поделба на класно раководство.
6. Прием на првачиња и редоследот за доаѓање на училиште
7. Тековни прашања

Наставнички совет одржан на ден 06.11.2025 со почеток во 12.10 часот со следниот
ДНЕВЕН РЕД

1. Читање и усвојување на записник од претходниот наставнички совети
2. Утврдување на бројна состојба на учениците од прво до деветто за првото тримесечие во учебната 2025/2026 година
3. Реализација на наставен план и програма за првото тримесечие во учебната 2025/2026 година
4. Утврдување на:
- Постигнатиот успех на учениците по сите предмети
- Редовност на учениците
- Поведение на учениците од прво до деветто одделение за првото тримесечие во учебната 2025/2026 година
5. Родителски средби

Наставнички совет одржан на ден 05.12.2025 ( петок ) со почеток во 12.10 часот со следниот
ДНЕВЕН РЕД

1. Известување за интегрална евалуација на ООУ „ Кирил Пејчиновиќ “- Кисела Вода.

Наставнички совет одржан на ден 13.01.2026 година ( вторник ) со почеток во 11 часот со следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Читање и усвојување на записникот од претходниот наставнички совет.
2. Утврдување на бројна состојба на учениците од прво до деветто одделение за првото полугодие во учебната 2025/2026 година.
3. Реализација на наставен план и програма за првото полугодие во учебната 2025/2026 година.
4. Утврвдувње на
   - Постигнатиот успех на учениците по сите предмети
   - Редовност на учениците
   - Поведение на учениците од прво до деветто одделение во текот на првото полугодие во учебната 2025/2026 година
5. Усвојување на полугодишен извештај за работата на училиштето за првото полугодие во учебната 2025/2026 година
6. Родителски средби
7. Распределба на наставници за Општествено- хуманитарна работа.

Наставнички Совет одржан на ден 02.03.2026 година (понеделник) со почеток во 12.10 часот со следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Читање и усвојување на записникот од претходниот наставнички совет.
2. Известување за проследена обука организирана од државниот испитен центар за резултатите и препораките од Државното тестирање за V одделение, во рамки на Проектот за унапредување на основното образование.
3. Одбележување на патронен празник.
4. Тековни прашања.

Наставнички Совет одржан на ден 06.04.2026 година ( понеделник ) со почеток во 12.15 со следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Читање и усвојување на записникот од претходниот наставнички совет.
2. Бројна состојба на учениците од прво до деветто одделение за трето тримесечје во учебната 2025/2026 година.
3. Реализација на наставен плани и програма.
4. Успех, редовност и поведение на учениците за трето тримесечје
5. Родителски средби ( 08.04.2026 година- среда).
6. Тековни прашања

Наставнички Совет одржан на ден 24.04.2026 година ( петок ) со почеток од 12.10 часот со следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување и усвојување на записникот од интегралната евалуација
2. Дискусија по наодите и препораките од Државниот просветен инспекторат.
3. Донесување заклучоци и насоки за понатамошни активности

Наставнички Совет одржан на ден 11.05.2026 година (понеделник) со почеток во 12 часот со следниот :

ДНЕВЕН РЕД

1. Формирање на комисија за избор на Првенец на генерација.

Наставнички Совет одржан на ден 4.6.2026 год. (четврток) со почеток во 12.10 часот со следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Читање и усвојување на записник од претходниот наставнички совет.
2. Читање и усвојување на извештаи од реализирани екскурзии и излети на учениците во учебната 2025/2026 година.
3. Формирање на комисија за изготвување на развојна програма за работата на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“- Кисела Вода, Скопје за период 2026/2030 година.
4. Одлука за изведување на настава за учениците за период од 8.-10.6.2026 година.

Наставнички Совет одржан на ден 10.06.2026 година (среда) со почеток во 12 часот со следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Читање и усвојување на записниокот од претходниот наставнички совет.
2. Утврдување на бројна состојба за учениците од деветто одделение во учабната 2025/2026 година.
3. Утврдување на успех, редовност и поведение на учениците од деветто одделение за учебната 2025/2026 година.
4. Потврдување на ученик за првенец на генерација (2017-2026)
5. Родителски средби
6. Поделба на свидетелства
7. Давање мислење за учениците по даден Оглас за избор на талентирани ученици и ученици спортисти од страна на Општината.
8. Известување од полагање на класен испит по германски јазик за ученик.

Наставнички Совет одржан на ден 16.06.2026 година (вторник) со почеток во 09:00 часот со следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Читање и усвојување на записник од претходниот наставнички совет.
2. Утврдување на бројна состојба на учениците од прво до осмо одделение во учебната 2025/2026 година.
3. Реализација на наставен план и програма за учебната 2025/2026 година.
4. Утврдување на
   - Постигнатиот успех на учениците по сите предмети
   - Редовност на учениците
   - Поведение на учениците од прво до осмо одделение за учебната 2025/2026 година.
5. Родителски средби
6. Поделба на свидетелства.

**записничар: Емилија Наумоски**

**Прилог бр. 10**

**Извештај за работата на Училишниот одбор**

Училишниот одбор е највисок орган кој е одговорен за управување со училиштето. Составот и надлежностите на УО се дефинирани со Законот за основно образование и Статутот на училиштето.
* Училишниот одбор е одлучувачко тело за управување со училиштето.
* Училишниот одбор во соработка со директорот на училиштето и училишните тимови постојано поттикнува активности кои ќе обезбедат квалитет во работењето.

Училишниот одбор при ООУ„Кирил Пејчиновиќ„ во текот првото полугодие од учебната 2025-2026 година редовно одржуваше седници. Во текот на учебната година беа одржани следните седници:

- **седница на 09.07. 2025 година среда 10,00 часот. Со следниот ДНЕВЕН РЕД**

1.Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок
2.Одлука за предлог Годишниот извештај за работата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ“ Скопје, за учебната 2024 /2025 година да се предложи и до Советот на општина Кисела Вода, во чија надлежност е усвојување на истиот
3.Одлука за предлог Годишна програма за работата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ“ Скопје, за учебната 2025/2026 година да се предложи до Советот на општина Кисела Вода, во чија надлежност е усвојување на истиот
4.Одлука за издавање на училишен простор под закуп за учебна 2025/2026 година,согласно Правилникот за постатпката ,начинот и условите за издавање на училишен простор,, и тоа
1.Недвижен имот -Фискултурна сала на училиштето 448м2
2.Недвижен имот -Училница 50м2
3.Дел од холот на училиштето 16 м2
4.Простор на влез во училиштето киоск (приземје) 20м
5.Кафемати
6.Кујна и трпезарија и формирање на Комисија за разгледуваwе на пристигнати понуди по распишан оглас за издавање на училишен простор под закуп за учебна 2025

- **седница на 27.08.2025 година (среда ) со почеток во 10, 00 часот. Со следниот ДНЕВЕН РЕД**

1.Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок
2.Усвојување на извештај од Самоевалуација на работата ООУ,,Кирил Пејчиновиќ“, Скопје за период 2023 г. -2025 г.
3.Одлука да се формира посебен стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта, согласно новиот ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИТЕ, ИЗЛЕТИТЕ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА број е 12-1083/ 2025 година Скопје од 4--08-2025 г.

- **седница на 25.09. 2025 година петок 11,30 часот. Со следниот ДНЕВЕН РЕД**

1.Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок
2.Донесување на Одлука за добиено одобрение за изведување на екскурзијата од училишниот одбор согласно член 11 став 1 од ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИТЕ, ИЗЛЕТИТЕ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА од 4-08-2025 број 12-1083/1 (во понатамо{ниот текст Правилникот)
3.Донесување на Одлука за формирање на Комисија согласно член 20 од Правилникот за Постапката која спроведува комисија формирана со одлука на училишниот одбор, а за За избор на правен субјект за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта,
4.Донесување на интерен акт со кој се уредува начинот на постапување при случаи на насилство, во училиштето согласно член 5 од Правилник за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување
5.Тековни прашања.

- **седница на 28.11. 2025 година петок 11,30 часот. Со ДНЕВЕН РЕД**

1.Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок
2.Давање мислење до Директорот за избор на наставници за учебната 2025 /2026, по објавен оглас во весникот ,,Слободен печат“ и ,,Коха“ од 19.11.2025 година. чл. 108 став 1 алинеа 9 од ЗАКОН ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25).

3.Формирање на Комисија согласно член 4 од Правилник за начинот и постапката на користење на средствата кои основното училиште ги собира од родителите, односно старателите на учениците

- **седница на 03.12. 2025 година среда 17,30 часот. Со ДНЕВЕН РЕД**

1.Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок
2.Донесување на одлука по објавен јавен оглас во дневните весници ,,Слободен печат“,, и ,,Коха“ од 22.11.2025 година, за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основното училиште ,,Кирил Пејчиновиќ,, Скопје, учебна 2025/2026 г.

- **седница на 26.12. 2025 година петок 17:30 часот. Со ДНЕВЕН РЕД**

1.Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок.
2.Верификација на член претставник на општина Кисела Вода во УО со Одлука број 09-11765/4 од 22.12.2025 год.
3.Предлог финансиски план - буџет за 2026 година, план на приходи и расходи на буџетскиот корисник единка ООУ,,Кирил Пејчиновиќ“- Скопје
4.Редовен попис на буџетскиот корисник ООУ,,Кирил Пејчиновиќ“, Скопје, на средствата и на изворите на крајот на деловната 2025 година со состојба на 31 декември 2025 година со Одлука за предлог на пописна комисија
5.План за јавни набавки за 2026 година на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ“, Скопје.
6.Донесување на Одлука за висина на благајнички максимум за 2026 г.

- седница на 19.02.2026 година четврток 11:45 часот. Со ДНЕВЕН РЕД

1.Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок.
2.Претставување и верификација на мандат на член во училиштниот одбор - претставник од родителите избран од Совет на родители на училиштето со тајно гласање.
3.Донесување на одлука согласно член 20 од Правилникот, за формирање на комисија за спроведување на постапката за реализација на програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ - Кисела Вода, Скопје, за учебната 2025/2026 година.
4.Разгледување на полугодишен извештај за учебната 2025/2026 година.
5.Извештај за резултатите од редовен попис на буџетскиот корисник ООУ „Кирил Пејчиновиќ“, Скопје, на средствата и на изворите на крајот на деловната 2025 година со состојба на 31 декември 2025 година.
6.Разгледување и предлагање до основачот годишната завршна сметка за работењето на училиштето за период од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година.
7.Разно

- **седница на 09.04.2026 година четврток 12:00 часот. Со ДНЕВЕН РЕД**

1.Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок.
2. Донесување на Одлука согласно член 20 став 9 од Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта 12-1083/2025 година Скопје 4-08-2025, за реализација на програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ООУ „Кирил Пејчиновик“ – Кисела Вода, Скопје, за учебната 2025/2026 година.

- **седница на 04.06.2026 година четврток 12:00 часот. Со ДНЕВЕН РЕД**

1.Читање и усвојување на записникот од претходниот состанок.
2.Извештај од Државниот просветен инспекторат за извршената интегрална евалуација со предлог мерки и препораки од спроведената интегрална евалуација во ООУ „Кирил Пејчиновик“, Скопје.

**Претседател на УО - Горан Галевски**

**Прилог бр. 11**

**Извештај за работата на Совет на родители**

Советот на родители се формира од редот на родителите на учениците, при што во неговиот состав не се вклучени родители кои се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родители се избираат од страна на родителите од секоја паралелка, а тројца претставници се делегираат за членови во Училишниот одбор.

**Советот на родители ги извршува следните активности и надлежности:**

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес;
- Учествува во надминување на проблемите кои се јавуваат во односите ученик–наставник-родител;
- Придонесува во превенцијата и справувањето со негативни појави кај учениците, како што се насилно однесување, пушење, консумирање алкохол, злоупотреба на психоактивни супстанции и слично;
- Избира претставници на родителите во Училишниот одбор;
- Учествува во изработка и унапредување на интерните акти и правилници на училиштето, како и во други активности од интерес за подобрување на работата.

Советот на родители ја реализира својата улога како рамноправен партнер на училиштето, со цел унапредување на условите за работа, подобрување на воспитно-образовниот процес и зајакнување на соработката меѓу родителите и наставниот кадар.

- Првиот состанок беше оддржан на **24.09.2025** година со следниот дневен ред:

1. Конституирање на советот на родители
2. Избор на претседател, заменик претседател и записничар
3. Разгледување на програмата за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците за учебната 2025/2026 год. и давање мислење за истата
4. Презентација на Кодексот на однесување за време на реализација на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности за учебната 2025/2026 год.
5. Избор на членови во комисии за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците за учебната 2025/2026 год.
6. Презентација на Самоевалуацијата за работата на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ,, во период од 2023 до 2025 год.
7. Презентација на интерен акт за уредување на начинот на однесување во училиштето, мерките за заштита и превенција од насилство и одговорностите на вработените, учениците, родителите/старателите и сите други фактори во спречување и заштита од насилство
8. Избор на двајца родители – членови во тимот за делување во случај на насилство
9. Разно - осигурување на учениците

- Вториот состанок беше одржан на **17.11.2025** со следниот дневен ред:

1. Реализација на наставен план и програма за првото тримесечие од учебната 2025/26 година
2. Утврдување на постигнатиот успех, поведението и редовноста на учениците

за првото тримесечие од учебната 2025/2026 година

- Трет состанок - ден **29.01.2026** год. (понеделник) со следниот дневен ред:

1.Презентација на Полугодишен извештај за работата на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ – Кисела Вода во учебната 2025/2026 година
2.Разно

- Четврти состанок - ден **30.04.2026** год. (четврток) со следниот дневен ред:

1.Информирање за реализација на наставен план и програма за третото тримесечие од учебната 2025/2026 година
2.Разгледување на извештајот за постигнатиот успех, поведението и редовноста на учениците на крајот од третото тримесечие од учебната 2025/2026 година
3.Разно

- Петти состанок - ден **05.06.2026** год. (петок) со следниот дневен ред:

1.Усвојување на записникот од претходниот состанок
2.Едукативен состанок со претставници од оддел за превенција од насилство и зависнсти при СВР Скопје и насоки за организација на безбедни полуматурски прослави
3.Разно

претседател **на совет на родители:**
**Фани Мечкарова- Стефковска**

**Прилог бр. 12**

**Годишен извештај за работата на тимот за професионален развој и кариера на наставниците и стручните соработници во ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ,, - општина Кисела Вода, Скопје за учебната 2025/2026г.**

Тимот за професионален развој и кариера на наставниците и стручните соработници во текот на учебната 2025/2026 година ги реализираше планираните активности согласно Годишната програма за работа.
Наставниците, организирани по активи (актив на природно-математичка група предмети, актив на општествено-јазична група предмети и актив на одделенска настава), заедно со комисијата, ги обработија потребните документи, кои се чуваат во индивидуалните професионални досиеја на наставниците.
Секој наставник самостојно ја изработи и пополни програмата за работа, скалата за самопроценка и документот за наставнички компетенции, кои се интегрирани во професионалното портфолио.

Во текот на учебната година започна реализацијата на планот за професионален развој, кој се базира на индивидуална самопроценка во следните области:

1. Знаење на наставниот предмет и воспитно-образовниот систем
2. Поучување и учење
3. Создавање стимулативна средина за учење
4. Социјална и образовна инклузија
5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата
6. Професионален развој и професионална соработка

Од извршената самопроценка, наставниците се изјаснија за:

- компетенции во кои се истакнуваат и можат да придонесат во колегијална поддршка;
- компетенции кои имаат потреба од понатамошно унапредување;
- идеи и насоки за подобрување на сопствениот професионален развој.

Индивидуалните планови за професионален развој ги опфатија компетенциите, активностите, потребните ресурси, временската рамка и очекуваните резултати.

**Реализација по подрачја на работа**
Во текот на учебната година беа реализирани активности во следните подрачја:
1. Современи методи на оценување преку обуки, работилници и користење прирачници
2. Систематско следење на напредокот на учениците преку стручни обуки, размена на искуства и примена на современи наставни пристапи
3. Создавање позитивна и стимулативна училишна средина преку користење ИКТ, нагледни средства, учење преку игра и едукативни материјали
4. Планирање и реализација на личен професионален развој преку работилници, семинари и размена на искуства
5. Поддршка на ученици со посебни образовни потреби преку обуки, консултации со стручни лица и примена на индивидуализирани програми
6. Идентификација и поддршка на надарени и талентирани ученици преку конкурси, натпревари, проекти и мотивациски активности
7. Зајакнување на соработката со семејството и заедницата преку заеднички настани, работилници, базари и проекти
8. Идентификација на сопствените потреби и изработка на индивидуален професионален план со цел континуиран развој

**Реализација на работата на Тимот**
Тимот за професионален развој и кариера успешно ја реализираше својата програма во текот на второто полугодие од учебната 2025/2026 година.
Наставниците и стручните соработници ги реализираа годишните планирања базирани на утврдените компетенции, при што секоја компетенција беше разработена преку соодветни теми, активности и носители. За секоја активност беа дефинирани форми на професионален развој, како и очекувани исходи.
Професионалниот развој се реализираше како внатрешен (во рамките на училиштето) и надворешен (преку обуки, семинари и работилници надвор од училиштето). Потребните ресурси беа обезбедени навремено, а учесниците активно учествуваа во сите активности.
По завршување на активностите, наставниците се стекнаа со сертификати, дипломи и потврди за учество и унапредување на професионалните компетенции. Тие имаа улога и како учесници и како реализатори на одредени обуки и работилници.
Реализацијата на активностите се одвиваше континуирано во периодот од октомври до јуни во учебната 2025/2026 година.

**Годишен извештај за работа на Тимот за професионален развој и професионално досие на наставниците**

Работата на Тимот за професионален развој и професионално досие на наставниците во текот на учебната 2025/2026 година се реализираше согласно член 28 став 4 од Законот за наставници и стручни соработници, како и согласно Годишната програма за работа на училиштето. Активностите беа целосно усогласени со пропишаната трифазна структура на Личниот план за професионален развој (ЛППР) на наставниот кадар.

Процесот на имплементација, евиденција и проверка се одвиваше низ следните три клучни фази:

**1. Дел 1: Планирање на професионалниот развој (Септември)**

На почетокот на учебната година (до 10 септември), сите наставници и стручни соработници успешно ја реализираа првата фаза со изработка на Дел 1: Планирање на професионалниот развој. Во оваа табела наставниците прецизно ги дефинираа своите приоритетни компетенции, планираните активности, ресурсите, времето на реализација и очекуваните резултати. Како што е предвидено со процедурата, овие почетни обрасци по прегледот беа соодветно заверени со потпис и печат од страна на директорот на училиштето.

**2. Дел 2: Реализација на личниот план (Јуни)**

При крајот на второто полугодие во месец јуни, наставниците пристапија кон финализирање на Дел 2: Реализација на личниот план за професионален развој. Наставниците самостојно ги пополнија евалуативните полиња за секоја планирана компетенција, со посебен осврт на времето

на реализација, примената на наученото и влијанието врз учениците. Во овој дел, самите наставници имаат целосна одговорност за внесување, уредување и потврдување на доказите кои служат како основа за верификација на нивниот личен професионален напредок.

**3. Дел 3: Согледување и препорака за реализација (Евалуација од страна на Тимот)**

Врз основа на комплетно доставените табели за Дел 1 и Дел 2 од страна на наставниците, Тимот за професионален развој го пополни тој дел.

Согласно Правилникот за ЛППР, а по извршениот увид во уредно пополнетите формулари и самоевалуации на наставниците, Тимот ги констатираше следните состојби:

**Целосно реализиран:** Кај сите наставници кои уредно го документираа својот ЛППР, Тимот го означи статусот „Целосно реализиран“

Во делот за образложение, заведени се насоки за нов циклус на професионален развој во следната учебна година.

При финалниот увид, на ниво на училиштето не се евидентирани случаи кои би наложиле утврдување на делумна или нереализирана состојба на планот.

.

**Заклучок:**

Тимот за професионален развој успешно ја реализираше својата законска и советодавна функција за учебната 2025/2026 година. Преку ефикасно водење на процесот на евалуација врз основа на уредно доставените материјали од самите наставници, обезбедена е максимална административна заштита на Тимот, транспарентност во вреднувањето и потврда за континуиран професионален раст на наставниот кадар во училиштето

Тим за професионален развој:
Претседател: Ивана Велевска
Членови: Маја Арсовска, Марина Н.Ристова и Ирена Рикалоска

**Прилог бр. 13**

**Извештај за работата на училишната библиотека**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК – БИБЛИОТЕКАР Анета Велкоска ОД ООУ ,, КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ,, - КИСЕЛА ВОДА, СКОПЈЕ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026г.**

АВГУСТ /СЕПТЕМВРИ

1. Уредување на училишната библиотека за почеток на учебната година
2. Уредување на инвентарната книга и распоред на книжен фонд за попис и за уредување на електронската библиотека
3. МОН – акција со бесплатни учебници, примопредавање, списоци со одделенските раководители
4. Обуки за библиотека, распоред, класификација, пополнување
5. Записници за работа со учебниците и нивна класификација
6. Список на книги и прирачници за учениците и наставниците
7. Работа со учениците по предметот македонски јазик

ОКТОМВРИ

1. Проект: Библиотеката со ново руво – ново уредување на книжниот фонд во училишната библиотека
2. Записници за учебниците - пишани и електронски
3. МОН- тек на акцијата со бесплатните учебници, дистрибуција на учебниците и тековно примопредавање

4. Соработка со други библиотеки за фестивали на детско творештво
5. Издавање на книги за ученици и наставници
6. План и работа на научен труд од областа на библиотекарството
7. Работа со учениците – членови на библиотеката

НОЕМВРИ
1. Креирање на училишната библиотека, уредување на магацинот за учебници
2. МОН – нови учебници и уредување на магацинот
3. Запис и документација за набавка на нови книги и лектири
4. Издавање на книги и прирачници за учениците и наставниците
5. Лектирите во основното образование – класификација
6. Посета на учениците од прво одделение во училишната библиотека, предавање и творење
7. Работа на научен труд од областа на библиотекарството

ДЕКЕМВРИ
1. Учебници – документација и прием на нови учебници, распределба
2. Соработка со други библиотеки од општината и државата, уметност, медиуми и литература, издаваштва и промоции
3. Издавање на книги и прирачници за ученици и наставници
4. Работилница – во општината за книгите и читањето кај учениците
5. Изработка на научен труд од областа на библиотекарството
6. Новогодишни пораки за промена, подобро образование, дружење и патување во светот на книгите
7. Уредување на библиотеката и набавка на нови книги, донации

ЈАНУАРИ / ФЕВРУАРИ
1. Уредување на библиотеката. Класификација на учебниците
2. Уредување за документација за електронско нарачување на учебници
3. Семинари и обуки од областа на библиотекарството и професионалниотн развој во основното образование
4. Работилници за учество на детскиот фестивал ,,Детски лирски треперења,,
5. Уредување на документацијата за професионален развој и кариера
6. Подготовка на материјали за учество на натпревари за библиотекарство
7. Одржување на предавања за библиотеката и библиотечната работа

МАРТ
1. Распределба на активности од библиотеката за учениците од прво до деветтон одделение во соработка со издавачки куќи, библиотеки, музеи, галерии, домови на културата
2. Креативна нишка на уметноста (литература, сликарство, креации)
3. Договор за набавка на нови книги, донации, акции за подарувања на книги
4. Соработка со издавачки куќи и библиотеки
5. Кариера и професионален развој – дополнувања на знаењата и практиката
6. Учебници – воведување на нова програма и реализација
7. Реновирање на библиотеката, чистење, класификација на книгите и попис на инвентарот

АПРИЛ
1. Посета на САЕМОТ на КНИГАТА
2. Изработка на библиотекарско катче
3. Соработка со библиотекари од други училишта

4. Водење на записници за работата на училишната библиотека
5. Учебници – електронски формулари, нарачка и записи
6. Професионален и кариерен развој – уредување на регистарот со документи
7. Соработка со училишни библитеки

МАЈ
1. Денот на Св. Кирил и Методиј, изработка на креативно пано
2. Почеток на акцијата со бесплатните учебници
3. Уредување на обрасците за учебниците и прирачниците
4. Записници од библиотекарските активности, уредување на библиотеката и класификација на библиотечниот фонд
5. Професионален развој и кариера – сумирање на завршните податоци од реализираните планови и програми.
6. Работа со учениците од библиотекарската секција
7. Работа со менторската програма за библиотекарство

ЈУНИ /ЈУЛИ
1. Најчитана книга и читачи рекордери по одделенија
2. Раздолжување на книгите во библиотеката
3. Спроведување на акцијата со бесплатните учебници од МОН
4. Посета на издавачка куќа, список на книги за читање на летниот распуст
5. Завршна распределба на магацинот и подготовка на акцијата со учебниците
6. Професионален и кариерен развој – реализирани се програмските цели и планови.
7. Семинар и обука за библиотекарство

Годишниот план и програма реализирани се во целост.

**Библиотекар: Анета Велкоска**

**Прилог бр. 14**

## ЗАПИСНИК ЗА ПРИЕМ И РАСПРЕДЕЛБА НА УЧЕБНИЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ВО ООУ ,,КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ,, - ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – СКОПЈЕ
**(Извештај за работата на Комисија за учебници за учебната 2025/2026)**

Враќање на учебници

1. Записникот за реализација на акцијата со учебниците од МОН започнува со белешки за вратените учебници од претходната учебна година. Учебниците се враќаат записнички кај одделенскиот раководител. Во записникот се бележат учебниците кои се вратени за користење во следната учебна година, а одделно се наведуваат учебниците кои се премногу оштетени и треба да се платат.

Враќањето на учебниците во ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ,, беше реализирано во целост во текот на месец јуни 2025 година. Родителите и учениците ги враќаа комплетите со учебници кај одделенските раководители под надзор на комисијата за учебници. Вратени се сите учебници од прво до деветто одделение. Учебниците се привремено распределени во училниците.

Учебниците од прво, второ и трето одделение се чуваат во посебна просторија, освен тие учебници што ќе останат за понатамошно користење.

Барање за учебници

2. Барањето за учебници го доставува одговорниот од комисијата до МОН со пополнување на електронски формулари за нарачка. Нарачката треба да биде идентична со бројната состојба на учениците доколку се работи за комплетно нови учебници кои се за сите ученици. Останатиот дел од учебниците се пресметува и се нарачува во зависност од состојбата на вратените учебници (зачувани, стари, оштетени, изгубени).
Електронските формулари за нарачка на учебници се уредно и навремено пополнети од претседателот на комисијата за учебници, одобрени од МОН и истите се доставени до МОН и до училиштето. Оваа учебна година има промени во наставниот материјал на учебници и авторските тимови на истите.

Прием на учебници
3. Приемот на нови учебници го врши комисијата за учебници и ги складира во магацинот за учебници, кој што е единствена централна база за учебници во училиштето.

Комисијата извршува прием и увид на пристигнатите учебници од различни издавачки куќи, а заедно со директорот ги потпишува доставените фактури, кои ги заверува секретарот на училиштето.

Складирање на учебници
4. Складирањето на учебниците е во магацинот за учебници.
Оваа учебна година како и сите претходни складирањето на учебниците ќе биде во библиотечниот магацин адаптиран за собирање и распределба на учебниците. Учебниците се заведени во библиотекарскиот систем и се доставуваат до класните раководители. Учебниците што се вишок остануваат да се чуваат се до нивното отстранување од училиштето како стара хартија или хартија за рециклирање.

Распределба на учебници
5. Распределбата на учебниците за наредната учебна година ја врши комисијата за учебници и одделенскиот раководител и истата се бележи во записник.
Пристинатите учебници од МОН се распределени до одделенските раководители од страна на комисијата. Распределбата е за сите ученици од прво до деветто одделение. Сите активности се бележат во посебен записник за секое одделение. Новопристигнатите учебници ќе бидат дополнително распределени.

Комисијата за учебници за учебната 2025/2026 година започнувајќи од јуни до септември во целост ја реализира акцијата со учебниците од МОН.

**Претседател на комисијата за учебници: Горанчо Јакимов**
**Членови на комисијата за учебници:**
**Анета Велкоска, Наташа Лоскоска и Бетка Спасовска**

Записникот за текот и реализацијата на акцијата со бесплатните учебници од МОН оваа година е печатен и електронски, а во себе ги содржи следниве компоненти: Враќање. Барање. Доделување. Секако оставен е и простор за забелешки од страна на наставниците и комисијата за учебници.

Приемот и распределбата на учебници за учебната 2025/2026 година е успешно реализиран.

**Прилог бр. 15**

**Извештај за реализирани активности од програмата на психологот**

**Годишен извештај на стручен соработник – психолог Ивана Велевска**

Работата на психологот во учебната 2025/2026 се одвиваше преку следните подрачја:

**1. Работа со ученици**

- Распределување на запишаните првачиња по паралелки.
- Следење на адаптација на учениците од прво одделение и давање потребна помош и насоки онаму каде што е потребно. Следењето е континуирано, но акцентот е ставен во октомври и ноември. Постојано индивидуална работа со родителите на учениците.
- Советодавна работа со ученици кои покажале неуспех во учењето, несоодветно однесување, емоционална нестабилност, социјална неприлагоденост како и различни семејни ситуации (загуби, преселби, разводи итн.)
- Следење на адаптација на учениците од шесто одделение и запознавање со обврските и предизвиците кои ги очекуваат во предметна настава
- Следење на успехот, редовноста и однесувањето на учениците, надминување на причините за емоционалните потешкотии, социјална неприлагоденост итн.
- Реализација на работилници со ученици
- „Активно слушање и емпатија“ - 05.09.2025 со III-а одд.
- „Доживеаните емоции пред почетокот на учебната година“ - 13.09.2025 со ученици од II-в и II-б одд. (продолжен престој)
- „Јас и лутината“ - октомври 2025 со ученици од II-а одд.(продолжен престој)
- „Пријателството е мојот избор“ - ноември 2025 со ученици од IV-в одд.
- „Мирни а моќни“ - 12.11.2025 драмска работилница со ученици од VIII-в одд.
- Навредата како извор на конфликт - 30.12.2025 со V-д одд.
- Твојот екран, твоја одговорност - 17.02.2026 со ученици од VII-а одд.
- Индивидуална работа и пружање психолошка поддршка на учениците во различни сегменти од нивниот живот

**2.Работа со наставници**

- Советодавна работа со наставници за справување со емоционални проблеми на учениците и проблеми во однесувањето на часовите.
- Следење и давање на помош за полесна адаптација на новопримените ученици во училиштето
- Советодавна работа со наставниците за разрешување на конфликтини ситуации во релација ученик-ученик, и ученик – наставник – родител/старател.
- Консултативни средби и разговори со наставниците во врска со семејни ситуации и состојби на учениците
- Давање соодветни насоки на наставниците за изработка на ЛППР и професионалното досие како и проверка на доставените планови со тимот за професионален развој
- Следење и оценување на реализираниот дел од ЛППР на наставниците во соработка со тимот за професионален развој
- Известување на наставниците и организација на систематски и стоматолошки прегледи на учениците и имунизација
- Стручни насоки на наставниците за давање соодветна поддршка на ученици кои се емоционално нестабилни или минуваат во критичен период од нивниот развој, како и на ученици кои имаат видливи промени во однесувањето.
- Индивидуални разговори за учениците – напредок, дисциплина, слаб успех, нивни семејни ситуации
- Групни разговори за цело одделение – успех и дисциплина, несоодветно однесување
- Запознавање на одделенските наставници од прво одделение со карактеристиките на учениците од прво одделение
- Работилница со наставници на тема „Тивката сила на менталната благосостојба“ за одбележување на Светскиот ден на менталното здравје - 10.10.2025 год.
- Работилница со наставници „Кога наставникот свети, учениците цветаат“ - 04.12.2025 год.

| |
|---|
| **3.Работа со родители** |
| ➢ Соработка со родители и известување за напредокот на нивното дете како и давање на насоки, совети за поттикнување на развојот и напредокот на учениците.<br>➢ Советодавна работа со родители чии деца имаат емоционална нестабилност, тешкотии во учењето, редовноста и дисциплината, самодовербата итн.<br>➢ Индивидуални средби со родители на ученици кои несоодветно се однесуваат, имаат тешкотии во социјализацијата или одбивност да доаѓаат во училиште<br>➢ Советување на родители за ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки и еден ученик кој нередовно посетува настава<br>➢ Соработка со Советот на родители и учество на состаноците оддржани на 24.09.2025; 17.11.2025; 29.01.2026; 30.04.2026; 05.06.2026 и 29.06.2026 година |
| **4.Соработка со заедницата** |
| ➢ Контакти со претставници од социјалните служби<br>➢ Соработка со здравствени работници од ЈЗУ поликлиника „Јане Сандански“ за организација на систематски и стоматолошки прегледи<br>➢ Соработка со општински инпектор и со ДПИ за различни ситуации во училиштето<br>➢ Соработка со претставници од МВР и од малолетничка деликвенција<br>➢ Реализација на мерење висина и теќина на ученици од V одд. за истражување организирано од страна на ЦЈЗ „Пролет“ 18.09.2025<br>➢ Редовни состаноци со психолози од основно образование преку здружението за психолози „Психовизија“ |
| **5.Професионален развој и професионална соработка** |
| ➢ 28.10.2025 год. обука „Препознавање, справување и третман на деца со хиперактивно однесување во период на предучилишна и рана училишна возраст“<br>➢ 14.11.2025 год. присуство на конференција „Флориш“ Зајакнување на семејствата: проширување на програмите за поддршка на деца, адолесценти и родители во Источна и Југоисточна Европа<br>➢ 26.02.2026 год. - присуство на обука „Превенција од сексуално насилство врз деца“<br>➢ 28.04. 2026 и 29.04.2026 - присуство на обука „Пристапна комуникација“<br>➢ Мај 2026 - обука за „Нови хоризонти во образованието“<br>➢ Јуни 2026 - обука за прекинување на циклусот на насилство<br>➢ Учество во научно истражувачко истражување за Морален развој и Просоцијално однесување кај учениците |
| **6 .Училишна структура, организација и клима** |
| ➢ Учество во изработката на годишен извештај на училиштето<br>➢ Планирање и програмирање на сопствената работа за следната учебна година<br>➢ Учество при планирањето, програмирањето и реализацијата на работата на одделенскиот и наставничкиот совет |
| **8.Педагошка евиденција и документација** |
| ➢ Водење на евиденција и документација  за сопствеата работа:<br>➢ водење хронолошки дневник за работа<br>➢ досиеја за работа со ученици<br>➢ евиденција за соработка со ученици, наставници и родители<br>➢ професионални досиеја за наставници |

**Психолог: Ивана Велевска**

**Прилог бр. 16**

**Извештај за реализирани активности од програмата на педагогот**

| Работата на педагогот во 2025-26 година се одвиваше преку следните подрачја: |
|---|
| **2. Работа со ученици** |
| Координатор во комисија за запишување на ученици во прво одделение, спроведување на постапката за запишување на ученици (соопштенија со потребни документи, соогласности, покани, давање мислење за порано запишување) и нивно распределување по паралелки (Запишани се 82 ученици распределени во четири паралелеки).<br>Праќање покани како и Домашна посета на оние деца што се на наш реон а немавме податоци каде се запишани.<br>Следење на адаптацијата на учениците од прво, шесто и новодојдените ученици и давање потребна помош и насоки каде што е потребно. Следењето е континуирано но акцентот е ставен во октомври и ноември.<br>Запишување и отпишување на ученици преку целата година и средување на целата документација за истото ( преведници).<br>Следење на успехот, редовоста и однесувањето на учениците, надминување на причините за проблемите во учењето, емоционалните потешкотии, социјална неприлагоденост, советодавно- инструктивна работа со ученици. Изготвени се планови, насоки, препораки за поддршка на учениците .<br>Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето меѓу ученик – ученик, ученик – наставник на индивидуално и групно ниво.<br>Идентификување и работа на отстранување на причините за проблемите во учењето и однесувањето.<br>Советодавна – инструктивна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето,несоодветно однесување, социјална неприлагоденост,семејни ситуации и др.<br>Остварени се индивидуални и групни разговори со ученици и тоа поради:<br>-слаб или намален успех<br>- групно советување за слаби оценки повеќе од три<br>- несоодветно однесување<br>- самодоверба<br>- концентрација<br>- редовност – нередовност<br>- потешкотии во учењето<br>- семејна ситуација<br>- средби со цело оделение<br>- со талентирани и надарени ученици<br>**Реализирани се следните работилници :**<br>➢ **“ Техники за успешно учење”**<br>04.09.2025 во VIв , Viг, Via VIб<br>➢ „ **Скршено срце„**<br>02.12.2025 во VIб,<br>04.12.2025 во VIа,<br>➢ „**Пловидба„ – за хиперактивност**<br>28.11.2025 во Viв,<br>➢ **„Сличности и разлики**“<br>14.10.2025 во VIб,<br>25.11.2025 во VIг,д<br>28.11.2045во VIв<br>06.12.2025 во VIа,<br>➢ „**Другарство“** со примена на техника петоред<br>08.11.2025 во IIIг,<br>12.11.2025 во IIIа,<br>13.11.2025 во IIIв<br>15.11.2025 во IIIб<br>➢ **Самодоверба – Малата локомотива можеше”**<br>17.10.2025 во IIв<br>28.04.2026во Iiб<br>28.04.2026 воIIа<br>28.04.2026во IIв |

| |
|---|
| ➢ **Справување со емоции -бес,гнев,лутина**<br>24.02.2026 во IIIг<br>27.02.2026 во IIIа<br>28.02.2026во IIIб<br>24.02.2026 во IIIв<br>➢ **Стереотипи и предрасуди – Јоно Око**<br>28.02.2026 во IX в<br>10.03.2026 во IX а<br>➢ **Аклохолот и младите**<br>12.05.2026 во IX а<br>12.05.2026 во IX в<br>14.05.2026 во IX б<br>14.05.2026 во IX г<br>➢ **Емпатија** со читање инспиративни , поучни приказни<br>25.04.2025 во IVв одд<br>Давање на помош и подршка во вклучувањето на учениците во учество на различни проекти и активности.<br>Советодавна работа со ученици при избор на слободните активности, јавни настапи, конкурси, натпревари и др. |
| **2.Работа со наставници** |
| Советодавна работа со наставници при избор изборни предмети, на слободните активности, јавни настапи, конкурси, натпревари и др<br>Следење и давање на помош за полесна адаптација на новопримените наставници во училиштето.<br>Консултативни средби и разговори со наставниците во врска со употреба на одредени форми, методи и техники на работа со цел унапредување на наставниот процес.<br>Консултативно – советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик – ученик и ученик – наставик – семејство.<br>- индивидуални разговори за учениците- напредок и дисциплина<br>- за слабиот успех<br>- индивидуални разговори за семејни ситуации<br>- индивидуални разговори за цело одделение – успех и дисциплина, несоодветно однесување<br>- индивидуални разговори -Стручни насоки на наставниците за изработка на годишни планови, изборни предмети и др.<br>- за други работи<br>Работни состаноци со членовите на МИО , распределување на активностите повод заедничките активности со ученици и настивници ид ООУ’Алија Авдовиќ” .<br>Во текот на февруари беше извршено следење на наставата кај сите наставници. По завршување на часот индивидуално се разговараше со секој наставник и беа укажани забелешките за изведбата на часот доколку ги имаше.<br>Давање помош за стручно усовршување на наставниците и нивно упатување за користење на стручна литература посета на семинари и обуки заради осовременување на наставниот процес<br>Следење и давање на помош при организација и реализација на задолжителната, додатната и дополнителната настава, како и при правење на анкетни прашалници за изборни предмети и реализирање на истите.<br>Поради отсуство на наставници реализирана е замена во настава по неколку часови, денови, недели во текот на целото година. |
| **3.Работа со родители** |
| Постојана соработка со родители и известување за напредокот на нивното дете како и давање на насоки, совети за поттикнување на развојот и напредокот на учениците како и надминување на одредени проблеми – семејни ситуации и ситуации како што е загуба на член од семејството.<br>Советодавна работа со родители чии деца имаат проблеми со учењето, редовоста и дисциплината, самодовербата, семејни ситуации и др.<br>Редовност – нередовност<br>Намален успех<br>Несоодветно однесување<br>Семејна ситуација<br>Учење и самодоверба<br>Преселба<br>Ситуации во одделението<br>Соработка со Советот на родители и активно учество на состаноци реализирани на 24.09..2025 во 18: 00 часот, како и на 27.11.2025 во 18 часот.<br>Домашна посета на родители кои не ги запишале децата во нашето училиште а се на наш реон и не |

| |
|---|
| одговориле на поканите и изготвување на записници за истото. |
| **4.Соработка со заедницата** |
| Соработка со образовни, здравствени, социјални институции и установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно – образовната работа<br>-Центар за социјална работа - разговори со советници за брак и семејство<br>-Центар за Јавно здравје<br>Соработка со општински инспектор за образование- реализирани се инспекциски надзори и стручни инспекциски надзори<br>-ДПИ -инспекциски надзори<br>-Педагошка служба дописи<br>-Советници од БРО –разговори и средби<br>-Претставници од МВР претставници од малолетничка деликвенција<br>Состанок остварен во нашето училиште со педагозите од другите училиштата во општината .<br>-Учество и воспоставување на соработка со локалната средина и реализација на заеднички активности.<br>-Учество во работата на секцијата „Гласот на педагогот“ на град Скопје и присуство на состаноци на 18.09.2025 година состанок во ООУ” Христијан Тодоровски Карпош”,<br>на 19.11.2025година состанок во ООУ ” Христијан Кочо Рацин”<br>на 20.12.2025 година состанок во ООУ “Димитар Македонски<br>Размена на искуство со други педагози од основните училишта од општината и од градот<br><br>**Проекти**<br>**МИО**<br>Учество во МИО активностите – заеднички активности реализирани во партнерското училиштето„ Алија Авдович“ с.Батинци- подрачно с.Љубош<br>- Прва активност “”- цели: Учениците да се запознаат со синдромот на денешницата од кој најмногу страдаат децата од училишна возраст поради предолго поминување на децата пред компјутер или телефон (екран), да се запознаат со симптомите и ризикот од овој синдром и најбитното, да научат за превенција и намалување<br>на ризикот од овој синдром.<br>-Втора активност“Да се крене свеста за сајбер насилството кај децата и да научат како да се справат со сите предизвици кои ги носи, како и превенција на сите последици кои се среќаваат на интернет.<br>Обука за Дисеминација на резултатите од државното тестирање за петто одделение реализирана на 25.02.2026 година во Домот на култура “Билјана Беличанец”<br>Дисеминација спроведена во училиштето за резултатите од државното тестирање за петто одделение реализирана на одделенските и предметните наставници на ден 01.04.2026, 02.04.2026 и 03.04.2026 година. |
| **5.Професионален развој и професионална соработка** |
| Континуирано стручно усовршување со читање на стручна литература, перманентно стручно усовршување преку посета на семинари,вебинари, советувања и обуки организирани од МОН, БРО и др.<br>Размена на искуства со педагози, психолози, дефектолози на ниво на држава<br>Проект за унапредување на основното образование-Прекинување на циклусот на насилство:системска превенција на семејно насилство<br>Индикаторите кои ми се истакнати како слаба страна се надминуваат со читање на стручна литература, но би било пожелно и посета на семинар/обука на таа тема. |
| **6.Аналитичко-истражувачка работ2** |
| Анализа на истражувањето „Читање со логичко размислување„03.11.2025г во IVв и во Ivб на 04.12.2025во и IVд, 04.12.2025г во IVа,<br>Истражување „Едноминутно читање на нелогичен текст“ на 29.02.2026во IIа, на 28.02.2026 во Iіб,<br>на 30.01.2026во Iів и на 28.02.2026година во IIг<br>Акциско истражување “Пишување на слободен состав по мајчин јазик со примена на техниката “Мрежа на приказната”(04,05,06,2026) во III в одд.<br>-анализа на посетените часови на редовна,додатна и дополнителна настава,<br>-анализа на водени разговори со ученици<br>-анализа на успехот ,редовноста и поведението на учениците како и анализа на слаби оценки<br>Анализа на добиените податоци од самоевауацијата и изгорвување на интерни акти за надминување на слабите страни. |
| **7.Училишна структура, организација и клима** |
| Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето, Годишен извештај на |

| |
|---|
| училиштето и брошура за родителите со податоци за работата на училиштето.<br>Планирање и програмирање на сопствената работа.<br>Учество при планирањето, програмирањето и реализацијата на работата на одделенскиот и наставничкиот совет<br>Координатор и работа со групите од самоевалуацијата<br>Учество во работата на стручните активи и превземање мерки за унапредување на нивната работакако и поддршка на одговорните наставници на стручните активи, ученичките организации и слободните ученички активности при изготвување на годишните програми за работа.<br>Учество во изготвување на програма за работа на инклузивен тим во училиштето., состаноци и работа со инклузивниот тим<br>Учество во изготвување на програма за превенција од насилно однесување , состаноци и работа со тимот за превенција од насилно однесување.<br>Учество и координација во изработка на проекти.<br>Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар.<br>Следење и вреднување на планирањата на наставниот процес(посета на часови.)<br>Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација.<br>Правење анализа на карактеристиките на запишаните ученици во прво одделение и учество во формирање на паралелки.<br>Запознавање на одделенските наставници од прво одделение со карактеристиките на учениците од прво одделение.<br>Следење на прилагодувањето на учениците од прво, шесто и новодојдените ученици преку посета на часови, разговор со наставници, ученици и родители.<br>Учество во спроведувањето на самоевалуацијата за работата на училиштето во својство на координатор.Формирање на нови групи и состаноци со истите.<br>Учество во спроведувањето на развојниот план за работата на училиштето во својство на координатор.<br>Согледување на силните и слаби страни во работата на училиштето и одредување приоритети за Развојна програма на училиштето. Координатор на развојната програма во училиштето.<br>Подршка, следење и унапредување на работата на ученички парламент и планирање и организирање на активности за демократско учество на учениците во животот и работата на училиштето.Реализирање на работилница „Стилови на учење„ со претставниците од Училишниот парламент и давање на ВАК тест за опеделување на својот стил за учење . |
| **8.Педагошка евиденција и документација** |
| Водење на евиденција и документација за сопстеата работа:<br>-изготвување на годиша програма за сопствената работата и извештај за истата<br>-изготвување месечен оперативен план за работа<br>- водење хронолошки дневник за работа<br>-досиеја за работа со ученици,<br>-евиденција за соработка со ученици, наставници и родители,<br>- документација од извршенита аналитичко – истражувачка работа<br>-прегледи, извештаи,анкети,анализи<br>Изготвување на полугодишен извештај за сопствената работа. |

**Педагог Жаклина Стојановска**

## Прилог бр. 17

## Извештај за работата на стручен соработник- дефектолог

| Извештај на стручен соработник дефектолог- Велика Миленковска |
|---|
| Овој годишен извештај ја опфаќа работата и активностите на стручниот соработник - дефектолог, Велика Миленковска, во ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ за учебната 2025/2026 година. Извештајот е изготвен согласно Годишната програма за работа на училиштето и има за цел да прикаже реален и сеопфатен преглед на состојбата и преземените активности во областа на инклузивното образование. |
| **1.Работа со ученици** |
| **Идентификација, евиденција и следење на ученици**<br>Во текот на извештајниот период беа евидентирани и следени **вкупно 34 ученици со попреченост**.<br>Од вкупниот број ученици:<br>• **3 ученици** ја следеа наставата според **модифицирана програма** во првото полугодие;<br>• **10 ученици** беа опфатени со **индивидуален образовен план (ИОП)**;<br>• останатите ученици беа опфатени со **општа образовна поддршка**.<br>**Промени во видот на образовната поддршка**<br>Во текот на учебната година беа евидентирани и следниве промени во видот на образовната поддршка:<br>• **еден ученик**, кој во првото полугодие беше опфатен со ИОП, **од второто полугодие премина на модифицирана програма**;<br>• **два ученика**, кои во првото полугодие беа опфатени со општа образовна поддршка, **од второто полугодие преминаа на индивидуален образовен план (ИОП)**.<br>Со овие промени, од второто полугодие вкупниот број изнесува:<br>• **4 ученици со модифицирана програма**,<br>• **11 ученици со ИОП**,<br>• останатите ученици со општа образовна поддршка.<br>**Изработка и реализација на индивидуални образовни планови и модифицирани програми**<br>Стручниот соработник - дефектолог активно учествуваше во изработка, имплементација и следење на ИОП за учениците опфатени со индивидуална поддршка, како и во планирање и реализација на наставата по модифицирана програма. Сите активности беа реализирани во соработка со наставниците, класните раководители, родителите и стручната служба, со редовна евалуација на напредокот на учениците.<br>**Индивидуална и групна работа со ученици**<br>Во текот на учебната година беа реализирани индивидуални и групни дефектолошки третмани со учениците, прилагодени на нивните образовни и развојни потреби. Работата беше насочена кон развој на когнитивни, комуникациски, социјални и функционални вештини, со цел подобра вклученост и напредок во наставата.<br>Учество во комисија за запишување на ученици со попреченост во прво одделение и нивно распределување по паралелки. Навремено се откриени потешкотиите кај учениците и надминување на истите за успешна инклузија во образовниот систем. Јасно се одредени силни и слаби страни на ученикот кои се услов за изготвување на диференцијација во наставата, индивидуален образовен план и модифицирана програма. Следено е прилагодување на учениците со попреченост во училишната средина, реализација на поставените цели во индивидуалниот образовен план/ модифицирана програма и остварени консултации со сите кои се во контакт со ученикот. Направени се вибер групи на инклузивните тимови за ученик, со цел за побрза и полесна комуникација за сите ученици кои работат по ИОП/ модифицирана програма. Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците, надминување на причините за проблемите во учењето, емоционалните потешкотии, социјална неприлагоденост, советодавно- инструктивна работа со ученици. Изготвени се планови, насоки, препораки за поддршка на учениците во учењето.<br>Учениците се следени и давано е насока за работа на наставниците, родителите и образовните асистенти доделени за нив од страна на МОН- ОУРЦ.<br>Индивидуални работни средби со учениците и посета на часови, увид во реализацијата на планирањата за учениците со попреченосг. |
| **2.Работа со наставници** |

| |
|---|
| **Соработка со наставници и стручна служба**<br>Остварена беше континуирана соработка со наставниците, класните раководители и членовите на стручната служба. Беа давани стручни насоки за прилагодување на наставните содржини, методите и оценувањето во согласност со видот на образовната поддршка на учениците.<br>Училиштето е препознатливо по успешната инклузивна култура и пракса. Сите наставници се запознаени со можностите и способностите на учениците вклучени во инклузивниот процес. Дадено е насоки и помош за унапреден воспитно-образовен процес и остварени консултации со наставниците за примена на принципот на индивидуализација, модификација и диференцијација во наставата со ученици со попреченост. Изготвени диференцијација, индивидуализирани планирања и модифицирана програма, следени се постигањата на ученикот, помош на ученикот во учењето, развиени стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата како и посочено им е за уредно водење на педагошка евиденција и документација за учениците со попреченост. Давани се насоки во изготвување на евидентните листови за учениците со попреченост.<br>- **03.12.2025 год**. одбележување на Денот на лицата со попреченост, инклузивниот тим на училиштето во соработка со наставниците и образовните асистенти организираше низа активности во рамки на одделенијата и претстава во холот на училиштето. Дел од учениците учествуваа во спортски игри, дел пишуваа раскази и цртаа, дел твореа и правеа постери.<br>- **15.01.2026 год. дисеминација** на тема „ИНКЛУЗИВНА НАСТАВА ВО ПРАКСА -насоки за изработка на ИОП, модифицирана програма/планирање и сценарио за час по новата концепција-“ |
| **3.Работа со родители** |
| **Соработка со родители**<br>Во текот на извештајниот период беа реализирани индивидуални средби и советодавни разговори со родители, со цел информирање за напредокот на учениците и за потребните промени во образовната поддршка, во согласност со стручните проценки.<br>Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес со цел за успешна инклузија на учениците со попреченост во редовниот воспитно-образовниот процес и постојана соработка со родители. Родителите се оспособени за поддршка на учениците со попреченост во процесот на учење, нивна мотивација и влевање самодоверба. Перманентно комуницирање со сите родители и известување за начинот на кој тие би работеле со своето дете. Индивидуални разговори, состаноци на инклузивни тимови по ученик, насоки и совети на родителите за поттикнување на развојот и напредокот на учениците со попреченост.<br>Учестваа во изготвување и креирање на диференцијација/ИОП/ модифицирана програма како членови на инклузивен тим за ученик и во целост се почитуваат нивните сугестии при изработувањето на истите.<br>За секоја активност родителот е известуван со цел успех во воспитно- образовниот процес. |
| **4.Соработка со заедницата** |
| Постојана соработка со советници од БРО, општински и државни просветни инспектори, социјални работници, центар за јавно здравје, пратставници од МКФ, ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“, училишта на ниво на општина, град и држава.<br>**Работилници и посети со ученици:**<br>**- 10.10.2025 год.,** реализирана работилница со учениците од VII одделение на тема „Емпатија, пријателство и поддршка за ученици кои се на лекување“, во организација на НВО САНО со поддршка на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука, а во координација на дефектолог Велика Миленковска и класните раководители од актив 7-мо одделение.<br>- **17.10.2025 година**, работилница со учениците од VIII и IX одделение на тема „**Европскиот ден за борба против трговијата со луѓе“**, во **соработка со Црвениот крст на Македонија**.<br>- **21.11.2025 год.** едукативна работилница по повод одбележување на „Месец на борба против болести на зависност (дрога, алкохол и цигари)“, ученици- ученици од предметна настава и претставници од училишниот парламент, во соработка со Црвениот крст на Македонија и едукатор: Златко Ѓоргиевски<br>- **22.01.2026г.** работилница со 3а и 3в на тема Инклузивна комуникација преку Гестовен јазик- учење букви и сопствено име, во соработка со дефектолог Викторија Смилевска преку Microsoft Teams<br>-**26.03.2026г** едукација од страна на претставници на Црвен Крст со ученици од 6-то одд. на тема Заштита од пожари<br>- **27.03.2026г** едукација од страна на претставници на Црвен Крст со ученици од 7-мо и 8-мо одд на тема Заштита од пожари<br>- **30.03.2026г** едукација од страна на претставници на Црвен Крст со ученици од 9-то одд на тема Заштита од пожари |

- **07.04.2026г** ЕКО работилница со ученици од 3-то одд. со претставници од ZERO Waste
-**15.04.2026г**. едукативна работилница и предавање за ученици од 7-мо одд. на тема Како да бидам одговорен сопственик на моето милениче, од страна на претставници од ЈП ЛАЈКА
-**16.04.2026г**. едукативна работилница и предавање за ученици од 7-мо одд. на тема Како да бидам одговорен сопственик на моето милениче, од страна на претставници од ЈП ЛАЈКА
-**17.04.2026г**. едукативна работилница и предавање за ученици од 7-мо одд. на тема Како да бидам одговорен сопственик на моето милениче, од страна на претставници од ЈП ЛАЈКА
**- 21.04.2026г**. од страна на претставници-лекари од Здравствен Дом Скопје, пол. Јане Сандански беше реализирана едукативна презентација со ученици од 6-9то одд.
-**18.05.2026г. и 22.05.2026г.** организација за спроведување на истражување на тема Просоцијално однесување кај ученици од 9-11 години, соработка со Филозофски факултет, Институт за психологија
-**18.05.2026г.** организација за спроведување на истражување на тема Морален развој кај адолесценти на возраст од 12-14 години, соработка со Филозофски факултет, Институт за психологија.

**Соработка со ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“:**

- **05.11.2025** год. посета и состанок со координатор Јасмина Лукановска со дневен ред за ОА нивни обврски, предизвици на работното место и нивни задолженија
- Континуирано известување по сретствата за комуникација (мејл и мобилен)
- Редовно и навремено доставување на реевалуации од МКФ.
- **16.03.2025** год. посета и состанок со координатор Јасмина Лукановска

**Проекти:**

- Проект- „Решенија засновани на природата за унапредување на климатските промени во градот Скопје“,
- проект- Место за растење: „Општини посветени на децата“, во организација на Центар за семејно и детско згрижување КМОП Скопје и Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ
- 24.12.2025 год. средба за проект со наслов „Безбедност во училиште“ во соработка со СВР- Скопје во општина Кисела Вода, во организација на ОКВ, Флоразон и CFLI/FCLI.
- 17.03.2026г. реализирање на тестирање ТИМСС- координатор

**МКФ:**
Постојана соработка за потребите на учениците со попреченост, за кои имаше потреба за побрзо проследување на учениците, а кои потоа беа повикувани на реевалуација.

**Локална самоуправа:**
Размена на сознанија и информации значајни за работата со цел успешно презентирање и промовирање на работата на училиштето, навремено и транспарентно информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето. Споделуваани беа информации за ученици и барања кои се од јавен карактер за работа на училиштето.

- Претставник од училиштето во Локален Совет за унапредување на правата на детето на Општина Кисела Вода
- Дневен центар „Гнездо“, можности за соработка во поддршка на ученици со развојни и специфични образовни потреби, средба со претставници од центарот за соработка на 30.09.2025 год.
- 26.02.2026г. состанок во ОКВ со Локален Совет за унапредување на правата на детето на Општина Кисела Вода

**5.Професионален развој и професионална соработка**

**Стручно усовршување**
Во извештајниот период, стручниот соработник – дефектолог континуирано работеше на професионално усовршување и следење на современи практики во инклузивното образование.
Континуиран професионален развој преку учество на проекти, работилници, трибини, обуки, семинари, конференции, вебинари...
Проследени се следниве обуки:

- **23.06. до 01.07.2025** год. обука-курс „Digital tools for less waste activities“, одржан во Полска, во организација на Erazmus+ и Фондација Биосинергија-Полска

- **09-10.07.2025 год.** обука на тема „ Empathy in the Digital age: Harnessing Tehnology for Understanding and connection (Digi Empathy)“, во организација на АРБ Институт за применети истражувања и бизнис, Digiempathy и Co-funded by the EU.
- **15.10.2025 год. on line курс** „ Психолошки пристапи кон инклузивноста-насоки за различностите во одделението (аутизам, адхд, дислексија)“, во организација на АРБ Институт за применети истражувања и бизнис и Erazmus +, предавач Јасмина Божиновска Цветкоска
- **02.09.2025** год. обука „Потребни компетенции на наставниците и стручните соработници со звање ментор во училиштето“, што се одржи во Институт за бизнис и менаџмент- Хајделберг, во организација на - Институт за бизнис и менаџмент „Хајделберг“- Скопје, обучувач проф.д-р Константин Петковски.
- **02.10.2025 год.** конференција „Инклузија и попреченост“,се одржи во СРЦ Јане Сандански, во организација на IDI4SPORT, France Education Internacional и Co-funded by the EU.
- **14.10.2025** год. конференција „Еврогајденс конференција“,се одржи во Граѓански ресурсен центар, во организација на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.
- **13.11.2025** год. Меѓународен конгрес- настан „Аутизам и АДХД- истражувања, иновации и надминување на предизвиците“, се одржи во хотел Holiday Inn, во организација на фондација „Верица Механџиска“.
- **13.02.2026г.** Посета од советник од БРО м-р Жанета Чонтева, за проверка на документација за јавен оглас на кој конкурирав за напредување во звање стручен соработник-ментор.
- **03.03.2026г.** обука ТИМСС- како координатор за тестирањето
- **28-29.04.2026г.** обука- работилница на тема „Пристапна комуникација“- организирана од здружение Новинари за човекови права и Дневен центар ГНЕЗДО
- **06.05.2026г.** вебинар на тема „Како да ги препознаеме учениците со дискалкулија и АДХД“, во организација на здружение за дислексија Ајнштајн, а во рамки на Еразмус проект
- **11.05.2026г конференција** на тема „Поддршка за учениците со специфични тешкотии во учењето: од предизвици до системски решенија“, во организација на здружение за дислексија Ајнштајн, а во рамки на Еразмус проект
- **14.05.2026г.** Мрежен настан на тема „Виртуелна реалност како иновативен пристап во поддршка на лицата со аутистичен спектар на нарушување“, во организација на МНЗА, а во рамки на Еразмус проект
- **28.05.2026г.** 74-та Пан конференција на тема Дигитална едукација, организирана од Primera courses а во рамки на Еразмус проект
- **02.06.2026г.** ЗООМ работилница- обука на тема „Превенција на сексуално насилство врз децата“, во организација на комисија за спрешување на дискриминација, Народен правобранител и Rule of Low.
- **03.06.2026г.** работилница на тема „Business Connect Brunch“, во организација на ОКВ, Canon abix
- **04-05.06.2026г.** обука на тема „Напредна обука за методи, техники и инструменти за советување и професионална ориентација на учениците“, место на одржување х. Карпош, обучувач Изабела Шкоф, во организација на МОН и БРО
- **23.06.2026г.** обука во рамки на проект „Проект за унапредување на основното образование- Прекинување на циклусот на насилство: системска превенција на семејно насилство“, проект на МОН, реализиран од комора на психолози на РМ.

Користена е стручна литература и информации од значење за образованието и воспитувањето, интернет ресурци и примена на современи приоди во работата со ученици со попреченост. Размена на искуства со дефектолози, педагози, психолози на ниво на држава.

- **Соработка со Филозофски факултет**- Институт за специјална едукација и рехабилитеција во спроведување и реализирање на практични вежби.

**6.Аналитичко-истражувачка работа**

**Административна и документациска работа**

Беше водена редовна и ажурирана стручна документација за сите **34 ученици со попреченост**, вклучувајќи индивидуални досиеја, ИОП, модифицирани програми, записници и извештаи, во согласност со законските прописи и интерните акти на училиштето.

Преку разговори со предметните наставници, евидентни листи и статистички прегледи увид во постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава. Изготвување на Полугодишен извештај за

| |
|---|
| работата на училиштето, УИТ и ИТУ.<br>Евиденција на успех, редовност и поведение на учениците со попреченост и опфатеност по паралелки. |
| **7.Училишна структура, организација и клима** |
| Учество во изработката на Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето. Изготвена годишна програма за работа на дефектологот. Учество во изготвување програма за работа на училишниот инклузивен тим во својство на координатор. Координација на изработката на индивидуални образовни планови и модифицирани наставни програми за учениците со попреченост и учество во изготвување програма за работа на инклузивен тим за ученик. Учество во планирањето на неопходните методолошки адаптации при изведувањето на наставата за учениците со попреченост и поддршка на одговорните наставници на стручните активи, ученичките организации и слободните ученички активности при изготвување на годишните програми за работа. Изготвени планирања соодветни на индивидуалните карактеристики на учениците со попреченост и нивна успешна примена и следење и вреднување на наставниот процес-посета на часови во паралелки каде има ученик со попреченост. Следени се интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето преку разговори со ученици, наставници и родители. |
| **8.Педагошка евиденција и документација** |
| Во учебната 2025/2026 година, стручниот соработник – дефектолог, Велика Миленковска, професионално и одговорно работеше со **34 ученици со попреченост**, при што беа навремено евидентирани и реализирани промени во видот на образовната поддршка согласно потребите и напредокот на учениците. Преземените активности придонесоа за унапредување на инклузивната пракса и поквалитетна поддршка на учениците.<br>Изготвување на програма за сопствената работа, индивидуален план за работа.<br>Евиденција за соработка со ученици, наставници и родители- индивидуални и континуирано.<br>Водење дефектолошко досие за учениците со попреченост- индивидуални и континуирано |

**Стручен соработник- дефектолог: Велика Миленковска**

**Прилог бр. 18**

**Извештај за работа на директор и помошник директор**

Директорот е највисок раководен орган на училиштето кој е одговорен за целокупниот училишен живот. Една од основните задачи на директорот на училиштето е организирање и координирање на работењето на сите фактори и субјекти во училиштето.

- води грижа за материјалната положба во училиштето
- врши надзор врз административното,финансиско работење
- го застапува училиштето
- учествува во изработка на статистички извештаи, анализи од областа на дејноста
- ја координира работата на органите и организациите на училиштето во целина
- следење и анализа во работата на наставниците.

Директорот предметот и содржината на својата програма за работа глобално ја структуира во две основни групи на работа и тоа:

- административно организаторска и
- оперативна програма. Реализирани активности во текот на учебната година:

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за работата на директорот на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ за учебната 2025/2026 година**

1. Вовед

Овој годишен извештај ја опфаќа работата на директорот на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“, доц. д-р Горанчо Јакимов, во текот на учебната 2025/2026 година. Извештајот е изготвен во согласност со Годишната програма за работа на училиштето, Законот за основно образование и другите релевантни прописи, со цел да се прикаже целокупното функционирање, постигнатите резултати и насоките за понатамошен развој.

2. Раководење и организација на работата

Во текот на учебната година, директорот успешно ја организираше, координираше и контролираше целокупната работа на училиштето. Работата се одвиваше во согласност со одлуките на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и другите стручни органи. Беше обезбедено навремено и ефикасно донесување на одлуки, како и непречено функционирање на сите организациски структури.

3. Воспитно-образовен процес

Директорот континуирано го следеше и унапредуваше воспитно-образовниот процес. Обезбеди услови за редовно одвивање на наставата согласно наставните планови и програми, како и за навремено заменување на отсутен наставен кадар. Посебно внимание беше посветено на квалитетот на наставата и примена на современи методи.

4. Следење и унапредување на наставата

Преку посети на часови, анализа на педагошка документација и консултации со наставниот кадар, директорот вршеше континуирано следење на наставниот процес. Дадени се стручни насоки за подобрување на квалитетот на наставата, оценувањето и индивидуалниот пристап кон учениците.

5. Човечки ресурси и професионален развој

Посебно внимание беше посветено на управување со наставниот и ненаставниот кадар. Беше поттикната професионална соработка, тимска работа и стручно усовршување преку семинари, обуки и стручни советувања.

6. Работа со ученици
Во соработка со стручната служба и родителите, директорот учествуваше во решавање на воспитно-дисциплински прашања. Беше унапредена училишната клима, редовноста и дисциплината, како и поддршката на учениците со потешкотии во учењето и ранливи категории.

7. Соработка со родители и институции
Остварена е континуирана соработка со Советот на родители, локалната самоуправа, МОН и други институции. Соработката придонесе за подобрување на условите за работа и зајакнување на партнерските односи.

8. Административно и финансиско работење
Директорот обезбеди законито, транспарентно и одговорно управување со финансиските и административните процеси. Беа реализирани сите планирани активности поврзани со одржување и унапредување на училишната инфраструктура.

9. Развојни и проектни активности
Во текот на годината беа реализирани повеќе развојни и проектни активности насочени кон модернизација на наставата и подобрување на условите за работа. Училиштето успешно учествуваше и во нови проектни иницијативи.

10. Заклучок
Во учебната 2025/2026 година, директорот доц. д-р Горанчо Јакимов професионално и одговорно ја извршуваше својата функција, придонесувајќи за стабилно функционирање на училиштето и унапредување на воспитно-образовниот процес.

Директорот ја организираше и контролираше целокупната работа на училиштето која беше во согласност со законските прописи, насоките и одлуките на органите на управување. Успешно ја организираше работата на административно-техничкиот персонал за обезбедувањето на материјално финансиски и хигиенски услови за работа. Работеше на полето на прифаќање на нови проекти во училиштето и прифатените проекти ги образложуваше на состаноците на стручните тела и органи. Во текот на првото полугодие врз основа на сопствената Годишна програма за работа следен е наставниот процес, слободните ученички активности, додатната и дополнителната настава. Преку состаноците на стручните органи и тела ја следи и унапредува работата во училиштето, организирав стручно усовршување на воспитно образовниот кадар преку интерни и екстерни семинари и советувања, соработува со локалната средина преку индивидуални и групни средби, со Советот на родители, Училишниот одбор и институции кои се поврзани со воспитно образовниот процес. Како директор при реализацијата на програмата успешно соработува со стручната служба. Директорот на училиштето активно учествуваше и раководеше во изготвувањето на сите видови на планирања за успешно одвивање на учебната година. Вршеше контрола на планирањата на наставниците по сите наставни предмети и подрачја. Го контролираше водењето на педагошката евиденција и документација и даваше насоки и помош при отстранување на пропустите. Преку посета на наставните часови го следеше одвивањето на наставниот процес и преку консултациите со наставниот кадар даваше насоки за

подигање на квалитетот на истиот. Акцент во својата работа директорот посвети на реализација на проектите. Добрата работа на полето на додатната настава овозможи освојување на голем број награди на општинско и регионално ниво. Директорот обезбедуваше и создаваше услови за успешно реализирање на прифатените проекти во училиштето и беше заинтересиран за прифаќање на нови проекти. Ја следеше работата на стручните активи и се залагаше за нивно унапредување со воведување на нови форми на работа и контрола на реализирањето на програмираните задачи. На полето на стручното усовршување во планирањето, организацијата, следењето, вреднувањето и унапредувањето на наставата ги следеше со успех семинарите наменети за директори. За унапредување на воспитно образовната дејност успешно соработуваше со Бирото за развој на образованието, а посебно со одговорниот советник на училиштето. Соработката со структурите од безбедноста - со полициската станица - Кисела Вода и одговорните претставници е постојана и успешна, соработуваше со МОН, општина Кисела Вода, со училиштата на ниво на општината и пошироко, урбана заедница, актив на директори, Министерство за здравство- Центар за јавно здравје, Црвен крст и др.

**директор: доц.д-р Горанчо Јакимов**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за работата на помошник директор на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ за учебната 2025/2026 година**

1. Вовед
Овој извештај ја прикажува работата на заменик директорот м-р Сашо Јованоски во текот на учебната 2025/2026 година. Извештајот е изготвен врз основа на Годишната програма за работа и законските прописи за основно образование.

2. Планирање и организација на наставата
Заменик директорот активно учествуваше во планирањето, организацијата и координацијата на воспитно-образовниот процес. Беше вклучен во изработка на распоредот, распределба на кадарот и следење на редовноста на наставата.

3. Следење на наставниот процес
Преку посети на часови и анализа на документацијата, заменик директорот континуирано го следеше квалитетот на наставата. Дадени се насоки за примена на современи методи, ИКТ во наставата и подобрување на оценувањето.

4. Работа со наставен кадар
Заменик директорот оствари активна соработка со наставниците, стручните активи и наставничкиот совет. Беше поттикната тимска работа, професионален развој и учество во обуки и семинари.

5. Работа со ученици
Во соработка со стручната служба и родителите, заменик директорот учествуваше во решавање на воспитно-дисциплински прашања и поддршка на учениците со потешкотии во учењето.

6. Соработка со родители и заедница
Остварена е редовна комуникација со родители и локалната заедница со цел унапредување на воспитно-образовниот процес и подобрување на училишната клима.

7. Административни и организациски обврски
Заменик директорот ги извршуваше сите административни задачи поврзани со педагошка евиденција, извештаи, комисии и училишни тимови, како и активности поврзани со проекти.

8. Развојни активности
Активно учествуваше во развојни и проектни активности насочени кон модернизација на наставата и унапредување на условите за работа во училиштето.

9. Заклучок
Во текот на учебната 2025/2026 година, заменик директорот м-р Сашо Јованоски успешно и одговорно ги извршуваше своите работни задачи, придонесувајќи за квалитетно функционирање на училиштето.

**помошник директор: м-р Сашо Јованоски**

## 24. Заклучоци и согледувања за остварување на воспитно- образовниот процес

Врз основа на целокупната анализа на податоците од Годишниот извештај за работата на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ - Кисела Вода, Скопје за учебната 2025/2026 година, се констатира дека воспитно-образовниот процес се реализираше успешно, континуирано и во целост согласно Годишната програма за работа на училиштето, како и согласно насоките на БРО и МОН.

Наставниот процес се одвиваше редовно, организирано и квалитетно, со примена на современи наставни стратегии, дигитални технологии, интерактивни методи и диференциран пристап во наставата. Посебен акцент беше ставен на активната улога на ученикот во наставниот процес, развојот на критичко, логичко и креативно мислење, како и поттикнување на самостојност, истражувачки дух и практична примена на знаењата.

Во училиштето на крајот од учебната година беа опфатени вкупно **945 ученици**, кои постигнаа стабилни и високи образовни резултати. Средниот успех на учениците изнесува **4,83**, што претставува значаен индикатор за квалитетна и континуирана наставно-образовна работа, како и за високото ниво на ангажираност на наставниот кадар и учениците.

Во текот на учебната година сите ученици ја завршија годината со **примерно поведение**, што укажува на развиена воспитна компонента, позитивна училишна клима, меѓусебно почитување и успешна соработка меѓу учениците, наставниците и родителите.

Во училиштето беа реализирани бројни наставни, воннаставни, проектни, културни и спортски активности, кои значајно придонесоа за сеопфатен развој на учениците, јакнење на нивните компетенции, мотивација, тимска работа, креативност и чувство на одговорност.

Особено значајно место во воспитно-образовниот процес зазема **општествено-хуманитарната работа**, која беше реализирана со 36 наставни часа со ученици од VII одделение. Учениците, распределени во тематски групи (екологија/еко патрола, меѓуврсничко подучување и помош на постари лица), преку проектни активности имаа можност да развиваат хуманост, солидарност, емпатија, одговорност и активно граѓанско учество, како и практична примена на стекнатите знаења во реални ситуации.

Училиштето постигна и исклучително значајни резултати на натпревари на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво, со што дополнително се потврдува квалитетот на наставниот процес и посветеноста на наставниот кадар и учениците.

На **меѓународно ниво**, особено се издвојуваат резултатите на **HIPPO Contest во Италија**, каде учениците освоија **I и III место по англиски јазик**, што претставува значајна афирмација на училиштето на светско ниво. Дополнително, освоено е и **III место на меѓународен ликовен натпревар во Србија**, што ја потврдува креативноста и талентот на учениците.

На **државно ниво**, учениците постигнаа високи резултати на натпревари по македонски јазик и литература, како и значаен успех на **државниот натпревар по роботика (Lego-league)**, каде е освоено **I место**, заедно со повеќе награди, признанија и благодарници.

На **регионално ниво**, учениците остварија повеќе **I, II и III места на натпревари по математика, македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, биологија, природни науки, хемија, географија**, што укажува на континуирана и систематска подготовка, како и висок квалитет на наставата во повеќе наставни предмети.

Училиштето успешно учествуваше и во меѓународната студија **TIMSS** со ученици од IV одделение, со што беа добиени релевантни податоци за образовните постигнувања и се

овозможи споредба со меѓународни образовни системи, како и унапредување на наставните практики.

Во текот на годината значајни активности беа реализирани и во доменот на стручното усовршување на наставниот кадар преку обуки, семинари и работилници, како и преку активно учество во проекти од МИО, Еразмус+ програмата, еколошки иницијативи и хуманитарни акции во соработка со Црвен крст.

Особено значајна беше и континуираната работа на ученичкиот парламент, преку кој учениците активно учествуваа во донесување одлуки и унапредување на училишниот живот, со што се зајакна нивната демократска свест и одговорност.

Соработката со родителите беше континуирана, конструктивна и насочена кон заедничко унапредување на воспитно-образовниот процес, додека соработката со локалната заедница придонесе за дополнително јакнење на улогата на училиштето во поширокиот општествен контекст.

И покрај постигнатите значајни резултати, се укажува на потребата од понатамошно унапредување на дигиталните компетенции, зголемена примена на иновативни и современи наставни методи, како и континуирана мотивација на учениците за постигнување уште повисоки индивидуални и колективни резултати.

Како заклучок, може да се констатира дека воспитно - образовниот процес во ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ е реализиран на високо професионално ниво, со јасно изразени и мерливи резултати, успешна организација на сите сегменти од воспитно - образовната работа и значајна афирмација на училиштето на локално, национално и меѓународно ниво.

**Извештајот е подготвен од:**

Велика Миленковска- дефектолог
Ивана Велевска- психолог
Марина Н.Ристова- пред. наставник по англиски јазик
Одговорни наставници по подрачја и активи

**Заменик претседател на УО:**
**Дени Петковски**

_________________________

**Директор:**
**доц. д-р Горанчо Јакимов**

_________________________

**Јуни, 2026 год.**